


# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## 2016-2018

## МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „Г. Р. ДЕРЖАВИН“

Свети Николе,

2019

Содржина

1. Вовед ... 7
1.1 Опис на универзитетот ... 7
1.2 Цел на спроведување на самоевалуацијата ... 7
1.3 Комисија ... 8
1.3.1 Формирање и задача ... 8
1.3.2 Членови ... 9
1.4 Методологија ... 9
1.4.1 Кои информации се потребни? ... 9
1.4.2 Начин на собирање на информациите ... 10
1.4.3 Опис на прашалниците ... 10
1.4.4 Во какви услови се задаваат прашалниците ... 11
1.4.5 Кога се реализира самоевалуацијата? ... 12
1.4.6 Обработка на добиените податоци и толкување на резултатите ... 12
2. Мисија, визија, вредности, цели, стратегија и контрола ... 13
2.1 Мисија ... 13
2.2 Визија ... 14
2.3 Вредности ... 14
2.4 Цели ... 15
2.5 Стратегија ... 16
2.6 Контрола ... 17
3. За МСУ ... 20
3.1 Историјат ... 20
3.2 Моментална положба ... 22
3.3 Домашен терен ... 23
3.4 Меѓународна позиција и надворешна соработка ... 24

3.5 Примени награди ....33
3.6 Организациски дизајн и структура ....33
3.7 Вработени ....35
3.7.1 Наставно научен и соработнички кадар ....35
3.8 Администрација ....52
3.8.1 Инфо центар ....52
3.8.2 Служба за сметководство ....52
3.8.3 Центар за настани ....53
3.8.4 Бренд менаџмент ....54
3.8.5 Маркетинг ....54
3.8.6 Односи со јавноста ....56
3.8.7 Центар за кариера ....56
3.8.8 Центар за човечки ресурси ....56
3.8.9 Канцеларија за меѓународни односи ....57
3.8.10 Служба за студентски прашања ....58
3.8.11 Информатички центар ....63
3.8.12 Овластено лице за безбедност и заштита при работа ....71
3.8.13 Институт за култура ....72
3.8.14 Институт за инженерска економија ....79
3.8.15 Библиотека ....80
3.8.16 Издавачка куќа и печатница ....81
3.8.17 Книжарница ....82
3.8.18 Конференциски центар ....86
3.8.19 Студентско радио и фонотека ....86
3.8.20 Ресторан ....87
4. Просторни можности и материјално-технички услови на МСУ ....89
4.1 Амфитеатри и предавални ....91
4.2 Други простории за унапредување на образовниот, културниот и рекреативниот профил на студентите на МСУ ....93

4.3 Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма....... 94
5. Студиски програми ..... 96
5.1 Факултет за економија и организација на претприемништвото ..... 96
5.1.1 Втор циклус ..... 98
5.2 Факултет за психологија ..... 100
5.2.1 Прв циклус ..... 100
5.2.2 Втор циклус ..... 103
5.3 Факултет за информатика ..... 105
5.3.1 Прв циклус ..... 105
5.3.2 Втор циклус ..... 107
5.4 Факултет за безбедносно инженерство ..... 109
5.4.1 Прв циклус ..... 109
5.4.2 Втор циклус ..... 110
5.5 Факултет за правни науки ..... 112
5.5.1 Прв циклус ..... 112
7.4.2 Втор циклус ..... 114
6. Студенти ..... 116
6.1 Број на студенти ..... 116
6.1.1 Статистички податоци на запишани студенти за првпат на Универзитетот ..... 116
6.2 Преодност на студенти ..... 123
6.3 Број на издадени дипломи на универзитетот ..... 124
6.3.1 Прв циклус на студии ..... 124
6.3.2 Број на издадени дипломи на втор циклус на студии ..... 125
6.4 Мобилност и размена на студенти ..... 126
6.5 Стипендии ..... 128
6.6 Здружение на студенти ..... 132
6.7 Спортски активности ..... 133
6.7.1 Ракомет ..... 133

6.7.2 Футсал ........ 134

6.7.3 Параглајдерство ........ 135

6.7.4 Шах ........ 136

6.7.5 Куглање ........ 138

6.7.6 Одбојка ........ 139

6.8 Летни школи и фестивали ........ 139

6.9 Хуманитарни настани ........ 142

6.10 Култура ........ 144

6.10.1 Театарски клуб ........ 144

6.10.2 Клуб на читатели ........ 144

6.10.3 Клуб на оратори ........ 145

6.10.4 Музички групи и групи за модерни танци ........ 145

6.11 Студентски „Индекс“ во Битолски весник ........ 146

6.12 Центар за кариера ........ 147

6.12.1 Алумни клуб ........ 147

6.12.2 Практична настава ........ 148

6.12.3 Договори со институции ........ 150

6.12.4 Модел на менторство ........ 152

7. Научно-истражувачка работа и издавачка дејност ........ 157

7.1 Конференции ........ 158

7.1.1 Конференции во рамките на МСУ ........ 158

7.2 Обуки и гостувања ........ 167

7.3 Библиотека ........ 169

7.4 Издавачка дејност ........ 170

8. Финансирање ........ 173

8.1 Прв циклус ........ 175

8.2 Втор циклус ........ 176

9. Препораки и заклучоци ........ 178

# 1. Вовед

## 1.1 Опис на универзитетот

Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ е основан во 2004 година од страна на д-р Јордан Ѓорчев во Свети Николе. Во 2006 година универзитетот отвори дополнителен кампус во Битола. Во раните почетоци не беше класифициран како универзитет, бидејќи имаше само два факултети. Започна со Факултетот за економија и организација на претприемништвото, а две години подоцна, во 2006 година беше основан и Факултетот за психологија.

Патот на развој беше долг, но лидерите на оваа организација успеаја да создадат силен бренд во текот на годините. Оваа година универзитетот слави 15 години постоење. Во последните две години, со акредитација на нови насоки и вработување на поквалитетен академски и административен кадар, Универзитетот имаше брз раст.

Главната цел на оваа самоевалуација е да се соберат информации за универзитетот, потоа да се презентираат резултатите и подоцна да се сугерираат можни промени по најновите трендови во индустријата. Со користење на примарни и секундарни извори на информации сакаме да го претставиме Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во своето вистинско светло.

## 1.2 Цел на спроведување на самоевалуацијата

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование (Сл. Весник 82/2018), Комисијата за самоевалуација на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“на својата седница одржана на ден 02.11.2018 година, донесе одлука за спроведување на истражување и подготвување на извештај за самоевалуација на универзитетот.

На истата седница беше избрана комисија составена од седум членови (пет професори и двајца студенти) која доби обврска да ја спроведе самоевалуацијата согласно Законот за високо образование (сл. Весник 82/2018) и Статутот на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин”.

Извештајот се однесува за периодот од 01.09.2016 – 01.09.2018 година и е четврто истражување од ваков вид за МСУ преку кое треба да се добијат релевантни квантитативни и квалитативни податоци за целокупниот наставен процес. Истиот треба да послужи и како материјал за споредба со резултатите добиени од претходните самоевалуации, но и сите наредни самоевалуации.

## 1.3 Комисија

### 1.3.1 Формирање и задача

Комисијата беше задолжена по завршувањето на процесот и обработката на спроведените истражувања да изработи Извештај и истиот да го достави до Претседателот на Управниот одбор.

Комисијата за самоевалуација на МСУ и поткомисиите за самоевалуација на факултетите, евалуацијата ја вршат според условите утврдени со Статутот на МСУ и според Правилникот за евалуација на МСУ.

Комисијата за самоевалуација на МСУ ги анализира и ги оценува:

- реализацијата на студиските и предметните програми;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските и предметните програми;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиските програми и проодноста по учебни години;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на Универзитетот според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност;
- ја координира работата на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.

### 1.3.2 Членови

За членови на комисијата беа назначени:

1. проф. д-р Шеќеринка Ивановска – претседател
2. проф. д-р Александар Илиевски – член
3. проф. д-р Кети Несторовска Арсовска – член
4. доц. ф-р Јагода Митревска – член
5. доц. д-р Ѓорѓина Кимова - член
6. Адриано Панајотов – студент
7. Ивана Христовска - студент

## 1.4 Методологија

Во процесот на подготовка на оваа самоевалуација користевме и квантитативни и квалитативни истражувачки методи. Користени се прашалници од затворен тип за да соберат податоци од студентите и нивното мислење за административниот кадар, предавањата, предметите, раководството на универзитетот, со цел да се испита дали универзитетот е на добар пат според мислењето на студентите.

Исто така се користеше и структурирано набљудување со цел да се соберат податоци за секторите и хиерархијата во организацијата. Користевме структурирано интервју со лидерите на универзитетот и прашалници со кои беа опфатени 20 вработени, претежно на лидерски позиции во секторите на МСУ. Интервјуата опфатија теми поврзани со организациската структура, обуката и развојот, организациската култура, управувањето со иновациите, стилот на лидерство, менаџментот со таленти и мотивацијата на вработените.

Целта беше покривање на што е можно повеќе организациски полиња. Ги слушавме лидерите на овој универзитет, нејзините вработени и студенти, а подоцна ги комбиниравме податоците што ги добивме. Тие ќе бидат претставени на следните страници. Покрај тоа, и пишаниот и визуелниот материјал беа користени како основа за ова истражување, но и Статутот на самата високообразовна институција.

### 1.4.1 Кои информации се потребни?

Информациите кои се потребни за креирање на извештајот на самоевалуација се разновидни и тие треба да се обезбедат од разни сектори, како и од студентите од сите факултети. Секторите на универзитетот, како и студентите, во долг рок земаа учество во пополнување на прашалници.

### 1.4.2 Начин на собирање на информациите

Поради обемноста на материјалите, беа потребни повеќе од пет месеци на прибирање на информациите, нивна обработка, анализа и конечно, пишување на овој извештај.

За вработените во универзитетот користевме структурирано интервју, со однапред зададени прашања. На моменти, исто така се користеа и неструктурирани интервјуа, почесто кога вработените имаа да споделат многу информации повеќе за секторот одошто комисијата имаше предвидено да вклучи во самоевалуацијата.

Универзитетот собира податоци од студентите со прашалници на крајот од семестарот. Подоцна ги анализира и знае кои професори ги извршуваат најдобро и кои не ги исполниле потребните или посакуваните резултати. Така, за цел на ова истражување беа земени само резултатите од анкетите од мај и јуни 2018 година. Овие анкети редовно се спроведуваат, што беше олеснителна околност за комисијата, чија задача беше само да ги обработи пополнетите прашалници. Според анкетните листови, професорите ретко добиваат негативни повратни информации од студентите. Позитивното студентско искуство е една од целите на универзитетот.

Исто така, на платформата за Е-учење имаше поставено анкетни прашалници, на кои студентите во секое време можеше да одговараат во текот на студирањето. За подготовка на овој извештај се земени само одговорите од мај до септември 2018.

### 1.4.3 Опис на прашалниците

Прашалниците кои беа подготвени од страна на комисијата беа поделени во неколку категории. Најважно е да се спомене дека сите прашалници имаа за цел да добијат одговори на прашања кои се стриктно поврзани со секторите со кои студентите имаат директен контакт во текот на студирањето.

На пример, со прашалниците беа опфатени:

- Професорите и начинот на предавање
- Дигиталните платформи кои ги користат студентите

- Менторите
- Службата за студентски прашања
- Библиотеката
- Книжарницата

Преку сите поставени прашања комисијата се обиде да создаде слика за тоа како студентите го перцепираат МСУ и неговите единици. Прашалниците беа од затворен тип, бидејќи станувaше за голема бројка на испитаници. Прашањата од отворен тип би обезбедиле поквалитетна претстава за мислењата на студентите за МСУ, но тоа би било многу долго истражување, чија анализа би одземала повеќе време од што комисијата имаше на располагање.

Од друга страна, од менаџментот на универзитетот информациите се собираа преку набљудување, но исто така преку структурирани интервјуа, кои помогнаа да се добие генерална претстава за улогата на сите сектори во универзитетот и внатрешната организација.

За разлика од претходните самоевалуации, во оваа беа направени значително поголеми напори за да се обезбедат потребните информации. Како комисија, задоволни сме од соработката на секторите и студентите при ова истражување и сметаме дека информациите и резултатите до кои дојдовме во најголема мера се веродостојни и ја рефлектираат вистинската слика за МСУ.

### 1.4.4 Во какви услови се задаваат прашалниците

Еден дел од прашалниците беа зададени на крајот на академската година (мај 2018) со цел да се обезбедат информации од студентите додека нивните импресии од професорите и предметите се свежи. Прашалниците кои беа зададени во печатена форма се оние што требаше да соберат информации и мислења на студентите за секој предмет одделно, но и за професорот кој им предавал.

Остатокот од прашалниците беа зададени електронски, на Е-учење, каде студентите кои сакаат да го изразат своето мислење во врска со определени теми, можат да пополнат прашалници. Студентите ги пополнуваа на доброволна база. Со овие прашалници во текот на неколку месеци се собраа релевантни податоци за мислењата на студентите за повеќе сектори на МСУ.

Понатаму, интервјуата со вработените претежно беа спроведувани во рамки на работното време, што беше навистина тешко да се изведе поради големиот број на

обврски. Информациите од интервјуата се прибираа во текот на месец септември, кога вработените имаа помалку работни обврски.

### 1.4.5 Кога се реализира самоевалуацијата?

Одлуката за спроведување на самоевалуацијата беше донесена на 02.11.2018, а анкетите кои беа земени предвид се дел од редовното анкетирање на студентите и беа спроведени на сите единици на МСУ во периодот од мај до септември 2018 година. Некои од прашалниците беа зададени во мај и јуни 2018, со цел студентите да го изразат своето мислење за изминатата година, додека пак електронските податоци се собираа од мај 2018 до септември 2018. Комисијата беше задолжена да ги обработи податоците и да го достави и објави извештајот за самоевалуација најдоцна до 15 февруари 2019.

### 1.4.6 Обработка на добиените податоци и толкување на резултатите

Станува збор за обемни материјали, многу прашалници, и олеснителна околност беше фактот што најголем број од анкетите беа спроведени електронски. Со новите дигитални платформи на МСУ голем дел од информациите се веднаш достапни и во овој дел обработката на податоците течеше побрзо.

Резултатите од печатените анкети се обработуваа подолго време бидејќи станува збор за многу обемна документација. Поради големиот обем и да се намали веројатноста за грешки во внесувањето на податоците, овие резултати се обработуваа во текот на летните месеци, кога на универзитетот нема предавања. Обработката на податоците одзеде нешто повеќе од еден месец.

Резултатите од спроведените анкети и интервјуа се презентирани за секој сектор посебно.

# 2. Мисија, визија, вредности, цели, стратегија и контрола

## 2.1 Мисија

**Мисијата на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ е да биде регионален центар на значајни академски и културни случувања, претставувајќи академска средина која нуди квалитетно и достапно за сите високо образование, во процес на пријатно, фер и транспарентно студирање кое обединува идеи од сите краеви на светот.**

Соодветно на тоа, нашиот универзитет:

- Е регионален центар на значајни академски и културни случувања
- Е академска средина која нуди квалитетно и достапно за сите високо образование,
- Се залага за процес на пријатно, фер и транспарентно студирање,
- Се залага за оригинален модел на студирање со активно менторство кој обединува идеи од сите краеви на светот
- Е средина каде културата, слободното изразување и креативноста се негуваат
- Се залага да инспирира промени, истражувања и иновации
- Општествено одговорна институција која се стреми да обезбеди еднакви услови за сите

Понатаму, дел од мисијата на МСУ „Г. Р. Державин“ е да понуди квалитетно образование и научна дејност преку современа наставна програма кое ќе допринесува кон создавање на образовни кадри кои ќе бидат надградени со знаења, способности и компетентности соодветни на потребите на домашниот и глобалниот пазар на трудот.

МСУ се стреми да создаде мост на дијалог помеѓу културите и знаењата од истокот и западот со цел воспоставување на високи академски стандарди во наставно-научната дејност, воведување на квалитет во наставата и работата преку поврзување на теоријата со практиката, а во чекор со економијата на знаењето.

## 2.2 Визија

**Нашиот универзитет да стане крстосница каде ќе се обединуваат и споделуваат знаењата од истокот и западот, со цел да воспостави универзални академски стандарди, да понуди квалитетно образование и научна дејност преку современа наставна програма за кадри кои се подготвени за глобалниот пазар на трудот.**

Визијата на МСУ е да даде придонес во развојот на општествениот, културниот и економскиот потенцијал и преку модерна образовна научна инфраструктура да создаде препознатлив бренд во образованието на Република Северна Македонија.

Со издавање на научни и стручни дела МСУ од една страна се стреми да ја потикне мотивацијата, оригиналноста и креативноста на наставниот кадар а од друга пак, да им понуди на студентите современи образовно квалитетни дела, помагала со ссодржини кои се во тренд со тенденциите на образовниот европски и светски простор.

МСУ дава посебен белег на организирање на меѓународни конференции, трибини, тркалезни маси, панел дискусии на кои земаат учество домашни и странски признати научни работници, експерти, студенти со цел размена на искуства, знаење и умеење, примена на современи научни технологии а во насока на проширување на веќе стекнатите склучени договори за соработка со повеќе научни институции, размена и мобилност на студенти, академскиот кадар и поттик за зголемување на развојот на искуства и знаења во сферата на образованието, науката и технологијата.

## 2.3 Вредности

Како високообразовна институција која работи во два региони во Република Северна Македонија, нашите вредности се силно поврзани со создавање на услови за подобар развој на регионите во кои работиме, гледано од аспект на образование и култура. Ние се обврзуваме да ги следиме, почитуваме и промовираме следниве вредности:

- **Креативност и иновативност** – поттикнуваме, поддржуваме и охрабруваме развој на нови идеи, создавајќи средина со можности за раст и развој на сите.

- **Инклузија** – ние ги почитуваме разликите и овозможуваме услови за создавање на пристапна академска средина која пружа шанса за подобрување и усовршување на секој поединец.
- **Константно подобрување** – градиме подобро утре и се стремиме за подобри услови, подобри можности за сите преку иновации во процесот на едукација и истражување.
- **Отвореност** – отворени сме кон прифаќање на нови идеи, и се стремиме кон создавање на универзална платформа за споделување, презентирање, размена и промоција на погледи, ставови, размислувања и идеи.
- **Интегритет** – сакаме во процесот на студирање да се негуваат искреноста, посветеноста и транспарентноста

## 2.4 Цели

Нашите цели се силно поврзани со овозможување на позитивни искуства на студентите,

**Позитивни студентски искуства** – задоволството од процесот на студирање е наш најголем приоритет. Сакаме преку нашиот модел на студирање за нашите студенти да овозможиме позитивни искуства.

**Средина која инспирира учење преку искуство** – со овозможување на широк спектар на искуства и практични задачи во текот на студирањето се стремиме на нашите студенти да им овозможиме средина во која ќе можат да ги усовршат посакуваните вештини во и вон академскиот процес.

**Размени на знаења и идеи** – како дел од нашата визија, сакаме да ги обединиме идеите, знаењата и културите од истокот и западот, со цел да создадеме уникатна академска средина која учи од сите, но и овозможува споделување и размена на знаења и идеи на сите нивоа.

**Реални и виртуелни кампуси** – да создадеме современи кампуси кои овозможуваат учење без ограничување не само во училниците, но и надвор, преку дигитални платформи.

**Национални и интернационални успеси** – како универзитет кој работи во два региони, би сакале да станеме институција која е позната по достигнувања од национално и интернационално значење.

**Зајакнување на универзитетскиот дух** - преку разни активности да создадеме чувство на припадност и гордост кај студентите (спортски настани, научни и стручни натпревари, студентски клубови, летни школи, можности за практична настава во универзитетот).

## 2.5 Стратегија

Стратегијата на МСУ 2025 е генерално насочена кон исполнување на условите и овозможување на визијата на основачот да стане реалност преку реализација на целите и истовремено држејќи се до вредностите кои се поставени како основа на оваа високообразовна институција.

Универзитетот има поставено амбициозни цели за раст и развој. Целите можеби се слични со оние на други универзитети, но сепак, разликата е во самиот начин на кој би се постигнале.

Преку организација на меѓународни научни конференции кои промовираат дијалог помеѓу културите и западот планираме да оствариме еден дел од нашата визија – а тоа е да бидеме мост помеѓу културите. Во моментов, универзитетот напорно работи за реализација на овој дел, но во иднина е предвидено дијалогот да обедини уште повеќе нации и култури, со цел уште поголема размена на идеи. Универзитетот смета дека е важно да се слушнат мислењата на повеќе страни, со цел воспоставување на универзални академски стандарди, кои би биле карактеристични и би помогнале да се создаде уникатен модел на студирање.

Во однос на квалитетното образование, универзитетот планира да одвои уште повеќе средства за модернизација и опремување на постоечките, но и на нови лаборатории и кабинети. Двата кампуси имаа комплетно реновирање во тек на последните години, но најмногу во 2018 година. Соодветно на тоа, универзитетот планира да постави нови интерактивни содржини, преку кои студентите би можеле да го продолжат своето учење и вон наставата. На пример, обезбедување на соодветна креативна просторија, наречена МСУ Реализатор, каде студентите би имале пристап до разна опрема (музички инструменти, компјутери, роботи, театарски реквизити,

фотографска опрема итн.) , со цел да можат да креираат, творат, а со тоа да ги реализираат нивните идеи во текот на студирањето. На почетокот МСУ Реализатор ќе се отвори во Битола, а по тест периодот, се планира да продолжи и во Свети Николе. Според тоа како би се движеле работите, МСУ Реализатор би се збогатувал со уште повеќе опрема од повеќе области.

Исто така, универзитетот континуирано инвестира во дигитални платформи, кои им овозможуваат на студентите пристап до сите аспекти од студирањето за релативно кратко време. Дигиталните платформи исто така би се надополниле со уште повеќе предавања, онлајн работилници, вебинари, можности за директна видео комуникација студент-професор, можност за следење на наставата со помош на опрема за виртуелна реалност, со цел остварување и достигнување на повисоки академски успеси за пократок временски период.

Градењето на универзитетскиот дух е исто така важен дел од работата на универзитетот, кој планира да продолжи да инвестира во спортски тимови и натпревари. Во иднина, универзитетот исто така ќе се залага за јакнење на универзитерскиот дух преку давање материјална и морална поддршка за основање на нови клубови во рамките на универзитетот (јавачки клуб, клуб на маркетери, клуб за роботика и вештачка интелигенција Роботофф и сл.). Како млад универзитет, клучно е МСУ да го покрие овој дел за да може да продолжи да се развива во универзитет со богата култура, историја и традиција кој инвестира во општеството и во интересите на своите студенти.

## 2.6 Контрола

Планирано е контролата на универзитетот да се врши преку бенчмаркинг – односно со следење на трендовите на универзитетите на глобално, но и на локално ниво и споредување со моменталните активности на универзитетот. Сметаме дека ова е најважниот дел од контролата, бидејќи следењето на глобалните и локалните трендови ќе му овозможи на универзитетот брзо прилагодување, како и можност за предвидување на можни идни трендови и активности на локално и глобално ниво. Образованието и моделите на образование во последните години претрпеа многу измени и со новите технологии ќе се овозможи универзитетите да имплементираат нови системи за следење на успехот на студентите, како и да им понудат повеќе можности на студентите за учење и пристапност од сите краеви во светот.

Со бенчмаркингот нашиот универзитет ќе има информации за тоа до кој степен стандардите кои ги има поставено и зацртано се слични или различни со оние на другите универзитети. Исто така, ќе се добијат информации какви се перформансите на универзитетот во споредба со другите универзитети од регионот или светот. Уште една функција која би можела да биде да се додаде е испитување на можноста за имплементација на добрите практики и примери од други универзитети на соодветните позиции во универзитетот.

Добрите практики што се применуваат во светот и што произлегуваат од новата технологија мора будно да се следат, бидејќи само така универзитетот би можел да понуди константно подобрување на условите за учење и истражување. Заостанувањето зад трендовите би било штетно и би го оневозможило континуираниот раст на универзитетот. МСУ ќе се фокусира на квалитативниот бенчмаркинг, со цел да ги примени системите и процесите кои даваат квалитетни резултати. Примената на добрите практики од другите универзитети, но и отвореноста на МСУ кон иновации во образовниот процес ќе допринесат универзитетот да дојде чекор поблизу до реализација на целите и визијата кои се однапред дефинирани.

Секако, првиот чекор во контролата би бил осигурување дека институцијата ги исполнува сите законски пропишани правила. Соодветно на тоа, предвидено е формирање на Комисија за правни работи, која би се занимавала со испитување на нивото до кое универзитетот ги има имплементирано најновите законски измени.

Понатаму, и овој извештај за самоевалуација претставува еден дел од контролата која универзитетот ја спроведува на ниво на сите единици. Со самоевалуацијата и прибирањето на информациите може да се процени времето на реакција на службите и секторите внатре во универзитетот и неговите единици, можноста да се обезбедат прецизни информации и да се обединат на едно место. Спроведувањето на самоевалуацијата и степенот на успех при нејзината подготовка може многу да каже за подготвеноста на секторите и за внатрешната организација на универзитетот.

Со новата стратегија МСУ 2025, предвидено е универзитетот да воведе и индикатори на успех, според кои би се оценувала работата на универзитетот. Индикаторите би се споредувале со целите на МСУ 2025, кои би биле изразени во броеви, вклучувајќи број на спроведени истражувања, остварувања на меѓународни проекти, остварени цели од одржливост, подобрување на репутацијата, број на студенти, членови во алумни клубови итн.

Контролата исто така ќе се спроведува и преку годишни извештаи за работата на факултетите подготвени од деканите.

# 3. За МСУ

## 3.1 Историјат

Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" - Свети Николе - Битола (МСУ), започна со работа во 2004 година во Свети Николе како претставник на Меѓународен Славјански Институт - Москва од Руската Федерација на територијата на Република Северна Македонија со начинот на дописно - вонредно студирање. Од самиот почеток заклучно до 2008 година, под име „Меѓународен Славјански Институт" во Р. Северна Македонија работеше под акредитација на Министерството за образование на Руската Федерација и Решение од Владата на Р. Северна Македонија за работа како странска високообразовна институција (Решение бр. 12-8157/1 од 20.07.2005).

Со отпочнувањето со работа во 2004 година, започна да функционира Факултетот за економика и организација на претприемништвото со насока Менаџмент на организација. Наредната, 2005 година, покрај Факултетот за економика и организација на претприемништвото започна со работа и Факултетот за психологија со насоката Општа психологија.

Со оглед на зголемениот интерес на студирање на територијата на Република Северна Македонија, во 2006 година, универзитетот, својата работа ја прошири со отварањето на кампусот во Битола и проширувањето на студиските подрачја со воведување на уште една насока на Факултетот за економика и организација на претприемништвото, односно насоката Финансии и кредит.

Во 2008 година согласно измените на Законот за високото образование и имплементацијата на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) се извршени усогласувања на наставните програми согласно Болоњската декларација и се здобија со акредитација Факултетот за економика и организација на претприемништвото и Факултетот за психологија од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Истата година институцијата се ребрендираше во Меѓународен Славјански Институт „Г. Р. Државин" – Свети Николе.

Во 2011 година акредитиран е Факултетот за информатика со две студиски програми (Софтверски технологии и Компјутерски системи и мрежи). Истата година

акредитирани се и две студиски програми на втор циклус на студии на Факултетот за економика и организација на претприемништвото (Маркетинг менаџмент и Менаџмент со човечки ресурси во мали и средни претпријатија) и две студиски програми на Факултетот за психологија (Клиничка и советодавна психологија и Психологија во социјалната заштита).

Во 2012 година акредитиран е Факултетот за безбедносно инженерство со 6 студиски програми од прв и втор циклус на студии, како прв и единствен факултет во Р. Северна Македонија од овој вид. На прв циклус на студии се акредитирани насоките Безбедност при работа и Безбедност од пожар, а истите насоки - Безбедност при работа и Безбедност од пожар - се акредитирани и за специјалистички и магистерски студии. Овој факултет има свое годишно научно списание.

Во 2013 година институцијата се трансформира во универзитет и го добива името Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ - Свети Николе - Битола.

Во 2014 година добиена е акредитација за Факултетот за правни науки, прв циклус на студии.

Во 2016 година Факултетот за информатика при овој универзитет доби акредитации за две насоки на втор циклус на студии: Софтверски технологии и Компјутерски системи и мрежи.

Во 2017 година беа добиени акредитации за пет насоки на втор циклус (последипломски студии) на Факултетот за правни науки:

- Административно право и јавна администрација;
- Граѓанско право;
- Казнено право;
- Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија и
- Финансии и деловно право

Денес Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" - Свети Николе - Битола работи со пет акредитирани факултети и два институти „Институт за култура и уметност“ и „Институт за инженерска економија“ со одделение во Свети Николе каде што е и дирекцијата и дисперзираното одделение кое се наоѓа во Битола.

## 3.2 Моментална положба

Електронските системи на универзитетот овозможуваат брза достапност на информациите за студентите и за јавноста. Токму поради тие причини, универзитетот е рангиран многу високо според активностите на веб страницата и активностите на социјалните мрежи. Високото рангирање на универзитетот

Комисијата одлучи да ја спроведе SWOT анализата на дејноста на универзитетот гледано како целина. На овој начин ќе се помогне на МСУ да се фокусира на силните страни, да го намали влијанието на слабостите, и преку искористување на можностите да ги елеминира заканите.

| | **Помага** за остварување на целите | **Штетно** за остварување на целите |
|---|---|---|
| | ***S*** | ***W*** |
| **Интерни фактори** карактеристики на МСУ | *Strengths- Силни страни*<br>1. Добро развиени дигитални платформи за студентите и вработените<br>2. продуктивна меѓународна соработка<br>3. мобилност и размена на студенти<br>4. висок степен на ангажираност на студентите во спортски и културни настани<br>5. пристапно образование за сите<br>6. работно ангажирање на сопствени студенти<br>7. лојални вработени | *Weaknesses- Слабости*<br>1. Единствен извор на финансирање е школарината<br>2. Мал број на студиски програми<br>3. Намален број на студенти кои присуствуваат на предавање<br>4. Некористење на средства од европските фондови за подобрување на наставниот процес |
| | ***O*** | ***T*** |
| **Екстерни фактори** карактеристики на околината | *Opportunities - Можности*<br>1. Учество во меѓународни проекти<br>2. Договори со универзитети од други земји со цел размена на искуства<br>3. Можности за отварање на нови студиски програми<br>4. Можности за доквалификување на постоечкиот академски и административен кадар | *Threats- Закани*<br>1. Единствен извор на финансирање е школарината<br>2. Брзи промени во Законот за високо образование<br>3. Намален број на матуранти на ниво на државата<br>4. Давање голема предност на државните универзитети пред приватните<br>5. Неповолни услови, комплексни постапки и преголема документација за студенти од странство |

## 3.3 Домашен терен

Во поглед на домашниот терен, нашите кампуси дејствуваат како регионални центри во Свети Николе и Битола. Уникатната местоположба овозможува упис, односно, привлекува студенти кои живеат во регионите каде кампусите работат.

Како институција, МСУ се грижи за луѓето и нивните лични интереси, и преку многубројните настани се обидува да обезбеди квалитетно образование и разновидни методи за учење, со цел подобрување на квалитетот на животот на луѓето што живеат во засегнатите региони.

Со поддршка на локални уметници, писатели и поети, музичари, спортисти, МСУ се обидува да даде до знаење дека без разлика што луѓето живеат и работат надвор од големите градови, сепак нивниот талент може да биде забележан и промовиран и пред публиката. Иако и МСУ е универзитет кој работи во релативно мали градови во светски рамки, овој универзитет како институција не дозволува да биде изолирана од актуелните случувања и секогаш тежнее да биде во чекор со светските трендови.

Дополнително, на домашен терен МСУ се обидува пред се, да се истакне и позиционира како општествено одговорна институција која се грижи за талентите на луѓето и им помага да ги развијат. Соодветно на тоа, луѓето ја разбираат искреноста на МСУ и на еден или друг начин се обидуваат да се вклучат во работата на универзитетот, дали како студенти, волонтери или пак учесници во настаните.

Менаџментот на универзитетот е генерално задоволен од имиџот кој универзитетот го ужива кај локалното население, бидејќи важи за институција која е секогаш подготвена да помогне, на начин на кој условите тоа го дозволуваат.

Резултатите од истражувањата спроведени преку дигиталните платформи за рангирање на веб страниците според сообраќајот покажуваат дека МСУ се наоѓа на четвртото место од сите универзитети во Северна Македонија, веднаш после УКИМ, УГД и УКЛО. Овие резултати може да се проверат на alexa.com, каде се рангирани сите веб страници во светот. Глобалниот ранг на МСУ е околу 700.000, додека рангот во Северна Македонија е 1.101, во моментот на изготвување на самоевалуацијата. Овие позиции варираат на дневно ниво, но на долг рок, МСУ се искачи за 15.000.000 позиции во последните 5 години.

Исто така, МСУ доминира и на социјалните мрежи. Според www.socialbakers.com. МСУ се наоѓа на првото место во Северна Македонија во областа Education

(образование) и на десеттото во областа Society, каде не е влезен ниту еден друг универзитет од земјата. МСУ се наоѓаше и на петтото мето како најбрзорастечна Facebook фан страница во Северна Македонија во последниот месец.

Во последните години менаџментот работеше напорно за МСУ да биде застапен на што е можно повеќе дигитални платформи, па во моментов како резултат на направените напори МСУ исто така е присутен и на веб страници како:

- Webometrics - http://www.webometrics.info/en/Europe/Macedonia
- Master Studies - https://www.masterstudies.com/Macedonia/
- Edarabia - https://www.edarabia.com/international-slavic-univerity-g-r-derzhavin-sveti-nikole-macedonia/
- Study Advisor - https://study-advisor.org/institution/5195

Зголеменото присуство на МСУ на водечки светски страници за студирање овозможува универзитетот да продолжи да се развива и надвор од домашниот терен. Високото рангирање на страниците на МСУ е резултат на зголемениот број на студенти, но исто така, е резултат на големиот број на организирани настани кои привлекуваат публика и од регионите во кои МСУ дејствува, но и надвор од Р. Северна Македонија.

Многубројните настани од различни категории и големата ангажираност на студентите во настаните на универзитетот придонесоа за брз раст на универзитетот. Високите позиции на дигиталните платформи претставуваат добра основа за понатамошен раст и развој на универзитетот, осигурувајќи му имиџ како институција која е во чекор со технологијата и иновациите во дигиталните платформи.

## 3.4 Меѓународна позиција и надворешна соработка

Создадениот имиџ на универзитетот овозможи потпишување повеќе договори за соработка со бројни компании вклучени во бизнисот во Република Северна Македонија, но и надвор, нудејќи им на нашите студенти можност за усовршување на своите работни вештини и професионално вклучување во бизнисот.

Потпишани се договори и за наставна, научна и истражувачка работа со многу универзитети од различни земји. Наш стратешки партнер е Тамбовскиот државен универзитет од градот Тамбов, Русија, со кого го носиме и истото име – „Гаврило Романович Державин“. Низ годините нашите меѓународни врски ги продлабочувавме

преку реализацијата на бројни проекти, студентски размени, конференции, работилници, обуки, семинари. Од 2018 година МСУ влезе во фамилијата универзитети кои работат со Еразмус+ програмата, и со тоа се отворија нови можности и перспективи за нашите студенти.

**МСУ и Европските програми**

Стратегијата на Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р.Державин", во врска со целите и приоритетите за активностите на Еразмус+ во контекст на Програмата за доживотно учење се содржани во неговата мисија. Имено, Универзитетот е посветен на создавање знаење и наука, како и создавање и негување на културните општествени вредности. Универзитетот, во својата посветеност да обезбеди квалитетно образование на млади професионалци, квалификувани и силно обучени, ги подготвува да бидат целосно конкурентни на националните и меѓународните пазари на трудот. Во оваа област, целите се однесуваат на активности во рамките на додипломски и постдипломски студии (прв и втор циклус), истражување и обука, развој на компетентност, во обезбедување квалитет и соработка со надворешните партнери на Универзитетот.

Во рамките на активностите за приближување кон Европската високообразовна област, Универзитетот ја спроведува својата специфична политика за отвореност за нови партнерства, особено со универзитетите од ЕУ, со цел побрзо спроведување на приоритетите на Акциониот план на Стратегијата за меѓународна соработка.

На 30 април 2018, во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Свети Николе беше потпишан договор за соработка со Економскиот факултет од Универзитетот во Љубљана (Словенија) за заедничко спроведување на програмата за последипломски студии Бизнис и организација во Северна Македонија, која беше прогласена помеѓу најдобрите 100 во светот од Financial Times.

Исто така, со Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Бугарија беше потпишан билатерален договор за отпочнување на докторските студии во Северна Македонија. Со тоа, почнувајќи од 2018 година, 57 програми за докторски студии од различни области станаа достапни за студентите од Северна Македонија, токму на МСУ во Свети Николе.

Меѓународниот Славјански Универзитет има цврста административна структура составена од официјално одговорни луѓе меѓу професорите со помош на волонтери од редот на студентите. На врвот на организационата структура е Ректорот на

Универзитетот, кој е задолжен за потпишување на билатералните договори. Раководителот на Канцеларијата за меѓународни односи е главниот координатор на Еразмус+ програмата, кој со помош на волонтери работи во Канцеларијата за меѓународни односи. Раководителот на канцеларијата за меѓународни односи има одговорност да ги координира Еразмус координаторите на секој факултет поединечно избрани од редот на професорите. Овие професори, заедно со координаторот на ЕКТС, се одговорни за примарна селекција на кандидати.

Во контекст на ова, следствено е дека нашата најважна цел се студентите, бидејќи инвестираме во нивната иднина, со цел да создадеме интелектуалци опремени со теоретски, но и практични вештини кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот во Европа. Нашите студенти, заедно со студентите од нашите партнерски универзитети, работат на заеднички проекти кои ги завршуваат во текот на академската година. Голем број активности на студентите секоја година се зголемуваат и тоа во квантитет и квалитет. Исклучително важно е да се спомене дека Меѓународен Славјански Унвиерзитет е институција која иницијативите на студентите лесно ги прифаќа и реализира, а тоа е со цел подобрување на квалитетот на нивната теоретска но и практична настава. Студентите се многу важни, но не помалку важен е наставниот кадар и тие претставуваат најголеми мотиватори и поддржувачи на активностите на студентите.

Меѓународниот Славјански Универзитет е дел од зголемената мрежа на меѓународните академски заедници во градењето на нови форми на креативна соработка во согласност со глобалните научни, технолошки и образовни иновации.

Со учеството во програмата Еразмус, Универзитетот ќе придонесе за реализација на целите на програмата: да се создаде европска област на високото образование и да се поттикне иновацијата низ цела Европа, како и да се придонесе кон целта на неколку милиони индивидуални Еразмус учесници во студентската мобилност.

Исто така, учеството во програмата Еразмус му овозможува на Меѓународниот Славјански Универзитет да го подобри квалитетот и да го зголеми обемот на соработка со многу други европски високообразовни институции. Бидејќи универзитетот го воспостави и имплементира Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), учеството во Еразмус програмата за мобилност придонесува за зголемување на квалитетот и компатибилноста на студиските програми, како и зголемување на степенот на транспарентност помеѓу квалификации стекнати во Европа. Исто така, учеството во програмата Еразмус придонесува за развој на методи кои се засноваат на најдобрите

практики и трансфер на иновативни решенија во областа на образованието, кои, од друга страна, ќе имаат директно влијание врз идната вработливост на дипломираните студенти.

Универзитетот веќе има склучено голем број на меѓууниверзитетски Еразмус договори меѓу кои се голем број на универзитети од Бугарија, Полска, Романија, Турција, Италија, Босна и Херцеговина, Чешка, Србија, Португалија, Шпанија, Украина, Хрватска, Малта, Франција па дури и Алжир. Од оние партнери со кои веќе ја продлабочуваме соработката се Универзитетот од Малта, Универзитетот од Лорен – Франција, Универзитетите од Оломоук, Масарик универзитетот и Палачки универзитет – Чешка, Универзитетот од Евора – Португалија, Политехнички универзитет од Браганца – Португалија, Универзитетот од Мадрид – Шпанија, Универзитетот од Фоџа – Италија.

**МСУ и соработката со Универзитетите од Руската Федерација**

Во согласност со мисијата и визијата на универзитетот, кои предвидуваат обединување на знаењата и културите од истокот и западот, МСУ е и официјален руски партнерски универзитет.

Славјански повеќе од 12 години го негува пријателството со партнерот од Русија – Тамбовскиот државен универзитет „Г. Р. Државин". На нашиот Универзитет за студентите од Факултетот за економија и организација на претприемништвото и Факултетот за психологија нудиме можност за стекнување со двојна диплома, од кои едната е македонска, издадена од ПВУ МСУ „Г. Р. Државин" – Северна Македонија, а другата руска, издадена од Државниот Тамбовски Универзитет – „Г. Р. Државин" – Тамбов, Русија.

Во оваа соработка не се интегрираат само универзитетите, туку се испреплетуваат и личните судбини на луѓето – професори и студенти. За овие десет години се изгради плодотворна наставна и научна соработка меѓу македонските и руските колеги. Тоа е најважниот индикатор на ефективноста и искреноста на нашите односи.

Во рамки на редовната професорска размена, во Северна Македонија гостуваа професори од Русија по руски јазик и програмирање. Професорите беа вклучени во процесот на настава, а дополнително организираа бесплатни курсеви по руски јазик за нашите студенти.

Секоја година се одржуваат барем по две студентски размени, кога студенти од Северна Македонија гостуваат во Русија и руски студенти ја посетуваат нашата земја.

Македонските студенти заминуваат на студентска размена во месец октомври, додека руските студенти доаѓаат во Северна Македонија во месец април.

Во април секоја година се одржува меѓународната научна конференција „Меѓународен дијалог: ИСТОК-ЗАПАД“, која е заеднички организирана од МСУ и Тамбовскиот универзитет на која учество земаат истакнати научни работници од универзитети во САД, Северна Македонија, Русија, Бугарија, Србија, Босна, Албанија, Косово итн.

Тамбовските археолози учествуваа во археолошки ископувања на територијата на Северна Македонија, поконкретно на локалитетот Билазора. Соработката се продлабочи преку работата и дружбата на македонски и руски историчари и археолози. Остварените контакти меѓу нив остануваат да сведочат за значењето на меѓународните односи не само на професионален, туку и на приватен план.

Главното тежиште во образовниот процес ќе го концентрираме на проширување на паралелните и заедничките образовни програми со издавање на двојни дипломи. Ќе ги прошириме заедничките проекти на студентска и професорска размена. Таму каде што е можно, ќе ги вклучиме професорите од двата универзитети во настаните од локално значење.

Освен Тамбовскиот универзитет, МСУ соработува и со други универзитети од Руската Федерација. Како едно од поголемите партнерства се подготвува да биде и партнерството со Липецкиот државен педагошки универзитет од Руската Федерација, а соработката ќе се одвива преку размена на студенти и кадри од Факултетите за информатика на двата универзитети.

**Резултати од меѓународната соработка**

Како универзитет се залагаме за обединување на идеите од истокот и западот. Ние сакаме да бидеме крстосница каде би се вршела размената на идеите и знаењата помеѓу народите. Соодветно на тоа, МСУ често зема учество во, и организира меѓународни активности кои ги промовираат културите на другите народи. Меѓународната соработка е дел од нашиот идентитет како институција и континуирано вложуваме напори за уште поголемо продлабочување на односите со нашите партнери.

**Со свечена програма одбележан Националниот празник на Н.Р. Кина**

На 29 септември 2016 со почеток од 18:00 часот на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Св. Николе се одржа свеченост по повод Националниот

празник на Народна Република Кина, во организација на Друштвото за македонско-кинеско пријателство - Скопје и неговиот разгранок во Св. Николе. На свеченоста присуствуваше и ВД Амбасадорката на НР Кина, Хуа Јафанг.

**Фестивалот „Јубилејна Русија" се одржа на Славјански**

Вториот Фестивал на руската дијаспора „Јубилејна Русија" се одржа од 15 до 17 септември 2016 во Скопје, Свети Николе и Прилеп. Фестивалот е организиран од здружението на руски сонародници „Чајка" со финансиска поддршка од Управата на град Москва.

**Проф. д-р Шеќеринка Ивановска на конференција во Братислава**

На 29 Септември 2016, во Братислава, Словачка, се одржа меѓународна конференција "Russia and Europe: Topical Issues of Contemporary International Journalism"

**Студенти од Славјански на фестивал наздравјето во Србија**

Од 7-ми до 9-ти октомври 2016, екипа на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин"учествуваше на меѓународен фестивал посветен на здравјето кој се одржа во Србија.

**Студенти од Славјански на фестивал во Софија, Бугарија**

На 16-ти Октомври 2016 година група студенти од Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" под името „Державинци" учествуваше на два фестивали во Софија, Бугарија.

**Студенти од МСУ во посета на Словенија.**

На покана на градоначалникот на Општина Пуцонци, Словенија, г-дин Л. Новак, студенти од Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" гостуваа на свечената прослава за Денот на општината која се одржа од 13-ти до 15-ти октомври.

**Форум на млади франкофони во Софија, Бугарија**

Раководителот на Центарот за меѓународни односи при Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин", м-р Јасмина Пресилска, учествуваше на првиот меѓународен Форум на млади франкофони, избрани од страна на Министерството за надворешни работи на секоја од земјите учеснички.

**Потпишан Договор за соработка со Педагошкиот факултет од Врање.**

На 2-ти Декември 2016 година во Св. Николе беше потпишан Договор за соработка помеѓу Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" и Педагошкиот факултет од Врање.

**10-то Собрание на фондацијата Русский мир во Москва.**

Генералниот директор на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин", м-р Борче Серафимовски беше дел од јубилејното 10-то Собрание на фондацијата Русский мир.

**Претставници од Славјански на конференција во Липецк, Русија**

Во рамки на соработката помеѓу Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" и Липецкиот државен педагошки универзитет „П. П. Семјонов Тан-Шански" од Русија, група наши претставници учествуваа на меѓународната научна конференција „Педагогија на 21-виот век: стандарди и практики" на 8 декември 2016.

**Договор за соработка со училиштето Azurlingua од Ница, Франција.**

9 јануари 2017 - договор за соработка со училиштето за француски јазик Azurlingua, од Ница, Франција. Овој договор ќе овозможи по две стипендии годишно за студенти и професори на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" за изучување на францускиот јазик токму во Ница.

**Потпишан договор за соработка со Getijde College, Холандија**

06.02.2017, беше потпишан договор за соработка со Getijde College од Холандија. Договорот свечено беше потпишан во амфитеатарот на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Битола.

**Потпишан договор за докторски студии – универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Велико Трново**

27 февруари 2017 - во Ректоратот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Велико Трново, Бугарија, беше остварена средба со Ректорот и проректорите на Универзитетот на која е договорено формирање на оддел во рамките на нашиот универзитет кој ќе работи на заеднички програми за докторски и магистерски студии заедно со универзитетот од Велико Трново.

**На Славјански гостуваа професорки од Северно-Кавкаски Федерален Универзитет од Русија**

Кон крајот на февруари 2017 на Славјански гостуваа и предаваа Ирина Штапова и Елена Џурбина, професорки од  Северно-Кавкаскиот Федерален Универзитет од Пјатигорск, Русија.

**Претставници од МСУ гостуваа на поетски собир во Врање**

Во Врање беше свечено отворе на 51 „Борина недела," на која специјални гости беа и писатели од Северна Македонија - д-р Христо Петрески, директор на Институтот за култура и уметност при Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин",  Јордан Ѓорчев, претседател на Управен Одборна МСУ и ТрајчеКацаров.

**Студенти од МСУ на пролетен фестивал во Србија**

Во март 2017, студенти од Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" гостуваа на пролетен фестивал во Србија.

**Славјански на LEAP Summit во Загреб**

Од  11-ти до 13-ти мај 2017 се одржа LEAP Summit во Загреб, Хрватска. Делегација од  Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" заедно со уште 1500 учесници од повеќе од 40 држави учествуваше на овој тридневен настан.

**Делегација од МСУ на Сесловенска конференција во Русија**

Во Санкт Петербург со голема Сесловенска трпеза заврши јубилејната Сесловенска конференција, каде земаа учество повеќеод 220 делегати од сите словенски земји.

**М-р Јасмина Пресилска оствари средба со професорката Керолин Стот од University of Sydney**

М-р Јасмина Пресилска во посета на University of Sydney оствари средба со професорката Керолин Стот, професор по француски јазик на овој универзитет.

**Делегација од Славјански на неколку настани во Словачка**

Во периодот од 24-ти до 29 август делегација од Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" зема учество во неколку настани организирани од Matica slovenská, Словачка.

**Делегација од Славјански на 19-тиот Светски фестивал на студенти и млади во Сочи, Русија**

Од 14 до 22 октомври 2017 македонска делегација составена од приближно 40 млади луѓе од повеќе градови во Северна Македонија беше дел од 19-тиот Светски фестивал на студенти и млади кој сеодржа во Сочи, Русија.

**Славјански дел од тимот на иднината на форумот „Русија - земја на можности“ во Москва**

На 13-ти март 2018 во Москва започна со работа форумот „Русија, земја на можности" кој обединува 6000 перспективни менаџери, претприемачи, млади професионалци, волонтери, ученици и студенти. Претставник од МСУ беше Михаела Ѓорчева.

**Потпишан договор за последипломски студии со Економскиот факултет од Љубљана**

На 30 април 2018, во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Свети Николе беше потпишан договор за соработка со Економскиот факултет од Универзитетот во Љубљана (Словенија) за заедничко спроведување на програмата Бизнис и организација, која беше прогласена помеѓу најдобрите 100 во светот од Financial Times.

**Амбасадорот на Шведска, Н. Е. Матс Стефансон, ја отвори изложбата „Пристапност“ на Славјански во Св. Николе**

По повод успешната соработка помеѓу Амбасадата на Кралството Шведска во Р. Северна Македонија, Извидничкиот одред „Гоце Делчев“ – Св. Николе и Општина Св. Николе, на 31 октомври 2017 година Амбасадорот на Шведска, Н. Е. Матс Стефансон гостуваше на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“. Н. Е. Матс Стефансон ја отвори изложбата „Пристапност“ за граѓаните на Св. Николе.

**Учество на фестивалот „Друзья, прекрасен наш союз“ во Камчија, Р. Бугарија**

Четири години по ред студенти од Славјански Универзитет земаат учество на меѓународниот фестивал „Друзья, прекрасен наш союз". Студентите од МСУ на фестивалот учествуваат самостојно, или во заеднички состав со студенти од Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски". На фестивалот учество земаат повеќе од 300 студенти кои доаѓаат од 22 различни земји, меѓу кои се Велика Британија, Виетнам, Финска, Чешка, Хрватска, Србија, Бугарија, Италија, Полска, Молдавија, Романија, Германија, Русија, Словачка, Јапонија и др.

**Одржана манифестацијата „Бесмртен полк“ во Битола**

По повод Денот на победата над фашизмот, 9-ти мај 2018, на плоштадот „Магнолија“ во Битола беше организирана манифестацијата Бесмртен полк. Во организацијата на Бесмртен полк, покрај нашите студенти, учествуваа и студентите од нашите партнерски универзитети од Тамбов и Липецк, Регионално здружение за македонско – руско пријателство „А.А Ростковски“ и Сојуз на здруженија за македонско-руско пријателство во Р. Северна Македонија.

## 3.5 Примени награди

**Наградата МАКЕДОН за претседателот на Управен одбор на МСУ, д-р Јордан Ѓорчев**

На 25-ти мај 2018 во Сомбор се одржа ликовна изложба, музичка промоција и книжевна вечер на третата по ред СРМА (Србија-Северна Македонија) - културна активна размена. Настанот се одржа во организација на Македонскиот информативен центар - МИЦ, Белград и Здружението на Македонци од Западнобачкиот округ ПЕЛА, Сомбор.

**Во Москва награден д-р Јордан Ѓорчев од УНЕСКО клуб Пиреја**

На 1-ви јули во Руската академија на уметностите, на претседателот на Управниот Одбор на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“, д-р Јордан Ѓорчев му беше врачена награда од УНЕСКО клуб - Пиреја, Грција.

## 3.6 Организациски дизајн и структура

Освен академскиот кадар, МСУ има силно разгранета административна служба. При основањето, универзитетот започна да работи со еден кампус, но подоцна ја прошири својата работа со отворање на кампусот во Битола и со воведување на нови студиски програми. Во текот на годините следеа уште три факултети. Сите овие чекори бараа нови, квалификувани вработени во административните сектори, како што се акредитираа нови факултети, така растеше и хиерархиското дрво.

Структурата на универзитетот денес е резултат на 15-годишен развоен пат. Развојот беше постепен, факултет по факултет, сектор по сектор. Секоја година универзитетот инвестира во своите кампуси, постојано ги прилагодува на новите трендови и на новите промени во технологијата. Раководењето со таков комплексен систем одзема многу време, и затоа МСУ се насочува кон нови софтверски решенија, со цел подобра организација на податоците.

Хиерархијата што треба да ја следи универзитетот е претставена во Законот за високо образование на Република Северна Македонија. Таму, главните гранки на дрвото на хиерархијата се дефинирани заедно со одговорностите. Статутот на универзитетот е правилник на универзитетот. Голем дел од правилата на универзитетот се дефинирани Статутот на Универзитетот. Секоја единица на универзитетот мора да се придржува кон правилата дадени во статутот, но исто така може да се додадат и во сопствените правилници. Утврдени се и улогите на некои од вработените (на пример: ректорот, деканите), начинот на кој тие се избираат, како и формирањето комисии и други органи на универзитетот. Исто така, законот сугерира минимален број на вработени по факултет и академски квалификации што мора да ги имаат, па затоа универзитетот мора да ги почитува и овие правила. Со сите овие информации, се подразбира дека универзитетот навлегува во процес на промени (барем) кога ќе се смени Законот за високо образование и секогаш кога ќе се акредитира нов факултет или нова насока.

Дополнително, како што растеше универзитетот, беше и потребата од нови сектори, нови вработени, нови организациски дизајни. Поради брзиот раст, универзитетот се промени многу во текот на годините. Неговата структура и хиерархија имаа многу промени. Често се отвараа нови работни места, така што дрвото на хиерархија брзо развиваше нови гранки. Брзиот развој бара многу адаптивно управување. Тешко е да се следи брзата стапка на раст, бидејќи растот на универзитетот не секогаш значи зголемување на приходите, така што раководството мораше да ги реши тие проблеми. Во исто време, иако инвестираше во нови згради и вработени, мораше да направи реогранизација и во сите сектори.

Основната структура е иста како и секој друг универзитет во Република Северна Македонија, бидејќи тоа е регулирано со закон. Професорите и асистентите имаат голема автономија во креирањето на нивните предавања, се додека се во согласност со законот, статутот, мисијата, визијата и вредностите на универзитетот.

Освен наставниот процес, универзитетот има уште неколку сектори, кои го одразуваат неговиот вистински дух. Како што е претставено во органограмот,

универзитетот не ангажира други компании за маркетинг, односи со јавност, сметководство, инфо центар, информатички работи, човечки ресурси, издаваштво, итн. Идејата на менаџментот е да се вклучат што повеќе сектори во универзитетот, бидејќи тоа обезбедува флексибилност и полесно планирање. Имајќи свој вработен за сè го забрзува процесот на собирање идеи и реализација на истите, наспроти долгите процеси за ангажирање одделни компании за секој процес поединечно.

## 3.7 Вработени

### 3.7.1 Наставно научен и соработнички кадар

Согласно добиените податоци околу бројната состојба на овој кадар, на универзитетот во 2018 година биле ангажирани вкупно 75 лице, од кои 11 со звање редовен професор, 8 со звање вонреден професор, 40 со звање доцент, 10 насловни титули, 2 лектори и 4 стручни соработници. Процентуалната застапеност на наставно-научниот и стручен кадар е прикажан подолу.




Во рамките на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за високото образование (ЗВО) на Република Северна Македонија и во согласност со критериумите пропишани со Правилникот за избор во звање на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“, Св. Николе - Битола, Р. Северна Македонија изборот на наставниците се врши преку јавен конкурс кој го распишува

наставно-научниот, односно наставничкиот совет на факултетот, кој МСУ што го објавува во дневниот печат.

Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставностручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, врз основа на оценката во рефератот на рецензионата комисија.

Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос меѓу избраното лице и високообразовната установа.

Наставниот кадар обезбедува покриеност на сите студиски програми на единиците на МСУ.

Одредени факултети се соочуваат со сериозен проблем во обезбедување на кадар посебно од областа на информатичките науки и психологијата каде што има недостаток на стручни кадри кои согласно Законот ќе можат да обавуваат настава.

Во тој поглед, радува фактот што универзитетот прави континуирани напори да ја надополни наставата со дефицитарен кадар ангажирајќи професори од други земји (Бугарија, Србија, Босна, Русија и други земји), придонесувајќи за квалитетот на наставата и за студентите кои студираат на универзитетот.

За потребите на овој извештај за самоевалуација беше спроведена анкета преку печатени прашалници на крајот на летниот семестар во 2018 година (мај и јуни) и за време на испитната сесија. Оваа анкета редовно се спроведува на крајот на секој семестар и прашањата не беа специјално подготвувани за остварување на целите на овој извештај.

Пополнувањето на анкетниот прашалник беше прашање на личен избор на студентот. Анкетирани беа само студенти од додипломските студии од сите години. Определени студенти пополнуваа прашалници за секој предмет што го слушале во годината, додека некои пополнуваа само за предметите од тековниот семестар.

Важно е да се спомене дека дел од присутните студенти одбија да учествуваат во пополнување на прашалниците и комисијата демократски ги почитуваше нивните ставови. Вкупно беа собрани 3118 анкетни листови.

| | Свети Николе бр. на анкетирани студенти | Битола бр. на анкетирани студенти | Вкупен бр. на анкетирани студенти | Бр. на анкетни листови |
|---|---|---|---|---|
| Економија | 82 | 44 | 126 | 992 |
| Психологија | 23 | 78 | 101 | 755 |
| Информатика | 36 | 12 | 48 | 356 |
| Безбедносно инженерство | 29 | 33 | 62 | 398 |
| Правни науки | 59 | 37 | 96 | 617 |
| ВКУПНО: | | | 433 | 3118 |

Целта на зададените прашалници беше да се согледа нивото на задоволство кај студентите од определени професори и определени предмети. Студентите исто така ја оценуваа и наставната програма, достапноста на литературата и слично. Бидејќи станува збор за комплексно истражување и голем обем на податоци, комисијата одлучи да ги презентира резултатите по факултет одделно. Идејата е да се прикажат резултатите по факултет, земајќи просек од сите предмети и професори. Преку просекот ќе може да се согледа општото ниво на задоволство на студентите од факултетот на кој студираат.

Студентите имаа можност да го оценат наставниот кадар преку прашалници од затворен тип. Анкетите беа анонимни и не беа земени демографски податоци како пол, години и сл. Од студентите се бараше да го одберат одговорот кој најдобро кореспондира со степенот на нивното согласување или несоласување во однос на поставените тврдења преку скала од 1-5, каде што 1 е крајна негација, а 5 е целосно согласување.

Скалата на оценување изгледаше вака:

- Воопшто не се согласувам - 1
- Делумно не се согласувам - 2
- Немам конкретно мислење - 3
- Делумно се согласувам - 4
- Целосно се согласувам – 5

Наставникот е соодветно подготвен за реализација на секој наставен час.
















Наставникот посветено ги пренесува своите знаења, вештини и искуства за време на предавањата.















Предавањата на наставникот го задржуваат вниманието на студентот.















Наставникот го мотивира студент за совладување на предвиденото градиво.
















Наставникот дава инструкции и упатства за изработка на квалитетни дополнителни активности (семинарска работа, есеј и сл.)















Креативниот пристап и повеќето техники кои ги користи наставникот при предавањата дозволуваат студентот да биде активен и активно да партиципира во наставата.















Присутно е задоволително ниво на активност и ангажирање на професорот при формите на реална практична настава.
















Наставникот е отворен за соработка со студентите и излегува во пресрет при нивните потреби за консултирање околу наставата, дополнителните активности и испитот.















Наставникот електронски е достапен за студентот и дава соодветни одговори во разумен период.















Личната култура и демократскиот однос на наставникот се на соодветно академско ниво.
















Колоквиумските тестови и испитните прашања се во рамките на посочената литература од наставникот, а во согласност со наставната програма.















При формирање на конечната оценка наставникот објективно ги вреднува сите активности на студентот (редовност, активност, поени од колоквиуми, семинарска работа и сл.)















## Критериумот на наставникот е многу висок за да се добие преодна оценка.
















## Литературата за предметот беше достапна на почетокот на семестарот.















## Литературата е достапна на Е-Учење на eucenje.msu.edu.mk















Покрај основната литература, беше наведена и дополнителна литература од страна на наставникот.
















Студентите можат да користат креативно размислување и да даваат предлози.















Студентите можат да комуницираат со другите студенти и да споделуваат знаења.















Работиме надвор од предавалната или Универзитетот така што го градиме нашето знаење врз основа на размена на искуства
















Поголем број од студентите се изјасниле позитивно за подготвеноста на реализација на секој наставен час од наставникот, додека мал број немаат мислење или делумно се согласуваат. Студентите дале позитивен одговор за посветената работа, пренесените знаења и искуства за време на предавањата од страна на наставникот, додека мал број од студентите делумно се согласувале или немаат мислење.

На прашањето дали предавањата го задржуваат вниманието на студентот поголем број од студентите одговарале дека целосно се согласуваат, а помал број се изјасниле дека делумно се согласуваат, додека најмал број изјавиле дека немаат мислење и 1 % делумно не се согласуваат. Најголем број од студентите дале позитивна оценка дека наставникот ги мотивира студентите за совладување на предвиденото градиво, додека многу мал број изјавиле дека делумно се согласуваат. Голем број од студентите имаат позитивен впечаток за наставникот кој им дава упатства за изработка на дополнителни активности, помал број се помалку задоволни, додека многу мал број

немаат мислење или делумно не се согласуваат. Студентите се задоволни од креативниот пристап на наставникот при предавањата, додека другите студенти се делумно задоволни, немаат мислење или делумно не се задоволни.

Голем број од студентите одговориле дека целосно и делумно се согласуваат за присуството, активностите и ангажирањето на професорот при практичната настава, додека помал број немаат мислење, делумно не се задоволни или воопшто не се задоволни. Најголем број од студентите изјавиле дека наставникот е отворен за соработка со студентите и излегува во пресрет при нивните потреби за консултирање околу наствата, дополнителните активности и испитот, додека дел од студентите делумно се согласуваат или немаат мислење. Повеќето студенти одговориле дека целосно се согласуваат за тоа дека наставникот електронски е достапен за студентот и дава соодветни одговори во разумен период, додека помалку студенти делумно се согласиле или немаат мислење. Студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласиле за личната култура и демократскиот однос на наставникот, додека мал број делумно се согласиле.

На прашањето „колоквиумските тестови и испитните прашања се во рамките на посочената литература од наставникот, а во согласност со наставната програма“ голем дел од студентите одговориле дека целосно се согласуваат,додека мал дел делумно се согласуваат. Повеќето студенти одговориле дека целосно се согласуваат при формирање на конечната оценка наставникот објективно ги вреднува сите активности на студенот, додека пак мал број на студенти делумно се согласувале или немаат мислење. Студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласиле дека критериумот на наставникот е многу висок за да се добие преодна оценка, додека дел од студентите одговориле дека делумно се согласуваат или немаат мислење. Најголем број од студентите се изјасниле дека литературата за предметот е достапна на почетокот на семестарот, додека мал број од студентите се изјасниле дека делумно се согласуваат или немат мислење. Голем број од студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласуваат дека литературата е достапна на Е – учење, додека многу мал број на студентите одговориле дека делумно се согласуваат. Студентите се задоволни дека покрај основната литература, е наведена и дополнителна литература од страна на наставникот, додека пак мал број на студенти делумно се согласуваат.

На прашањето дали студентите можат да користат креативно размислување и да даваат предлози одговориле дека целосно се согласуваат, додека дел од студентите одговориле дека делумно се согласуваат или немаат мислење. Најголем број од студентите се изјасниле дека студентите можат да комуницираат со другите студенти и

дека споделуваат знаења, додека многу мал број од студенти се изјасниле дека делумно се согласуваат Голем број од студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласуваат дека работиме надвор од предавалната и универзитетот така што го градиме нашето знаење врз основа на размена на искуства, додека дел од студентите одговориле дека делумно се согласуваат или немаат мислење.

## 3.8 Администрација

### 3.8.1 Инфо центар

Инфо центарот обезбедува поддршка на студентите секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот и во сабота од 09:00 до 14:00 часот. Неговата основна задача е да обезбеди информации прецизно и брзо, со цел студентите непречено да можат да ги добијат бараните податоци. Инфо центарот има отворени три телефонски линии, сопствена електронска адреса и раководи со сандачињата на социјалните мрежи на универзитетот.

Универзитетот, пред сè, го промовира образованието достапно за секого. Достапноста, исто така, значи дека академскиот и административниот кадар треба да биде достапен за студентите. Студентите можат да стапат во контакт на повеќе начини:

- Пишуваат на електронските адреси на МСУ и на административниот и академскиот кадар,
- Да остварат телефонски разговори со вработените во МСУ и на административниот и академскиот кадар,
- Да не контактираат преку социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Twitter)

Иако сите информации се достапни на интернет, ако студентот има прашања, универзитетот мора да одговори. Понекогаш, студентите се обраќаат до професорите преку Инфо центарот и Инфо центарот ја игра улогата на медијатор. Студентите пишуваат или се јавуваат на Инфо центарот, потоа центарот ги собира потребните податоци и им дава информации на студентите.

### 3.8.2 Служба за сметководство

Се работи за службата која е „невидлива“ за студентите, служба која професионално ја извршува својата обврска, а сите потребни информации кои ги

интересираат студентите, оваа служба навремено ги предава во секторот за студентски прашања.

Со новите софтверски решенија и ангажирањето на нови вработени во овој сектор, квалитетот и брзината на услугата во овој сектор значително е подобрен со тоа што на дневно ниво има ажурирање на податоците за студентите (вклучувајќи го и електронскиот индекс). Понатаму, оваа служба се стреми кон создавање системи за автоматско ажурирање на состојбите на студентите на повеќе платформи, со цел времето на ажурирање на состојбите на студентите да се сведе на минимум.

Комисијата констатира дека има видно позитивно поместување во работата на оваа служба во поглед на услугите кон студентите, но и кон имплементирањето на новите софтверски решенија. Бидејќи студентите реално немаат контакт со оваа служба, не беа подготвувани посебни анкетни прашалници за испитување на квалитетот на службата. Беа користени само податоците од интервјуата со вработените и резултатите од набљудувањата во работотењето на службата.

### 3.8.3 Центар за настани

Универзитетот на годишно ниво има преку 100 настани низ разни градови од областа на културата, уметноста, музиката, книжевноста, спортот, науката итн. кои ги финансира самостојно. Универзитетот нуди широк спектар на настани, како концерти, изложби, филмски и театарски фестивали, спортски натпревари, промоции на книги...

Настаните се клучен дел од работата на универзитетот, бидејќи преку нив се зајакнува репутацијата на универзитетот, како и универзитетскиот дух.

Овој сектор го изработува годишниот план за настани, поднесува предлог-буџет за секој настан одделно, ги координира сите сектори во насока на организирање на настаните и прави план за нивната организација.

Во соработка со маркетинг и PR секторот, Центарот за настани работи на планирањето на промоцијата на настаните, целната публика, целите, доставување на поканите. По завршувањето на настанот во форма на извештаи се анализираат придобивките од организирање на настанот, предностите, како и недостатоците и се даваат предлози за идни подобрувања.

Комисијата констатира дека има драстично зголемување на активностите, и по квантитет, но и по квалитет, дека значително е подобрена работата споредбено со претходниот период. Во однос на оценувањето на работата на оваа служба Студентите ја

оценуваат со највисока оценка, што дава за право бројот на вработени да биди зголемен како би се стимулирала уште поквалитетна и подобра работа на овој исклучително важен сектор.

### 3.8.4 Бренд менаџмент

Бренд менаџментот го дефинира имиџот на универзитетот и неговото претставување во јавноста. Секторот за бренд менаџмент вработува млади, талентирани луѓе кои работат на позиционирање на брендот МСУ на пазарот во Северна Македонија, но и во странство.

Бренд менаџментот на универзитетот се грижи брендот да биде во согласност со мисијата и визијата на универзитетот и дава насоки во подготовката на маркетинг кампањите. Исто така, овој сектор ги следи трендовите, ги истражува можностите што другите универзитети ги нудат, и се обидува да изнајде нови начини за претставување на универзитетот подобро од конкуренцијата.

Секторот за бренд менаџмент ја дава иницијативата за креирање на маркетинг кампањите, и потоа ги одобрува или подобрува истите. Бренд менаџментот ја проследува работата до маркетинг секторот, кој подоцна комуницира со останатите сектори, со цел да формираат уникатни кампањи за претставување на универзитетот во неговото вистинско светло.

### 3.8.5 Маркетинг

Денес маркетинг секторот е како екстензија на секторот за Бренд менаџмент. Тој ја зема основната идеја, ја разработува и ја пласира онаму каде што е најверојатно таа да успее.

Маркетингот е многу важен и од клучно значење за растот на универзитетот. Откако овој сектор ќе се отвори, пред околу 5 години, стапката на раст на универзитетот е зголемена. Маркетингот е опремен со софтвери, камери, апарати, опрема за осветлување, стабилизатори, лаптопи и компјутери, а е претплатен и на повеќе веб страници за графички дизајн и видеографија, со цел да биде во чекор со најновите трендови. Во основа, овој сектор располага со опрема на ниво на продукциска куќа. Подготвува фотографии и видео реклами, понекогаш самостојно, но понекогаш и со помош на други продукциски куќи. Работата на овој сектор е целосно поврзана и посветена на исполнување на мисијата и визијата на универзитетот и игра клучна улога во начинот на презентирањето на универзитетот во јавноста.

Маркетинг секторот прави годишен план на промотивни активности и кампањи, и заедно со Евент менаџмент центарот ги координира и промотивните настани кои би се одвивале во тој период. Откако ќе направи план за годишната кампања, маркетинг секторот ги изработува потребните фотографии и видео материјали, а до ИТ секторот проследува нарачка за дизајн на брошури, флаери и сл. Откако ќе се направи дизајнот, Секторот за односи со јавноста го објавува на интернет, а печатницата во склоп на МСУ го подготвува печатениот примерок.

Комуникацијата меѓу овие сектори е секогаш двонасочна комуникација. Маркетингот, ИТ секторот, PR секторот и издавачката куќа со печатницата се меѓусебно поврзани и зависни еден од друг. Истражувањето покажа дека овие сектори се добар пример за добра хоризонтална комуникација во МСУ.

Маркетинг секторот, освен креативниот дел, ги спроведува и анализите, ја следи конкуренцијата и врши споредба со нашата позиција на пазарот, врши мерења на влијанието на активностите, дава предлози и насоки за подобрување на рекламните активности. Улогата на вработените во овој сектор е и да помогнат во дизајнирањето на веб страницата на МСУ и нејзината содржина, претставувањето на универзитетот на социјалните мрежи, претставување на придобивките од студирањето на МСУ.

| **опрема** | **количина** |
|---|---|
| Дигитален фотоапарат | 3 |
| Објектив | 6 |
| Блиц | 2 |
| Камера | 3 |
| Трипод | 2 |
| Стабилизатор DJI Ronin | 1 |
| Рефлектор LED | 10 |
| Wacom табла за цртање | 1 |
| Лаптопи | 2 |

### 3.8.6 Односи со јавноста

Секторот за односи со јавноста се оддели од Маркетинг секторот некаде во 2016 година. Како што растеше универзитетот, така растеше и потребата за формирање на посебен сектор кој би можел да ги координира и следи сите активности.

Станува збор за исклучително важна служба која го координира целокупниот процес при објавувањето на информации на веб страната и нејзиниот изглед, се грижи за објавување на настаните во јавноста, дава совети и одржува обуки за презентерски вештини на лицата кои се задолжени за промоција на универзитетот.

Достапноста на информациите и начинот на презентација на активностите кои ги спроведува универзитетот кон пошироката јавност позитивно се одразува врз целокупната работа и стимулира уште поголема професионалност на сите ангажирани лица.

### 3.8.7 Центар за кариера

Центарот за кариера на универзитетот е на располагање постојано за сите прашања на студентите. Центарот за кариера при МСУ е во служба на студентите и посредува помеѓу интересот на студентите за извршување на практична настава и барањето на компаниите за практиканти. Центарот, исто така, нуди:

- информации за реализирање на студентската пракса;
- советување;
- кариерно истражување;
- промовирање на факултетот пред идните студенти.

Центарот врши поврзување на нашите студенти со компаниите кои нудат практикантство и можности за вработување, вмрежување со бизнис секторот и создавање на професионални контакти, како и зајакнување во донесувањето на нивните одлуки за вработувањето. Ваквото ефективно партнерство ја насочува кариерата на студентот, но воедно го промовира Универзитетот пред деловната заедница.

Резултатите од истражувањето спроведено за работењето на центарот за кариера, поточно моделот за менторство, се презентирани во продолжение на овој извештај за самоевалуација.

### 3.8.8 Центар за човечки ресурси

Центарот за човечки ресурси се грижи за вработените на МСУ, учествува во изработка на политиката за вработување, менаџирање со кариерите на вработените, тренинзи и слично.

Центарот за човечки ресурси исто така се грижи за создавање на квалитетна организациска култура, каде владее продуктивноста, квалитетот, но и позитивно расположение. Позитивниот став на вработените е клучен за работата на МСУ, бидејќи вработените на МСУ исто така делуваат како мотиватори на студентите, со цел развивање на нивните кариери и унапредување на нивните можности.

Центарот е насочен кон остварување на целите и визијата на МСУ преку постојани тренинзи и обуки на вработените. Понекогаш обуките се одржуваат организирано во рамките на универзитетот, но понекогаш, вработените се праќаат на напредни обуки во земјата и странство, со цел да се стекнат со нови вештини кои ќе им помогнат да ги развијат нивните таленти и да станат подобри во работата која ја работат.

Преку центарот за човечки ресурси поминуваат сите вработувања во универзитетот, бидејќи тој, всушност прави евалуација дали определено лице ги исполнува условите да стане дел од тимот на МСУ. Како што универзитетот растеше и се развиваше, но и со новите законски измени, значително е отежната работата во овој сектор. Предлог на комисијата е секторот да вработи уште едно или две лица, кои би помагале работата на центарот да се забрза и резултатите од нивното работење на можат да се применуваат за пократок рок.

Комисијата би сакала да нагласи дека Центарот за човечки ресурси работи на нова мрежа, МСУ Интранет, која би правела поврзување и обединување на сите вработени на универзитетот. Овде, секој вработен би имал свој профил, каде би си поставувал цели во работата и начини на кои планира да пристигне до нив. Откако Центарот за човечки ресурси ќе ги обработи овие податоци, би можел да направи план за едукација и тренинг на вработените кои би сакале да напредуваат на работното место.

### 3.8.9 Канцеларија за меѓународни односи

Целта на Канцеларијата за меѓународни односи на Универзитетот е организирање на билатерални договори меѓу универзитетите, испраќање и прием на студенти и професори, кои ги поврзуваат факултетите и студентите со други партнери од странство, интегрирајќи ги во меѓународни проекти.

Канцеларијата за меѓународни односи ги нуди своите капацитети за организирање на информативни состаноци со учениците и вработените во заминување, а за дојдовните, на англиски јазик се печатени материјали, а исто така и на веб-страницата што се користи за запознавање со студиските програми. Европскиот кредит трансфер систем е координиран на сите составни единици (факултети) на Универзитетот.

За време на престојот, сите дојдовни студенти, покрај корисни информации поставени на веб-страницата на Универзитетот, се поканувaат да контактираат со Канцеларијата за меѓународни односи за прашања поврзани со сместување, јавен транспорт или трошоци поврзани со храна. За прашања во врска со студентскиот живот, тие можат да се обратат на Студентската организација. Договорите за учење и другите сродни документи се издаваат на ниво на факултет.

Персоналот кој работи во Канцеларијата за меѓународни односи заедно со координаторот на Еразмус+ има за цел да обезбеди еднаков третман и услуги за домашните студенти и вработените и дојдовните мобилни учесници. Тие ќе бидат интегрирани во секојдневниот живот на институцијата.

Координаторот на Еразмус+ од институциите што испраќаат и примаат ќе обезбедат помош при обезбедување на визи за дојдовни и појдовни мобилни учесници, ќе обезбедат осигурување и ќе ги информираат мобилните учесници во случаите кога осигурувањето не е автоматски обезбедено.

По добивањето на позитивното искуство во странство, ќе се организираат различни стратегии за промоција и поттикнување на мобилноста. Најпрво, центарот за меѓународни односи ќе организира голема дебата за дисеминација со цел да се споделат вештините, знаењата и искуството што ги стекнале во другата институција. Тоа придонесува за модернизација на наставната програма, информирање на колегите и учениците за најновите случувања во одредено поле на науката.

### 3.8.10 Служба за студентски прашања

Службата студентски прашања, како што вели во самото име, постои за давање одговори на сите прашања од студентите кои имаат потреба. Уште при самиот упис на факултет, студентот остварува контакт со службите за студентски прашања доставувајќи ги сите потребни документи за упис.

Студентите преку оваа служба можат да побараат различен тип на документи, како на пример, потврда за редовен/вонреден студент, делумно уверение за положени испити, целосно уверение за положени испити, барања за полагање на испит или преполагање, за слободни денови од работа поради испит или дипломска работа, потврда за работа во странство, барање за ставање на факултетот во мирување, изјаснување за положени испити, заверка на семестар итн.

Исто така, преку оваа служба можат да се вршат уплатите за школарина директно на факултетот со картичка, или пак студентите добиваат бесплатна уплатница за вршење на уплатата во банка. Проверката на досиеа на студентот се врши на студентски прашања и е исто така бесплатно. Оваа служба исто така дава и информации во врска со достапноста на професорите и известува доколку има промени во распоредот на предавањата и испитите во текот на денот.

На студентски прашања се достапни седум вработени во Свети Николе и Битола кои се на услуга полно работно време од 08:00 до 15:00 часот. Овде студентот е на прво место и сите потребни прашања и документи се издаваат во најбрз можен рок.

Во прилог се дадени резултатите од спроведените анкети. Прашалниците беа достапни на Е-учење и во пополнувањето на анкетите за службата за студентски прашања земаа учество 147 студенти од кои 57 од Свети Николе и останатите од Битола. Во поглед на задоволството од службите, немаше сериозни отстапки во поглед на задоволството, односно незадоволството од службите. Затоа, заради олеснување на прегледот, резултатите од анкетниот прашалник ќе бидат претставени збирно за двата кампуси, со заокружување на цели броеви, без децимали.

Студентите имаа можност да ја оценат оваа служба преку прашалници од затворен тип. Од студентите се бараше да го одберат одговорот кој најдобро кореспондира со степенот на нивното согласување или несоласување во однос на поставените тврдења преку скала од 1-5, каде што 1 е крајна негација, а 5 е целосно согласување.

Скалата на оценување беше следна:

- Воопшто не се согласувам - 1
- Делумно не се согласувам - 2
- Немам мислење - 3
- Делумно се согласувам - 4
- Целосно се согласувам - 5

| | |
|---|---|
| 1. Службата лесно може да се контактира онлајн и/или телефонски. |  |
| 2. Вработените имаат добри комуникациски вештини |  |
| 3. Го ценат нашето време |  |
| 4. Ни помагаат при пријавување на испитите |  |

<table>
<tr><td>5. Ни даваат соодветен одговор на нашите прашања</td><td>
</td></tr>
<tr><td>6. Коректни се и љубезни</td><td>
</td></tr>
<tr><td>7. Навремено нè известуваат доколку има некакви измени за предавање или испит</td><td>
</td></tr>
<tr><td>8. Јасно одговараат на поставените прашања</td><td>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 9. Генерално, задоволен сум од услугите од Службата за студентски прашања. |  |



Најголем број од студенти изјавиле дека службата лесно може да се контактира онлајн или телефонски, додека мал број се изјасниле дека делумно се согласуваат или немат мислење. Повеќето студенти одговориле дека целосно се согласуваат за тоа дека вработените имат добри комуникациски вештини, додека помалку студенти се изјасниле дека делумно се согласуваат или пак немат мислење. Студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласиле дека го ценат нивното време ,додека пак мал број на студенти се согласиле дека делумно се согласуваат или немат мислење.

Голем број од студентите одговориле дека целосно се согласуваат за тоа дека на студенски прашања им помагаат при пријавувањето на испити, додека многу мал број се изјасниле дека делумно се согласуваат или пак немаат мислење. На прашањето „ни даваат соодветен одговор на нашите прашања", дел од студентите одговориле дека целосно се согласуваат, додека пак мал број на студенти делумно се согласуваат или пак немаат мислење.

Повеќето студенти одговориле дека целосно се согласуваат, дека на студенски прашања се коректни и љубезни, додека пак дел од студенти се изјасниле дека делумно се согласуваат или пак немаат мислење. Студентите одговориле позитивно, односно целосно се согласиле дека навремено се известени доколку има некакви измени за предавање или испит, додека мал дел делумно се согласуваат или немаат мислење.

Најголем број од студентите се изјасниле дека целосно се согласуваат дека јасно им се одговара на поставените прашања, додека помал број од студентите делумно се согласуваат или пак немат мислење. На прашањето „Генерално, задоволен сум од услугата од Службата за студенски прашања" поголем број од студенти дека целосно се согласуваат, додека пак помала група на студенти делумно се согласуваат или немаат оформено конкретно мислење.

### 3.8.11 Информатички центар

Информатичкиот центар при МСУ е еден од главните двигатели на универзитетот и му овозможува со забрзано темпо да ги остварува зацртаните цели. Центарот покрива разни области во работата на универзитетот.

Прво, ги гради и надополнува електронските системи на МСУ. Се грижи за креирање на електронските адреси на вработените, го дизајнира изгледот на веб страницата на МСУ и поставува дел од информациите. Исто така, ги следи најновите трендови во веб дизајнот и имплементира нови решенија, со цел подобрување на имиџот на универзитетот.

Информатичкиот центар ги обезбедува сите дигитални решенија кои им се достапни на студентите, но и на вработените, како на пример:

- msu.edu.mk
- Eucenje.msu.edu.mk
- Eindex.msu.edu.mk
- Msu.edu.mk/webmail
- Zrk.msu.edu.mk
- Biblioteka.msu.edu.mk
- Kariera.msu.edu.mk
- Alumni.msu.edu.mk
- Konferencii.msu.edu.mk
- Veterina.msu.edu.mk
- Mcsp.mk

Достапноста на сите информации онлајн, го прави задоволството на студентите од овој сектор големо. Голем процент од студентите на МСУ патуваат и не се од Свети Николе или Битола, и достапноста на информациите онлајн е клучна за нивото задоволство од студирањето на МСУ.

Центар за Е-учење

На системот Е-учење при Меѓународниот Славјански Универзитет студентите можат да најдат информации од секаков тип. Сите книги или скрипти кои се потребни во текот на студиите студентите можат да ги преземаат од страницата за Е-учење електронски без никакви трошоци. Презентациите кои се слушаат за време на предавањата се исто така достапни на сајтот и можат да се преземаат, што е многу

олеснително за вонредите студенти. Теми за семинарски, подготвителни прашања за колоквиум и испит се исто така достапни како и обрасци за семинарски, дипломски и магистерски трудови. Распоредот со термини за испитни сесии исто така редовно се објавува пред секоја испитна сесија, како и известувања за предавања (одложување, презакажување и сл.)

Системот Е-учење моментално брои околу 3000 активни корисници кои секојдневно се логираат со бројот на индекс како корисничко име. Логирањето може да се врши и преку мобилен телефон и за секоја промена за предавање или испит студентите се известени преку нотификација на самите смартфони. Секој предмет од студиската програма си има своја страница со објаснување за предметот, информации за професорот кој го предава, и секако материјалите за истиот. Моментално бројот на такви страници односно предмети изнесува над 560. Материјалите за тие предмети како што се скрити или книги бројат околу 200 достапни, како и презентации кадешто има најмалку 10 презентации по предмет за прв и за втор колоквиум, значи зборуваме за бројка од околу 6000 презентации од различни области.

Системот Е-учење е многу корисен за сите студенти затоа што ги имаат сите информации достапни на едно место и електронски, без потреба од телефонски повици или непотребни трошоци за доаѓање на факултет кога нема предавања.

Информациите на страната се ажурираат секојдневно во чекор со измените што ги вршат професорите. Старите материјали се заменуваат со нови, како електронски, така и во книжарницата на нашиот универзитет.

Студентите кои имаат проблем при најава на системот веднаш ја контактираат техничката поддршка и се решава проблемот во најкратот можен рок. Техничката поддршка е достапна полно работно време секој ден од 08:00 до 15:00 часот.

Според спроведените анкети, нивото на достапни информации во системот е високо, но секако, во иднина тие ќе се дополнуваат секојдневно во зависност од барањата на студентите.

За пријавување на грешки или незадоволство од услугите на Е-учење може да се контактира самата служба за побрзо решавање на проблемот, како и да се даваат предлози за идна работа. Сепак, доколку студентите преферираат, може да пополнат електронска анкета или да пријават грешки преку соодветно назначеното поле на веб страницата.

Студентите имаа можност да ја оценат оваа работата на оваа служба преку прашалници од затворен тип. Прашалниците се однесуваат на веб страницата на МСУ, заедно со пропратните дигитални платформи кои се наменети за користење од страна на студентите. Прашалниците беа достапни онлајн, поточно на страницата за Е-учење, каде студентите можеа да ги пополнат на доброволна база. Во анкетата земаа учество 96 студенти, од Свети Николе и Битола и резултатите кои се добиени се презентирани на следните неколку страници. За полесна обработка и приказ на податоците, децималите беа отстранети и беше извршено заокружување на цели броеви.

Со овие прашалници комисијата сакаше да дознае дали студентите имаат познавање за тоа кој тип на информации се достапни онлајн и колку тие се запознаени со дигиталните платформи на универзитетот. Важно е студентите да ги знаат сите платформи кои им ставени на располагање, бидејќи тие го скратуваат времето за пристап до информациите и со тоа ја олеснуваат работата на административните службеници.

Од студентите се бараше да го одберат одговорот кој најдобро кореспондира со степенот на нивното согласување или несоласување во однос на поставените тврдења преку леднава скала на оценување:

- Да
- Не
- Не знам

| | |
|---|---|
| 1. На веб страната на МСУ има точни информации за локацијата |  |
| 2. На веб страната на МСУ има контакт информации од секој сектор на Универзитетот |  |

| | |
|---|---|
| 3. На веб страната на МСУ има информации за Универзитетот (почетоците, развојот и сегашноста на Универзитетот) |  |
| 4. На веб страната на МСУ има информации за упис на Универзитетот (додипломски и постдипломски студии, потребната документација, услови и критериуми за упис) |  |
| 5. На веб страната на МСУ има информации за школарината на секој факултет за една година за додипломски и постдипломски студии |  |
| 6. На Е-учење се постирани информации за предавањата и испитите за секој факултет посебно |  |
| 7. На веб страната е достапна потребната литература за секој од факултетите |  |
| 8. На веб страната има информации за сите конкурси и стипендии |  |

| | |
|---|---|
| 9. На веб страната има информации за стекнување на двојна диплома |  |
| 10. На веб страната се објавуваат сите новости и информации во врска со настаните на Универзитетот |  |
| 11. На Е-учење има точни контакт информации од сите професори |  |
| 12. На веб страната има информации за Универзитетите со кои соработува МСУ |  |
| 13. Начинот за најава и користење на веб услугите е лесен |  |
| 14. На веб страната има информации за размена на студенти |  |

| | |
|---|---|
| 15. На веб страната на МСУ има информации за здружението на студенти |  |
| 16. На веб страната на МСУ има линк до алумни клубот |  |
| 17. На веб страната на МСУ има линк за е – учење |  |
| 18. На веб страната на МСУ има информации за студентските активности |  |
| 19. На веб страната има информации за книжарницата и издавачката куќа при Универзитетот |  |
| 20. На веб страната има информации за студентското радио |  |

| | |
|---|---|
| 21. На веб страната на МСУ има линк до веб страната на бирото за безбедност и здравје при работа |  |
| 22. Лесно може да се стапи во контакт преку онлајн формите |  |
| 23. Одговорот е брз од страна на службата |  |
| 24. Универзитетот е доволно активен на социјалните мрежи |  |
| 25. На Е-учење има достапни страници за сите предмети |  |
| 26. Книгите се достапни електронски |  |

| | |
|---|---|
| 27. Презентациите се достапни електронски |  |
| 28. Повеќето скрипти се достапни електронски |  |
| 29. Е-учење го скратува времето за добивање информации |  |
| 30. Има достапни информации од книжарата онлајн |  |
| 31. На системот за Е-учење често се прикачуваат нови информации за предавањата |  |
| 32. Центарот за кариера има достапна веб страната на МСУ |  |

| | |
|---|---|
| 33. Електронски може да се разгледуваат сите книги во библиотеките на МСУ |  |
| 34. Генерално,за сите аспекти од студирањето можам да добијам информации онлајн |  |
| 35. Прикачените информации се точни и веродостојни |  |
| 36. Пристапноста до дигиталните платформи е важна за процесот на студирање. |  |

### 3.8.12 Овластено лице за безбедност и заштита при работа

Во рамките на МСУ функционира Овластено правно лице за вршење работи од областа на безбедност при работа со Решение 07-2281/5 од 09.02.2016 год. издадено од Министерство за труд и социјална политика за вршење на:

- Проценка на ризик (ев.бр. 225 од 25.02.2016 год.)
- Концепт на изјава за безбедност (ев.бр.226 од 25.02.2016 год.)
- Изработка и спроведување на програми за обука на вработени за безбедно извршување на работата (ев .бр. 227 од 25.02.2016 год.)
- Редовно тестирање и контрола на опрема за работа (ев. бр. 223 од 25.02.2016 год. )

- Периодични мерења на физички штетности и микроклиматски услови во работна средина (ев. бр.289 од 04.04.2018 год.)

МСУ располага со потребните ресурси (простории, лабораториска опрема и стручни лица) за вршење на дејноста. Направени се повеќе од 80 Проценки на ризик со Концепт на изјава за безбедност, повеќе од 160 Обуки на вработени за безбедно извршување на работата, повеќе од 130 стручни наоди за испитување и контрола на опрема за работа, повеќе од 90 стручни наоди за испитување на физички штетности и микроклиматски услови во работна средина и други работи од дејноста.

Овие оригинални документи повремено се презентираат на студентите како дел од наставниот процес.

Остварена е соработка со голем број фирми од целата држава. Со еден дел од истите имаме континуирана соработка и редовно ги посетуваме со студентите како практичен дел од наставата.

МСУ поседува и Решение за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа (Решение бр.08-11608/4 од 24.02.2016. До сега имаме спроведено шест обуки со различни теми од оваа област, со реномирани предавачи од нашиот Универзитет:

- На 23.12.2016 год. на тема безбедносно инженерство - мерки за отстранување, намалување и спречување на ризик
- 17.02.2017 год. на тема Безбедносно инженерство – мерки за отстранување, намалување и спречување на ризик во рудници
- На 18.05.2017 год. на тема Мерки за намалување на ризикот при работа – ергономски принципи и евакуација
- На 14.09.2018 год. на тема Безбедност при работа со електрична и громобранска инсталација
- На 30.11.2018 год. на тема Безбедност на машини

Учесниците на овие обуки соодветно се бодувани од Државниот инспекторат на труд

### 3.8.13 Институт за култура

Институтот за култура и уметност е приватна научна институција која има за цел истражување и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки. Главна цел на оваа институција е покрај вклучување на сите релевантни кадри во

реализирање на активностите од областа на културата и уметноста, исто така и промоција на главните културни настани во секој домен.

Основана од Меѓународниот славјански универзитет „Г. Р. Державин“, оваа институција постои од 2011 година и од своите почетоци па сé до денес може да се истакне со остварени голем број активности. Работењето на Институтот ги зафаќа сите области на општественото делување и воедно ги вклучува и младата надежна популација на која им овозможува услови за промовирање на нивните културни активности, секако присутни се активните граѓани кое секојдневно творат со исклучително висок квалитет. Исто така, не се фрлени во заборав ни уметниците со долгогодишно искуство, туку напротив, за нив често се организираат и фестивали каде што има токму наградени дејствувачи во областа на поезијата со награда за нивното долгогодишно работење, со награди за карикатура, афоризам или хумореска каде се истакнува квалитетот и долгогодишната работа на нашите учесници.

Дел од активностите што се реализираа во 2017 и 2018 година се оствариja во рамките на Институтот за култура се следниве:

**Доделени наградите од Конкурсот за средношколски есеи – 2017 и 2018**

Секоја година на 24-ти мај се доделенуваат наградите од Конкурсот за средношколски есеи распишан токму од Институтот за култура и уметност. Доделувањето на наградите се одржува на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Свети Николе.

**Врачени наградите од конкурсот „Јас, Итар Пејо“**

На 27.10.2017, а следната година на 14.02.2018 со почеток во 19:00 часот во просториите на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Битола, беа врачени наградите на учесниците на Конкурсот за карикатура, хумореска и афоризам. Овој конкурс, кој е единствен од ваков тип е организиран од страна на Институтот за култура и уметност.

**Амбасадорот на Руската Федерација во Р. Северна Македонија ја додели наградата „Державин“**

Во Битола, во амфитеатарот на Меѓународниот славјански универзитет свечено беше доделена поетската награда „Державин“ на поетот Василе Димески од Прилеп. Наградата „Державин“ се доделува за најдобра стихозбирка објавена во периодот од

јули 2016 до јули оваа година. Високото признание Димески го доби за поетската книга „Ноќва душава си ја изедов“, објавена во издание на „Матица македонска“.

**Славјански на еднодневен саем на книга во Свети Николе**

По повод 10-ти јуни – Денот на културата и завршеток на учебната година на ден 09.06.2017 година (петок) на Градски плоштад со почеток во 11:00 часот беше

**Музичко-поетска вечер по повод 180-годишнина од смртта на Пушкин**

Маестрална музичко-поетска вечер беше одржана во Битола, во организација на Институтот за култура и уметност при Меѓународен Славјански Универзитет по повод 180-годишнината од смртта на А. С. Пушкин.

**Се одржа меѓународна изложба на уметнички творби на Славјански**

На 28.04.2017 на Меѓународниот Славјански Универзитет Г. Р. Державин, организиран од Институтот за култура и уметност се одржа меѓународна изложба на творби која е организирана од страна на здружението „Лидери на светската заедница” во Русија.

**Театарски фестивал БИЛАЗОРА во организација на Институтот за култура и уметност**

Театарскиот фестивал БИЛАЗОРА е замислен како театар во куфер - со преносна смисла за патувачката мисија и пренесување на културата низ градовите во Северна Македонија. Актерите патуваат од еден во друг град со цел претставување на нивната претстава, но и со преносно значење за претставување на пораката што ја носат преку актерската игра и режисерската замисла. Проектот се оствари на 27 март, светскиот ден на театарот и беше распределен во текот на месеците март и април 2017 година.

**Комедијата „Одам на лов“ - премиерно одиграна на Славјански.**

„Одам на лов“ - комедија во три чина подготвена од Градски аматерски театар „Сцена 71“, Свети Николе во режија на Слободан Елисеев вечерва беше прикажана во преполниот амфитеатар на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Св. Николе.

**На Славјански промовирана збирката поезија „Од душата“**

На 24-ти ноември 2016 во конференциската сала на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Св. Николе беше промовирано најновото издание од нашата официјална издавачка куќа Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - збирката поезија „Од душата“.

**Ликовна работилница на МСУ во ОУ „Климент Охридски“ - Прилеп**

Под мотото „Чекориме заедно“, на 28 февруари 2018 година во Прилеп во ОУ „Климент Охридски“ беше успешно реализирана ликовна работилница на која активно учествуваа децата со посебни потреби и вработени дефектолози од наведеното училиште од една страна и студенти од Факултетот за психологија.

**Новогодишна програма на учениците од ОУ „Гоце Делчев“ Св. Николе**

Во рамки на културно-забавната програма на Новогодишен фестивал и базар во Св. Николе на 27 декември се одржа новогодишна програма подготвена од учениците од ОУ „Гоце Делчев“ - Свети Николе.

**Новогодишна програма на учениците од ОУ „Кирил и Методиј“**

Во рамки на културно-забавната програма на Новогодишен фестивал и базар во Св. Николе на 28-ми декември се одржа новогодишна програма подготвена од учениците од ОУ „Кирил и Методиј“ - Свети Николе.

**Предновогодишно СТЕНД АП ШОУ со Ивана Наскова**

Дел од програмата за Новогодишен фестивал и базар во Св. Николе на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ беше и Стенд ап шоуто на Ивана Наскова кое се одржа во големиот амфитеатар на Славјански во Св. Николе пред публика од приближно 300 луѓе.

**Празничен базар организиран од студенти и ученици во Св. Николе**

Учениците од СОУ „Кочо Рацин“, ОУ „Гоце Делчев“ и ОУ „Кирил и Методиј“ со своите рачно изработени предмети и новогодишни културно-уметнички настапи активно се вклучија во организацијата на нашиот Новогодишен фестивал и базар.

**На Славјански во Битола отворен фестивалот „Јас, Итар Пејо“**

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Битола беше распишан конкурсот за првиот интернационален фестивал на сатирата, хуморот и карикатурата - „Јас, Итар Пејо" - 2017.

**Трибина за Културата и уметноста на универзитетите и факултетите во Република Северна Македонија**

Институтот за култура и уметност при Меѓународниот Славјански универзитет Гаврило Романович Державин - Свети Николе организира трибината на тема „Културата и уметноста на универзитетите и факултетите во Република Северна Македонија".

**Театар од Врање гостува на Славјански во Св. Николе**

По повод 27-ми март - Светскиот ден на театарот, во Свети Николе започна нов Меѓународен театарски фестивал „Билазора".

**Претстава од класата на Мето Јовановски - Универзитет ЕФТА Скопје**

По повод 27-ми март - Светскиот ден на театарот, во Свети Николе започна нов Меѓународен театарски фестивал „Билазора".

**Се одржа вториот Державински бал под маски**

На 01.04.2017 се одржа вториот Державински БАЛ ПОД МАСКИ во организација на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин", Студентски сојуз на Меѓународен Славјански Универзитет и Ресторан „Златна Москва".

**Концерт на руски вокален ансамбл од Електростаљ, Русија**

На Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Св. Николе се одржа концерт на вокалниот ансамбл од градот Електростаљ, Московска област, Руска Федерација.

**На Славјански премиерно беше прикажана претставата „Европејци"**

На Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" беше прикажана последната претстава од Театарски фестивал Билазора, кој се организираше по повод 27-ми март – Светскиот ден на театарот.

**Философскиот филмски фестивал гостува на Славјански во Св. Николе**

На Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ гостуваше Филозофскиот филмски фестивал.

**Се одржа мултимедијален коктел на VoiceUp на Славјански**

Под мотото „Сликни, сними, сподели“ 25.04.2017 проектот VoiceUp поддржан од УСАИД Северна Македонија го спои физичкото со виртуелното присутство во 5 градови во Северна Македонија преку live stream.

**Се одржа меѓународна изложба на уметнички творби на Славјански**

На 28.04.2017 на Меѓународниот Славјански Универзитет Г. Р. Державин се одржа меѓународна изложба на творби која е организирана од страна на здружението „Лидери на светската заедница“ од Русија.

**Музичко-поетска вечер по повод 180-годишнина од смртта на Пушкин**

Маестрална музичко-поетска вечер беше одржана во Битола, во организација на Славјанскиот универзитет по повод 180-годишнината од смртта на А. С. Пушкин.

**Славјански на еднодневен саем на книга во Свети Николе**

По повод 10ти јуни - Денот на културата и завршеток на учебната година на ден 09.06.2017 година (петок) на Градски плоштад со почеток во 11:00 часот беше организиран еднодневен саем на книгата.

**Во Свети Николе се одржа четвртиот мото собир**

Повеќе од 11.000 посетители присуствуваа на мото собирот во Свети Николе, кој беше домаќин на моторџии од 13 европски земји со над 2000 мотори.

**Кирил Лазаров во посета на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“**

На 19.07.2017, ракометниот шампион Кирил Лазаров го посети Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“.

**Во Свети Николе се одржа Прв Олдтајмер собир**

Во Свети Николе се одржа Првиот Олдтајмер собир, организиран од олдтајмер клубот „Свети Николе“.

**Презентација на Славјански во Сибирскиот федерален универзитет во рамки на Светскиот фестивал за студенти и млади**

Во библиотеката на Сибирскиот федерален универзитет беше презентирана соработката помеѓу Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ и неговите руски партнери, со посебен акцент на соработката со Тамбовскиот државен универзитет „Г. Р. Државин“ од Тамбов, Русија.

**На Славјански се одржа стенд ап шоу со Ивана Наскова насловено „Кога ќе се мажиш?“**

Во амфитеатарот на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ во Свети Николе. на 04.11.2017 се одржа Стенд-ап шоу со Ивана Наскова, насловено „Кога ќе се мажиш?“.

**Концерт на мандолинските оркестри од Св. Николе и Сандански**

На Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ во Свети Николе со почеток од 18:00 часот, заеднички концерт одржаа мандолинскиот оркестар „Свети Николај“ од градот домаќин под диригентство на легендарниот маестро Кирил Трајков, и мандолинскиот оркестар од Сандански, Бугарија.

**Изложба на академскиот сликар Димитар Стојанов**

На Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ во Свети Николе академскиот сликар Димитар Стојанов ја имаше својата прва самостојна изложба на скулптури и графика.

**На Славјански се одржа ЕЕО забава со Димитар Андоновски, Влатко Лозаноски, Ивана Наскова и група Clique**

ЕЕО забавата се оддржа на 29-ти Декември (петок) со почеток од 16:30 часот во Ресторан „Златна Москва“. Настанот беше во организација на ОЖОСВН и беше организиран за подигнување на свеста кај граѓаните за штетните влијанија на Електричниот и Електронскиот Отпад.

**На Славјански во Св. Николе прославена руската Прочка – Масленица**

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ и Амбасадата на Руската Федерација во Република Северна Македонија заеднички организираат прослава на рускиот празник Масленица (руска Прочка).

**На Славјански отворена изложба на делата на Верче Андонова**

Во организација на Здружението Цивитас и ЦПЛИП „Порака“ - Штип на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Свети Николе беше отворена изложба на делата на Верче Андонова.

**Одржана промоција на книгата „Дебар и дебарско низ историјата“ во Велес.**

На ден 15.03.2018 год. во просториите на Ликовниот салон во Велес се одржа промоција на книгата на просветниот работник Ѓорѓи Илиевски со наслов „Дебар и дебарско низ историјата“.

**Промоција на книгата „Организациска култура и мотивација на персоналот“**

На 3-ти април 2018 (вторник) во просториите на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во Свети Николе, со почеток од 12:00 часот се одржа промоција на книгата „Организациска култура и мотивација на персоналот - теоретски основи и практики“.

**Младински форум на ОЖО се одржа на Славјански во Свети Николе**

Нашиот универзитет беше домаќин на Младинскиот форум организиран од Организација на жените на општина Свети Николе.

**ФФФ Караван: проекција на филм Rabbit-Proof Fence во Св. Николе**

Филозофското друштво на Северна Македонија и Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ заеднички организираа филмско-филозофска вечер која се одржа како дел од 8-миот ФИЛОЗОФСКИ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ.

**Концерт на руски вокални артиски од г. Електростаљ во Свети Николе**

На 5-ти мај на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ се одржа концерт на руските солистки Аљона Мартинова и Екатарина Карташова од градскиот округ Електростаљ (Руска Федерација), кој е збратимен со општина Струмица.

### 3.8.14 Институт за инженерска економија

Главната задача на Институтот за инженерска економија е да поттикне професионален напредок и иновации во општеството. Институтот промовира аналитичко размислување и обезбедува насоки за унапредување на професионалните

активности на наставниот кадар и студентите. Институтот ги пренесува знаењата преку организација на разни обуки, семинари, конференции во Северна Македонија.

Дополнително, институтот се вклучува како коорганизатор на бројни работилници и стручни предавања со цел унапредување на вештините на веќе вработените професионалци.

Во иднина се планира преку овој институт да се остваруваат важни обуки од областа на безбедноста и заштитата при работа, учество во меѓународни проекти и сл. Основата е веќе поставена, и се очекува од 2019 година дејноста на овој институт да почне да се развива со зголемено темпо.

### 3.8.15 Библиотека

Меѓународниот славјански Универзитет „Г.Р.Державин" има две библиотеки и читални со површина од над 200 м$^2$, кои располагаат со со повеќе од 14.000 единици литература (монографски, сериски публикации, магистерски трудови, докторски дисертации, учебници, како и 1.400 истражувачки статии од домашно и странско потекло.

Пребарувањето на најголем дел од библиотечнииот фонд е достапно во електронска форма. За потребите на студентите на располагање се и преку 20.000 единици електронски учебни помагала, од сите области, вклучително и во областа на правните науки.

Со оглед на бројноста, разновидноста и актуелноста на книжниот фонд со кој располага Институтот, оваа библиотека завзема значајно место меѓу високообразовните библиотеки во Република Северна Македонија. Библиотечниот фонд во континуитет секоја година се обновува со нови учебни помагала, стручни книги, научни трудови, зборници, списанија и друга стручна литература.

Наведениот библиотечен фонд е достапен за сите студенти на Универзитетот, вклучително и за студентите на Факултетот за безбедносно инженерство. Во рамки на установата работи и издавачка куќа под назив Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе која има за цел подготовка и издавање на сите учебници кои ќе бидат подготвени од ангажираните наставници на нашата установа и ќе се користат во процесот на едукација на студентите, не само на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р.Державин", туку и пошироко, во земјава и странство.

Студентите исто така имат целосен пристап до електронската библиотека на МСУ. Преку електронската библиотека студентите лесно можат да ги најдат сите изданија во библиотеката – http://biblioteka.msu.edu.mk/.

Електронската библиотека константно се збогатува со нови изданија. Системот на електронската библиотека на МСУ овозможува електронски да се води грижа за книгите што студентите ги изнајмуваат, што е олеснителна околност за вработените во овој сектор. Станува збор за нов систем кој започна со имплементација во јули 2018.

### 3.8.16 Издавачка куќа и печатница

Издавачката куќа при МСУ располага со комплетно нова, сопствена опрема за дизајнирање, подготовка и печатење на книги. Печатницата, освен за универзитетот, работи и за надворешни клиенти, и затоа нуди широк спектар на производи.

Издавачката куќа вработува квалификуван кадар за графичкиот дизајн на книгите, а исто така самостојно ги печати и доведува книгите во нивната финална форма. Во моментов печатницата брои 6 вработени. Предноста на имањето на сопствена опрема е во тоа што МСУ самостојно може да ги печати и издава научните публикации и учебниците, но и рекламните материјали што претставува олеснување од финансиски аспект.

Опремата со која располага печатницата е следна:

| **опрема** | **количина** |
|---|---|
| Мултифункционален копир со 1 боја Ricoh MP 8000 | 3 |
| Мултифункционален копир со 4 бои Ricoh MPC 3500 | 1 |
| Мултифункционален копир со 4 бои Ricoh MPC 3501 | 2 |
| Карусел | 1 |
| Компјутер | 1 |
| Лаптоп | 2 |

| | |
|---|---|
| Машина за лепење книги | 1 |
| Нож за хартија, автоматски, FRONT | 1 |
| Нож за хартија, рачен | 4 |
| Машина за тврдо укоричување | 1 |
| Мултифункционална преса за сублимација 6 во 1 | 1 |
| Опрема за развивање сито | 1 |
| Електричен уред за перење сито | 1 |
| Машина за обработка на алуминиум | 1 |
| Машина за рачно бигување | 1 |
| Ламинатор со две ролни | 1 |
| Ламинатор за А3 фолија | 1 |
| Ламинатор за А4 фолија | 1 |
| Машина за укоричување со пластични спирали | 3 |
| Комбинирана машина за укоричување со метални и пластични спирали | 2 |

### 3.8.17 Книжарница

Книжарницата при универзитетот нуди широк спектар на литература не само од издавачката куќа МЦСП, туку и од издавачи од цела Северна Македонија. Во книжарницата при Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" студентите можат да го најдат научниот материјал кој им е потребен за време на студирањето и дополнителен материјал за испитите.

Во книжарницата и печатницата при Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" студентите можат да ги купат или копираат материјалите кои им се потребни.

Исто така, можат да купат и книги од повеќето издавачки куќи во Северна Македонија. Книжарницата има голем број на достапна литература од сите области, како и канцелариски материјали како што се: пенкала, моливи, тетратки, папки итн.

Вработените во книжарницата им помагаат на студентите да го најдат потребниот материјал кој им е потребен на студентите во студирањето. Тие имаат високо ниво на комуникациски вештини и ги услужуваат студентите навремено и професионално.

Книжарницата нуди можност за онлајн нарачки преку сопствената веб страница www.mcsp.mk, преку www.kupikniga.mk и прифаќа нарачки преку телефон. Во книжарницата може да се купат пријавите за испит и дневникот за пракса.Во книжарницата и печатницата на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ се врши и укоричување на семинарски, дипломски и магистерски трудови во најбрз можен рок. Генерално, основната задача на книжарницата е секогаш да биде достапна за студентите да можат да ја пронајдат целокупната литература за студирањето на едно место.

Целта на зададените прашалници беше да се согледа нивото на задоволство кај студентите од вработените во книжарницата. Студентите исто така ја оценуваа и достапноста на литературата. Студентите имаа можност да го оценат наставниот кадар преку прашалници од затворен тип. Анкетите беа достапни на Е-учење, беа анонимни и не беа земени демографски податоци како пол, години и сл.

Од студентите се бараше да го одберат одговорот кој најдобро кореспондира со степенот на нивното согласување или несоласување во однос на поставените тврдења преку скала од 1-5, каде што 1 е крајна негација, а 5 е целосно согласување.

Скалата на оценување изгледаше вака:

- Воопшто не се согласувам - 1
- Делумно не се согласувам - 2
- Немам конкретно мислење - 3
- Делумно се согласувам - 4
- Целосно се согласувам – 5

| | |
|---|---|
| 1. Ни помагаат да го најдеме потребниот материјал за предметите |   |
| 2. Го ценат нашето време |   |
| 3. Ни даваат соодветен одговор на нашите прашања |   |
| 4. Вработените се љубезни |   |

| | |
|---|---|
| 5. Јасно одговараат на поставените прашања |  |
| 6. Брзо ги подготвуваат материјалите |  |
| 7. Има доволно материјали за истражување кои ми помагаат во студирањето |  |
| 8. Книгите може да се разгледаат електронски |  |

| | |
|---|---|
| 9. Генерално, книжарницата ги задоволува основните потреби на студентите. |  |

### 3.8.18 Конференциски центар

Работата на конференцискиот центар е поврзана со работата на Центарот за настани, но таа значително се разликува. Конференцискиот центар е поврзан со организација на обуки, семинари, конференции, симпозиуми и слично на ниво на универзитетот. Главната комуникација на конференцискиот центар се одвива со академскиот кадар, при што заеднички се креира план за можностите за спроведување на обуки на годишно ниво.

Конференцискиот центар ја координира и надгледува работата на академскиот кадар во поглед на реализираните предавања на обуките и семинарите што ги организира универзитетот. Соодветно на годишната програма, конференцискиот центар планира соодветни термини за одржување на академските настани, внимавајќи тие да не се преклопуваат и распоредувајќи го товарот за предавањата што е можно поеднакво на академскиот кадар на универзитетот.

По одржувањето на обуките и конференциите, центарот е задолжен да достави извештај за одржаните настани, со предлози за можни подобрувања во иднина. Повеќе информации за одржаните обуки и конференции организирани од овој сектор може да се најдат во продолжение на овој извештај за самоевалуација.

### 3.8.19 Студентско радио и фонотека

Радио Свети Николе 87.9 е во склоп на Универзитетот во Свети Николе и кое нуди можност за промоција на идеи и настани кои се организирани од студентите.

Радио Свети Николе редовно ги известува неговите слушатели за новитетите на МСУ и програмите кои се достапни за студирање. Исто така, МСУ во соработка со

радиото нуди можност за студентски емисии каде студентите може да ги искажат своите идеи, мислења, проекти и промени кои што можат да се направат.

Како за локално радио, радио Свети Николе поседува опрема со висок квалитет и има модерно опремени простории и инвентар по највисоки стандарди. Работи со две студија со капацитет за гостување на повеќе луѓе истовремено. Во режија на радиото се подготвуваат разни емисии, прилози и информативни содржини.

Во склоп на радиото функционира фонотека со завиден број на носачи на звук како грамофонски плочи, аудио касети и CD албуми. Фонотеката брои над 10.000 носачи на звук.

| **опрема** | **количина** |
|---|---|
| Миксета за емитување прогрма во етер | 1 |
| Студиски микрофон | 2 |
| Компјутер | 4 |
| Лаптоп | 1 |
| Процесор за модификација на излезниот сигнал (Компресор – лимитер) | 1 |
| Звучни картици | 4 |
| Диктафон | 3 |
| Печатач | 1 |
| Скенер | 1 |

### 3.8.20 Ресторан

Ресторанот „Златна Москва“ функционира во склоп на кампусот во Свети Николе и е во голема полза на студентите на Славјански. Тие имаат можност да се релаксираат и организираат меѓусебна дружба помеѓу предавањата, пред испит или после.

Ресторанот е исто така пријатно и тивко место за студентите да се опуштат и подготвуваат за испит со помош на релаксирачка музика и топло кафе или чај. Ресторанот, освен за студентите е на располгање и за конференции, обуки и симпозиуми. Ресторанот располага со две сали сали и летна градина, и освен за конференции, овозможува организација и на промоции на книги. Овде студентите организираат и заеднички забави како и апсолвентски прослави.

# 4. Просторни можности и материјално-технички услови на МСУ

Отпочнувањето на новите факултети (Факултетот за информатика, Факултетот за безбедносно инжинерство и Правниот факултет) од една страна и зголемувањето на вкупниот број на студенти на прв и вклус на студии, од друга страна, направија сериозен притисок врз нормалното функционирање на универзитетот во поглед на непречено оддржување на наставата. Иако менаџментот на универзитетот обезбеди одредено проширување и зголемување на бројот на простории кои беа стриктно наменети за настава, како во Свети Николе така и во Битола, со целосното пополнување на сите студиски години и зголемувањето на бројот на студенти кои редовно ја пратат наставата, веќе беше исклучително тешко да се функионира и бараше мошне внимателна и прецизна изработка на распоредите за настава користејќи ги максималните просторни капацитети и организација на наставата од 09:00 до 20:00 часот, што значително го оптоваруваше универзитетот и драстично беа зголемени патните трошоци на професорите кои патуваа од различни градови во државата до двата центри во Свети Николе и Битола. како и другите трошоци поврзани со загревање и разладување на објектите.

Токму овој притисок и немањето на слободна резервна предавална, го принуди менаџментот да ги прошири значително своите просторни капацитети со што според потребите, го прилагоди просторот за одвивање на настава или обезбеди дополнителни кабинети за наставниците и администрацијата.

Во перидот кој го обработува овој извештај беше проширен деловниот простор и во Св. Николе и во Битола и за првпат универзитетот купи простор во Велес и Претор.

Со купување на имот од околу 1000 м$^2$ во Битола од други правни субјекти во истиот деловен објект во кој беше сместен и универзитетот, со што се комплетира целосно објектот и беше ставен во функција за потребите за универитетот, значително придонесе да се растерети притисокот кој се чувствуваше во предавалните и посебно во наставничките кабинети и канцеларии за административните служби да можат непречено и поквалитетно да ја работаат својата работа.

Бројот на места во предавалните со кој се прошири кампусот во Битола порасна од 440 на 720 места, што е зголемување на повеќе од 60% на капацитетот, што не само што ги задоволи потребите на кампусот во Битола туку овозможи дополнителни простории кои ги користат студентите при слободните часови помеѓу еден и друг

предмет, како и други активности на студентите што овозможи поголемо присуство по завршувањето на предвидените предавања и активно учество во замислените проекти.

Проширувањето на кампусот во Свети Николе е околу 1000м$^2$, согласно потребите, значително се зголеми просторот предвиден за наставниците и административните служби .

Во Велес е изградена комплетно новалабораторија за безбедност при работа. Просториите во новиот објект опфаќаат една училница од 30 м$^2$, 3 канцеларии за вработените и за состаноци со деловните партнери, како и една лабораторија од 30 м$^2$.

Во Претор, во хотелот се предвидени конференциски сали, кои ќе се користат за конференции и симпозиуми во рамките на факултетите од универзитетот.

Комисијата разгледувајќи го претходниот извештај за периодот 2014-2016, споредувајќи го со реалната состојба во моментот, смета дека на ова поле е направено големо и сериозно подобрување на условите, значително проширување на вкупната корисна површина и на двата кампуса во Свети Николе и Битола и концептуалното проширување во Велес и Претор, со посебен акцент на проширувањето на просториите за настава и кабинети, што значително го олесна и го подобри наставниот процес и овозможи повеќе атрактивни термини за студентите, што пак им го олесна планирањето и користењето на јавниот превоз на оние кои живеат во градовите кои ротираат околу двата кампуси. Забележително за овој период е и сериозно вложување и целосната замена на веќе постоечката техничка опрема, и набавување на нова која треба да понуди подобри перформанси во делот на наставата.

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" располага со четири објекти од кои во Свети Николе со вкупна површина од 3840 м$^2$, во Битола со површина од 2861 м$^2$, во Велес со површина од 684 м$^2$, во Претор со површина од 1232 м$^2$ или вкупно околу 8617 м$^2$ соодветно адаптирани за да можат да одговорат на потребните стандарди за изведување на образовно-наставната и научна дејност, а воедно и современо опремени за да може да се изведува квалитетна настава и практична работа.

- Имотен лист бр. 5480 за КО Свети Николе, КП 11635 (2800 м$^2$)
- Имотен лист бр. 12310 за КО Свети Николе, КП 11635 (1040 м$^2$)
- Имотен лист бр. 62016 за КО Битола 5, КП 1391/1 (1800 м$^2$)
- Имотен лист бр. 62032 за КО Битола 5, КП 1391/1 (163 м$^2$)
- Имотен лист бр. 62014 за КО Битола 5, КП 1391/1 (260 м$^2$)
- Имотен лист бр. 63092 за КО Битола 5, КП 1391 (638 м$^2$)

- Имотен лист бр. 32498 за КО Велес, КП 1094 (66 м$^2$)
- Имотен лист  бр. 31423 за КО Велес, КП 1094 (134 м$^2$)
- Имотен лист бр. 31443 за КО Велес, КП 1094 (484 м$^2$)
- Имотен лист бр. 130 за КО Претор, КП 602 (1232 м$^2$)

Во моментот универзитетот за објектот во Свети Николе има добиено одобрение за доградба на постоечкиот објект за уште 1500 м$^2$ кои се планира да се реализираат со завршна фаза во наредните две години. Воедно во одделението во Свети Николе се работи на адаптација на уште 1040 м$^2$ кои исто така ќе се користат како предавални, лабаратории и канцеларии. Со тоа вкупниот расположлив простор на универзитетот би изнесувал повеќе од 10.000 м$^2$.

Објектите располагаат со простор за изведување на наставата, простор за индивидуална истражувачка работа, библиотека, кабинети за наставен кадар, кабинети за информатика и другите служби на Универзитетот, заеднички простории, како и помошен и технички простор. Во прилог следи табеларен преглед на работни простории за потребите на студентите и број на расположливи места:

## 4.1 Амфитеатри и предавални

| Амфитеатри и предавални | | | |
|---|---|---|---|
| | **Простории** | **Капацитет за број на студенти** | **Површина м$^2$** |
| Одделение Св. Николе | Амфитеатар | 300 | 257 |
| | Предавална 1 | 60 | 80 |
| | Предавална 2 | 40 | 46 |
| | Предавална 3 | 25 | 32 |
| | Информатика 1 | 40 | 60 |
| | Информатика 2 | 60 | 100 |
| | Библиотека | 40 | 55 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Лабораторија 1 | 20 | 25 |
| | Лабораторија 2 | 10 | 15 |
| | Помошна предавална | 15 | 24 |
| | Помошна предавална | 12 | 20 |
| Вк. Св.Н. | **11 предавални** | 622 | 714 |
| Одделение Битола | Амфитеатар | 120 | 146 |
| | Предавална IX | 100 | 103 |
| | Предавална VI | 60 | 77 |
| | Предавална V | 55 | 60 |
| | Кабинет по информатика | 35 | 55 |
| | Предавална III | 30 | 38 |
| | Предавална I | 30 | 36 |
| | Помошна предавална | 16 | 25 |
| | Предавална VII | 80 | 103 |
| | Предавална VIII | 80 | 102 |
| | Предавална X | 120 | 160 |
| Вк. Бт. | 11 предавални | 726 | 905 |
| Велес | Предавална I | 20 | 27 |
| | Предавална II | 20 | 30 |
| | Предавална III | 30 | 36 |
| Вк. Велес | 3 предавални | 70 | 93 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 25 активни предавални | 1418 | 1712 |

*1 - Табеларен преглед на работни простории со расположливи места*

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ Свети Николе – Битола во моментот има согласно просториите со кои располага како капацитет во еден ден може да прими во една смена околу 1418 студенти или доколку се изведува настава во две смени или попладне, бројот на студени би поминал преку 2000 со вкупно сите 25 просториии- предавални кои се адаптирани да може непречено да се одвива настава.

## 4.2 Други простории за унапредување на образовниот, културниот и рекреативниот профил на студентите на МСУ

Покрај грижата за обезбедување просторни услови за непречено одвивање на наставата, МСУ води посебна грижа и за унапредување на образовниот, културниот и рекреативниот профил на студентите. Во тој контекст на студентите на МСУ им се достапни две библиотеки со читални, ресторан и бифе, хотел, лаборатории, како и студентско радио.

| Други простории | | | |
|---|---|---|---|
| | Св.Николе | Битола | Претор |
| Библиотека | 45 $м^2$ | 420 $м^2$ | |
| Студентско радио | 40 $м^2$ | | |
| Книжарница со печатница | 100 $м^2$ | | |
| Ресторан | 410 $м^2$ | | |
| Летна градина | 452 $м^2$ | 44 $м^2$ | |
| Студентско бифе | | 100 $м^2$ | |
| Канцеларија за студентско | | 25 $м^2$ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| здружение | | | |
| Хотел | | | 1232 м$^2$ |

Од приложените податоци за расположливи за просторните можности со кои располага Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин", евидентно е дека се задоволуваат потребите на студентите од предавални, лаборатории, библиотека, книжарница и печатница и компјутерски центар, како и други помошни и технички простории и истите се во согласност со Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на РМ" бр.103/10).

## 4.3 Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Со цел остварување на тековно и квалитетно одвивање на наставниот процес на студиските програми од прв циклус на Факултетот за психологија во рамки на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" Свети Николе - Битола, во функција се ставени и се користат расположливите амфитеатри и предавални кои располагаат со потребна опрема од мебел (училишни клупи, столчиња, работни клупи, компјутери, проектори, големи и мали табли и друго) и информатички и технички лаборатории кои се опремени со најсовремена опрема (персонални компјутери, преносни компјутери, принтери, скенери, надгледни средства и друга техничка опрема).

Информатичките лаборатории имаат компјутери поврзани во локална мрежа и обезбеден пристап до интернет. Подетален опис на опремата со која располага Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, следи во табеларниот преглед во прилог:

| **опрема** | **количина** |
|---|---|
| Училишни клупи | 500 |
| Училишни столчиња | 1000 |

| | |
|---|---|
| Бироа | 40 |
| Столови во амфитеатари | 420 |
| Канцelariски столови | 80 |
| Големи табли | 20 |
| Мали табли | 10 |
| Компјутери | 100 |
| Професионални мултифункционални уреди со една и/или четири бои | 9 |
| Преносни компјутери | 20 |
| Проектори | 15 |
| Огласни табли | 20 |
| Принтери | 20 |
| Скенери | 6 |
| Фотокопири | 4 |
| Електронски табли | 5 |
| Лаборатории | 4 |
| Апарати за мерење | 5 |
| Програмабилни роботи | 8 |
| Ардуино комплети | 20 |
| Табли за цртање (Wacom, Trust...) | 5 |

# 5. Студиски програми

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" – Свети Николе - Битола води перманентна грижа за дизајнирањето и редизајнирањето на студиските програми преку наставни предмети кои би требало да обезбедат поголема вработливост на студентите, како на македонските така и на европските пазари. Со постојните студиски програми во состојба сме да одговориме на сегашните и идните барања на општествената заедница во профилирањето на високообразовен кадар кој активно може да се вклучи во стопанските активности и јавниот сектор на Републиката.

Фактот дека новите програми внесоа една свежина и ги пополнаа недостатоците кои беа воочени од претходните наставни програми е неспорен, но во исто време, се води грижа околу собирање на повратни информации од реалниот сектор за надополнување на наставните програми при наредното акредитирање.

Во временскиот период кој е од интерес на ова истражување Меѓународниот славјански универзитет работеше по акредитирани 13 (тринаесет) студиски програми на прв циклус и 10 студиски програми на втор циклус на студии, или вкупно 23 студиски групи. Студиските програми во овој извештај ќе бидат анализирани поодделно во рамките на Факултетите.

## 5.1 Факултет за економија и организација на претприемништвото

**Прв циклус**

На Факултетот за економија и организација на претприемништвото на прв циклус на студии се работи по две акредитирани студиски програми:

- Менаџмент на организација
- Финансии и кредит

Студиите и на двете насоки се одвиваат во 8 семестри (240 ЕКТС). Вкупниот број на наставни предмети во текот на првиот циклус на студии изнесува 32, од кои 16 се задолжителни, 12 изборни предмети, и 4 изборни универзитетски предмети. Во една студиска година, 4 предмети се задолжителни, 3 предмети се изборни и 1 предет е

универзитетски изборен. Соодносот на задолжителни/изборни/универзитетски изборни предмети е согласно постоечките законски регулативи.

Изборот на изборните предмети и универзитетските изборни предмети студентите го вршат по сопствена желба во зависност од тоа која област би сакале да ја изучуваат како надополнување на базичната едукација која се предвидува со задолжителните предмети. Во програмата, од понудените два изборни или универзитетски изборни предмети, се избира еден. Двата предмети се со исто оптоварување и еднаков број на ЕКТС кредити

Задолжителните предмети носат по 8 кредити и имаат оптовареност од 240 наставни часови, додекаизборните предмети исто како и универзитетските изборни предмети носат по 7 кредити и се со 210 наставни часови оптовареност. Оптовареноста по семестар е 900 наставни часови (480 наставни часови од задолжителните предмети и 420 од изборните т.е. универзитетските изборни предети) или во текот на студирањето за осум семестри вкупно 7.200 наставни часови.

Студиските програми од прв циклус кои содржат 240 кредити и траат четири години. Според видот на програмата се вреднуваат како академски студиски програми и студентите по завршувањето се здобиваат со степен на образование БАКАЛАВАР или по меѓународна терминологија "BACHELOR'S DEGREE" со степен VI A.

Студентот по одбраната на дипломската работа која е задолжителна се стекнува со звање ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ во областа која ја избрал.

## Главна цел на студиската програма

Студиските програми и организација на прв циклус додиплосмки академски студии, има главна цел да го подигне степенот на квалитетот на високото образование во областа на економските науки преку воспоставување на стандардите усвоени на светски признатите економски факултети во земјите-членки на ЕУ и САД и на тој начин воспоставување на нови стандарди за работа и квалитет во сферата на високото образование во рамки на економските науки, не само на локално туку и на регионално ниво и пошироко. Сите програми поседуваат јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на студиската програма.

Преку остварување на однапред поставените цели, намерата е да се оствари крајната цел, а тоа е, да се создаде кадар кој во согласност со концептот на модерното високо образование преку совладување не само на теоретските знаења, туку и техниките применливи во економијата и практиката, да се профилира и да се стекне со вештини за работа во сферата на менаџментот на организација, во областа на финансиското работење на организации и институции, за работа во претпријатијата и компании, како и во многу други национални и регионални асоцијации и организации итн.

### Компетенции

Очекуваните резултати од студиите ќе бидат знаењата и вештините што студентот ќе ги стекне по завршувањето на студиската програма од прв циклус на студии, односно на додипломските академски студии да бидат во целост исполнети и усогласени со општите Даблински дескриптори: знаење и разбирање, примена на знаењето и разбирањето, способност за проценка, комуникациски вештини и вештини на учење.

**Со совладување на програмата студентот ќе биде способен:** професионално да го применува стекнатото знаење и да идентификува, анализира и решава теоретски и практични проблеми; да покаже познавање за главните концепти, теориски перспективи, емпириски наоди и трендови во економските науки, македонската економија и на ЕУ, како и останатите релевантни економски системи; го разбира функционирањето на деловното претпријатие, неговите карактеристики, организациска структура, култура и неговото функционирање во рамки на локалната, регионалната и интернационалната економска и општествена состојба и како и знаење за анализа и предлагање на решенија на современите економски процеси и реализирање на организациските цели; компетенции на лидерски способности потребни за современ менаџер, промовирање на персоналот како вреден ресурс, знаење фокусирано на учењето на работно место со цел обезбедување континуирано учење; менаџирање на организација и претприемништво што е изградена на вредностите на интегритет, тимска работа, стратешко размислување, примена на знаење од менаџментот во изработка на стратегиските, бизнис и тековните планови во сите сфери и индустрии, подигнато ниво кај студентите за критичко и аналитичко решавање на проблемите кои ќе можат да се применат во низа економски и други контексти.

## 5.1.1 Втор циклус

На Факултетот за економија и организација на претприемништвото на втор цисклус на студии се работи по две акредитирани студиски програми

- Менаџмент на човечки ресурси во мали и средни претпријатија
- Маркетинг менаџмент

Студиите и на двете насоки се едногодишни (4+1) т.е. се одвиваат во 2 семестри (60 ЕКТС). Вкупниот број на наставни предмети во текот на вториот циклус на студии изнесува 5, од кои 3 се задолжителни, 1 изборен и 1 универзитетски изборен предмет. Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски предмети е согласно законските одредби.Задолжителните предмети носат по 9 кредити и имаат оптовареност од 270 наставни часови, додека изборните исто како и универзитедтските избрни предети носат по 8 кредити и се со 240 наставни часови оптовареност. Покрај предметите, 4 кредити носи задолжителната практична работа која е со оптовареност од 120 часови, 3 кредити носи нацртот и 10 кредити изработката на магистерскиот труд. Оптовареноста во текот на студирањето за два семестри е вкупно 1410 наставни часови од кои 120 се задолжителна практична настава.Од изборните предмети на располагање на студентите им се нудат два во текот на студирањето, а тие се должни да одберат еден. Од универзитетските имсе понудени 2, со задолжување да се избере еден од таа група на предмети.Студентот по одбраната на магистерскиот труд се стекнува со звање МАГИСТЕР ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ – МЕНАЏМЕНТ за насоката Менаџмент на човечки ресурси во мали и средни претпријатија и звањето МАГИСТЕР ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ – МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ на истомената студиска група.

## Главна цел на студиските програми

Со воведувањето на нови студиски програми и организација на втор циклус последиплосмки стручни студии, базичната цел е да се подигне степенот на квалитетот на високото образование во областа на економските науки преку воспоставување на стандардите усвоени на светски признатите економски факултети во земјите-членки на ЕУ и САД и на тој начин воспоставување на нови стандарди за работа и квалитет во сферата на високото економско образование, не само на локално туку и на регионално ниво и пошироко. Покрај тоа, целта на студиските програми е да им се овозможи на студентите да добијат апликативни знаења и системско разбирање на високо ниво на економски рамки, институции и принципи кои ги регулираат економските текови на малите и средни претпријатија во различни области; да развијат кај студентите

способности за методолошка анализа и концептуално разбирање во поширока смисла на взаемното дејствување на економските, социолошките и политичките феномени во денешното глобално живеење; да го подигнат нивото кај студентите за критичко размислување и да обезбедат развој на способности за критичко и аналитичко решавање на проблемите кои ќе можат да се применат во низа економски и други контексти.

**Специфични компетенции**

Со совладување на програмата студентот ќе развие: способност за анализирање на правните концепти, теории и прашања на систематски начин; способност за идентификување на потенцијалните врски меѓу аспектите за познавање на предметот и нивната примена во правните односи; способност за истражување на концептите и теориите во рамки на специфичните области на студирање; способност за научно истражување во специфично поле на интерес во областа на на правото. Посветеност кон напредување и постигнување на резултати во науката на правото; способност за евалуација на сопствените студиски и истражувачки перформанси во специфичната област на студирање; способност за соработка при решавање на проблемите од специфична област на менаџментот на човечки ресурси и преземање одговорност.

## 5.2 Факултет за психологија

### 5.2.1 Прв циклус

Следејќи ги современите трендови во европското високо образование и барањата на Болоњскиот процес за студентска мобилност, меѓууниверзитетска соработка и можност за размена на студенти, Студиската програма на Факултетот за психологија е креирана според Болоњските стандарди за организирање на високообразовниот процес, преку примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), како и во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија, според моделот на студирање 4+1, односно 3+2.

На Факултетот за психологија на прв цисклус на студии се работи по една акредитирани студиски програма Општа психологија. Студиите на единствената насока на овој факултет се одвиваат во 8 семестри (240 ЕКТС).

Вкупниот број на наставни предмети во текот на првиот циклус на студии изнесува 32, од кои 16 се задолжителни, 12 изборни, 4 универзитетски изборни предмети или по една студиска година вкупно 8 предмети, од кои 4 задолжителни, 3 изборни и 1 универзитетски изборен предмет.

Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски предмети е согласно законските регулативи.

Изборот на изборните предмети и универзитетските изборни предмети студентите го вршат по сопствена желба во зависност од тоа која област би сакале да ја изучуваат како надополнување на базичната едукација која се предвидува со задолжителните предмети. Задолжителните предмети носат по 8 кредити и имаат оптовареност од 240 наставни часови, додека изборните предмети исто како и универзитетските изборни предмети носат по 7 кредити и се со 210 наставни часови оптовареност.

Оптовареноста по семестар е 900 наставни часови (480 наставни часови од задолжителните предмети и 420 од изборните т.е. универзитетските изборни предети) или во текот на студирањето за осум семестри вкупно 7200 наставни часови.

Од изборните и универзитетски изборни предмети на располагање на студентите им се нудат 32 (24+8) во текот на студирањето, а тие се должни да одберат 12, т.е. 4 универзитетски изборни предмети.

Според видот на програмата се вреднуваат како академски студиски програми и студентите по завршувањето се здобиваат со степен на образование БАКАЛАВАР или по меѓународна терминологија "BACHELOR'S DEGREE".

Студентот по одбраната на дипломската работа која е задолжителна се стекнува со звање ДИПЛОМИРАН ПСИХОЛОГ.

### Главна цел на студиската програма

Главната цел на додипломските студии е да ги запознае студентите со важните и суштинските поими од психологијата, кои ќе бидат квалитетна основа за продолжување на нивната кариера во конкретна психолошка дисциплина. Бидејќи е општа насока, по дипломирањето студентите лесно ќе можат да одберат која ќе биде дисциплината на која ќе се фокусираат.

Програмата на задолжителни и изборни студиски подрачја, односно предмети, ги опфаќа основните области од психологијата, теориите, методите и техниките, историјата и развојот на психологијата како наука и струка, и главните применети области од психологијата. Модулираната настава овозможува подлабоко проучување на една од четирите понудени области од психологијата (клиничка психологија, психологија на образованието, психологија на трудот и истражувања во психологијата). Студентите од сите модули можат да изберат предмети кои ги припремаат за наставници по психологија во средно училиште. Модулите се конципирани врз основа на развојот на психолошките науки и струки и потребата од психолозите на пазарот на труд.

## Компетенции

**Општи компетенции** - Со совладување на програмата студентот ќе биде способен: правилно да го користи психолошкиот вокабулар и демонстрира познавање на терминологијата; практично и професионално да го применува стекнатото знаење и да идентификува, анализира и решава теоретски и практични проблеми; да ги користи стекнатите знаења за да може да формулира одговори и решенија на конкретни и апстрактни проблеми во рамки на психолошката дејност, независно да ги елаборира проблемите, вештините и активностите поврзани со психолошката теорија и пракса со стручната и нестручната јавност; самостојно да пристапи кон стекнување на понатамошни знаења  и да покаже осетливост за етичките дилеми и да пронаоѓа решенија во склад со етичкиот кодекс на струката.

**Предметно специфични компетенции** - Со совладување на програмата студентот ќе биде способен: да покаже познавање за главните концепти, теориски перспективи, емпириски наоди и историски трендови во психологијата; да ги разбира законитостите на функционирање и развој на перцепцијата, вниманието, мислењето, учењето, емоциите, како и нивното пореметено функционирање; да ја препознава патологија на психичките процеси и симптоматолошки правилно ги определува психичките растројства; да ги разбира и примени психолошките принципи на личните, социјалните и организациони прашања; да примени соодветни методи за решавање конкретни проблеми во психолошките истражувања; да задава тестови и други мерни инструменти на група испитаници, да ги обработи статистички податоците и да ги организира и презентира наодите; да извршува предавачка дејност врзана за наставата по психологија во средните училишта; да се вклучи како професионалец во процес на земање судски изјави, да го препознае влијанието на психичките процеси и личносни

особини врз дадената изјава и да се вклучи во рехабилитациони процеси на прекршителите на законот; да води процес на професионална селекција, со правилен избор на психолошки техники, зависно од приоритетите и целите на секоја ситуација, како и процеси на психолошки консалтинг; да ги примени елементарните вештини во областите на применета психологија; да ги прати новините во домашната и странска стручна литература; да користи компјутерска технологија при стекнување знаење во поединечни психолошки области.

### 5.2.2 Втор циклус

На Факултетот за психологија на втор цисклус на студии се работи по четири акредитирани студиски програми

- Клиничка и советодавна психологија, едногодишни студии
- Клиничка и советодавна психологија, двегодишни студии
- Психологија во социјалната заштита, едногодишни студии
- Психологија во социјалната заштита, двегодишни студии

Студиите на двете насоки можат да бидат едногодишни (4+1) т.е. да се одвиваат во 2 семестри (60 ЕКТС) или двегодишни (3+2) т.е. да се одвиваат во 4 семестри (120 ЕКТС). На едногодишните студии (4+1) вкупниот број на наставни предмети изнесува 5, од кои 2 се задолжителни, 2 изборен и 1 универзитетски изборен предмет. Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски е согласно законските прописи.Задолжителните предмети носат по 10 кредити и имаат оптовареност од 300 наставни часови, додека изборните предмети носат по 10 или 8 кредити и се со 300 или 240 наставни часови оптовареност. Универзитетските изборни предмети носат по 6 кредити со 180 наставни часови оптовареност.Покрај предметите, 4 кредити носи задолжителната практична работа која е со оптовареност од 120 часови, 3 кредити носи нацртот и 10 креди изработката на магистерскиот труд. Оптовареноста во текот на студирањето за два семестри е вкупно 1.440 наставни часови од кои 120 се задолжителна практична настава.Од изборните предмети на располагање на студентите им се нудат 4 предмети во текот на студирањето, а тие се должни да одберат 2. Од универзитетските предмети на студентите им се нудат два, а должни се да одберат еден универзитетски изборен предмет.На двегодишните студии (3+2) вкупниот број на наставни предмети изнесува 7, од кои 4 задолжителни и 2 изборни предмети, и 1 универзитетски изборен предмет во соодност согласно законските регулативи.Задолжителните предмети носат по 15 кредити и имаат оптовареност од 450 наставни часови, додека изборните и универзитетските изборни предмети носат по 10 кредити и се со 300 наставни часови оптовареност. Покрај

предметите, 10 кредити носи задолжителната практична работа која е со оптовареност од 30 часови, 10 кредити носи нацртот и 10 креди изработката на магистерскиот труд. Оптовареноста во текот на студирањето за четири семестри е вкупно 2000 наставни часови од кои 300 се задолжителна практична настава.Од изборните предмети на располагање на студентите им се нудат 4 во текот на студирањето, а тие се должни да одберат 2. Од групата на универзитетски изборни предмети им се нудат 2, а се должни да одберат 1 предмет.Студентот по одбраната на магистерскиот труд се стекнува со звање МАГИСТЕР ПО ПСИХОЛОШКИ НАУКИ – КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА на насоката: Клиничка и советодавна психологија и МАГИСТЕР ПО ПСИХОЛОШКИ НАУКИ – СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА на втората студиска програма.

## Главна цел на студиските програми

Насоките Клиничка и советодавна психологија и Психологија во социјална заштита на вториот циклус студии кои за прв пат се акредитирани во 2013 година се креирани според последните светски трендови од областа на психологијата со цел да им овозможат на студентите да стекнат компетенции со кои ќе дадат допринос во интелектуалниот, социјален и културен и развој на заедницата преку практична примена на стекнатите знаења и вештини, односно преку спроведување на значајни научни и применети истражувања од областа во која се насочени. Студиската програма на втор циклус студии на Факултетот за психологија вклучува повеќе основни и применети области од психологијата кои опфаќаат комплексни практични проблематики, следење на современите истражувачки резултати во светски рамки и посебен акцент на темелно познавање на психолошката научна методологија.

## Специфични компетенции

Со совладување на програмата за Клиничка и советодавна психологија студентот ќе биде способен да го разбере и усвои импактот на психолошките фактори во етиологијата, текот и исходот на соматските, психосоматските и менталните растројства и болести, да ја разбере улогата на здравствената психологија во клиничката пракса и релацијата со психопатологијата, да ги препознава специфичните показатели на психичките растројства, да ја разбере нивната етиологија и да ги планира психолошките методи за проценка и третман, да планира психолошка проценка, интервенција и

терапија, да води процес за психолошко советување, да ги дефинира целите на психотерапевтска сеанса и да развива терапевтски план, да планира и спроведува психосоцијални интервенции со кои се превенира, штити или подобрува менталното здравје во заедницата,да ја користи правилно психодијагностиката во екплорација на личноста, да планира, дизајнира и спроведува научно истражување во областа на психологијата.

Со совладување на програмата Психологија во социјалната заштита студентот ќе биде способен да ги анализира и дискутира соврфемените пристапи во заштита на корисниците и истата да ја спроведува, да ги разбере теоретските модели и практики на професијата семеен терапевт, да води проекти за подобрување на психосоцијалното окружување и повисок квалитет на живот во заедницата, да превенира ризичното однесување на децата и адолесцентите, да користи техники и интервенциии во советување во ситуација на стрес како би се попречила појавата на криза, траума и пострауматско растројство, да ги дефинира целите на психотерапевтска сеанса и да развива терапевтски план, да учествува во планирањето на унапредувањето на менталното здравје во заедницата и да може да ги ги планира и спроведува психосоцијалните интервенции со кои се превенира, штити или подобрува менталното здравје во заедницата, да планира, дизајнира и спроведува научно истражување во областа на психологијата.

## 5.3 Факултет за информатика

### 5.3.1 Прв циклус

На Факултетот за информатика на прв циклус на студии се работи по две акредитирани студиски програми:

- Компјутерски системи и мрежи
- Софтверски технологии

Студиите на двете насоки на овој факултет се одвиваат во 6 семестри (180 ЕКТС). Вкупниот број на наставни предмети во текот на првиот циклус на студии изнесува 24, од кои 12 се задолжителни, а 10 изборни и 2 универзитетски изборни предмети. Во првите две студиски години, соодносот на бројот на предметите е следен: 4 задолжителни, 3 изборни и 1 универзитетски, додека во третата година соодносот е 4 задолжителни и 4 изборни. Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски предмети во текот на

шестте семестри е согласно законските одредби. Задолжителните предмети носат 8 кредити, и имаат оптовареност од 240 наставни часови. Оптовареноста по семестар е 900 наставни часови, или во текот на студирањето за шестте семестри вкупната оптовареност е 2.700 наставни часови. Од изборните предмети на располагање на студентите им се нудат 20 предмети во текот на студирањето и 4 универзитетски изборни предмети, а тие се должни да одберат 10, или 2 универзитетски. Студентот по одбраната на дипломската работа која е задолжителна се стекнува со звање ДИПЛОМИРАН ИНЖЕНЕР ПО ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ.

### Главна цел на студиската програма

Целта на Факултетот за информатика е едукација на студенти кои по завршувањето на студиите ќе можат брзо и успешно да ги аксептираат и имплементираат најновите достигнувања во областа на компјутерските технологии. За таа цел, покрај теоретското изучување на наставните содржини, главен акцент е даден на практичнодто одразование и обука на студентите, се со цел, веднаш по завршувањето на студиите да се вклучат во работните процеси.

Преку остварување на однапред поставените цели, намерата е да се оствари крајната цел, а тоа е, да се создаде кадар кој во согласност со концептот на модерното високо образование преку совладување не само на теоретските знаења, туку и техниките применливи во информатичка пракса, да се профилира и да се стекне со стручни вештини за работа во сферата на информатиката, и компјутерските технологии кои ќе им послужат за успешна работа во претпријатијата и компании, како и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации итн.

### Компетенции

По завршувањето на тригодишните студии, успешниот студент поседува широко знаење и разбирање во областа на информатичките технологии потребни за вклучување во современите ИТ текови и демонстрира знаење за примена во сите стопански дејности кои работат со компјутерски технологии; употребува вештини и експертиза потребни како поддршка на развојот и на останатите информатички технологии; развива ИТ компетенции базирани на практични искуства, соодветни на современите ИТ побарувања, прикажува способност за решавање на реални проблеми поврзани со

информатичките технологии; демонстрира широко познавање на основните технологии, пракси и концепти кои го водат ИТ секторот; широко знаење и способности за користење на техничките вештини за обезбедување на технички решенија и поддршка на локални и Интернет мрежни технологии потребни за вклучување во современите ИТ текови; покажуваат знаење за концепти, процедури, податоци и одлучувања преку техники за анализа за практичен дизајн областите на мрежните технологии и негова презентација; компетенции за развој на потребните вештини за анализа на Интернет мрежите и управување со мрежната употреба и ресурси, инсталација на мрежен хардвер и софтвер и обезбедување на доверлива работа на мрежните станици и апликации; студентот може да го примени знаењето и разбирањето како двигател на развојот и на останатите информатички технологии.

### 5.3.2 Втор циклус

Студиските програми на Факултетот за информатички студии се креирани според Болоњските стандарди за организирање на високообразовниот процес по моделот 3+2, односно 3+1+1, односно времетраење на студиите од шест, осум или десет семестри, согласно со определбите на ЕКТС и во согласност со член 106 а од Законот за високото образование на Р.Македонија. На овој начин организираните информатички студии нудат можност по завршувањето на правиот циклус на информатички студии во траење од три години, студентот кој има намера да се занимава со специјализирана информатички струка во Република Македонија, да го продолжи своето образование на една од четирите специјализирани насоки во вториот циклус на студии (дипломски информатички студии или последипломски стручни студии). Според приложената структура на студиските програми на Факултетот за информатички науки креирана според принципот 3+1+1, подразбира дека секој понизок степен на образование е предуслов за стекнување на следниот (повисок) степен на ообразование.

Во рамки на последипломските стручни студии, а во континуитет или по избор на студентот кој завршил дипломски информатички студии, се изучуваат следните студиски програми:

- Компјутерски системи и мрежи
- Софтверски технологии

Студиските програми за стручни информатички студии од втор циклус, содржат 120 кредити (60 ЕКТС на дипломски информатички студии и 60 ЕКТС на последипломски стручни студии) траат две години (четири семестри) и со нивното

завршување заедно со првиот циклус, по вкупно стекнатите 300 кредити и одбрана на стручен магистерски труд, студентот добива диплома и се стекнува стручниот назив „МАГИСТЕР ПО ИНФОРМАТИКА“.

### Главна цел на студиската програма

Со воведувањето на нови студиски програми и организација на втор циклус последиплосмки стручни студии, базична цел е да се подигне степенот на квалитетот на високото образование во областа на информатичките науки преку воспоставување на стандардите усвоени на светски признатите факултети за информатика во земјите-членки на ЕУ и САД и на тој начин воспоставување на нови стандарди за работа и квалитет во сферата на високото информатичко образование, не само на локално туку и на регионално ниво и пошироко.

Крајната цел е да се создаде кадар кој во согласност со концептот на модерното високо образование преку совладување не само на теоретските знаења, туку и техниките применливи во информатичката пракса, да се профилира и да се стекне со стручни вештини за работа во сферата на примена на информатиката, извршната и законодавната власт, владини и невладини организации, за работа во претпријатијата и компании, како и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации итн.

### Специфични компетенции

Со совладување на студиската програмата на втор циклус на студии по Информатички науки студентот ќе биде способен за: анализирање на информатичките концепти, теории и прашања на систематски начин; идентификување на потенцијалните врски меѓу аспектите за познавање на предметот и нивната примена во информатичките односи; истражување на концептите и теориите во рамки на специфичните области на студирање; научно истражување во специфично поле на интерес во областа на информатиката; посветеност кон напредување и постигнување на резултати во науката на информатиката; аплицирање на науката на информатиката во пракса; ефективно комуницирање со и во деловни субјекти, невладини организации, државни институции и меѓународни организации; преземање одговорност за натамошен континуиран

професионален развој во специфична област на информатиката; соработка при решавање на проблемите од специфична област на информатиката и преземање поделена одговорност.

## 5.4 Факултет за безбедносно инженерство

### 5.4.1 Прв циклус

На Факултетот за безбедносно инженерство на прв циклус на студии акредитирани се следните студиски програми:

- Безбедност при работа
- Безбедност од пожари

Факултетот започна со работа од учебната 2012/13 година. Студиите на двете насоки на овој факултет се одвиваат во 6 семестри (180 ЕКТС). Вкупниот број на наставни предмети во текот на првиот циклус на студии изнесува 24, од кои 12 се задолжителни, а 10 изборни и 2 универзитетски изборни предмети, или за првите две години од студирањето, по година, вкупно 8 предмети, од кои 4 задолжителни и 3 изборни предмети и 1 универзитетски предмет, а за третата година, вкупно 8 предмети од кои 4 задолжителни и 4 изборни предмети. Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски предмети е согласно законските прописи. Задолжителните предмети носат по 8 кредити, и имаат оптовареност од 240 наставни часови, додека изборните предмети носат по 7 кредити и се со 210 наставни часови оптовареност. Оптовареноста по семестар е 900 наставни часови, или во текот на студирањето за шест семестри вкупната оптовареност е 5.400 наставни часови. Од изборните предмети на располагање на студентите им се нудат 20 во текот на студирањето, а тие се должни да одберат 10, и им се нудат 4 универзитетски предмети а мораат да изберат 2 предмети.

Студентот по одбраната на дипломската работа која е задолжителна се стекнува со звање ДИПЛОМИРАН ИНЖЕНЕР ПО БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА и ДИПЛОМИРАН ИНЖЕНЕР ПО БЕЗБЕДНОСТ ОД ПОЖАРИ

**Главна цел на студиската програма**

Создавање на услови за оспособување на студентите за спроведување на инженерско – безбедносни и менаџерски системи во областа на безбедноста на работата и безбедност од пожар е чекор напред кон градењето на стратегијата кон единствениот европски систем за образование на кадри.

Основни цели на студиските програми на Факултетот за безбедносно инженерство преку организирање на додипломски академски студии се насочени кон оспособување на студентите за примена на научни и стручни знаења во областа за решавање на проблемите како што се:  инженерството и менаџмент на управување со квалитетна работна, деловна и индустриска и животна средина во организациите и пошироко; безбедност и заштита на здравјето на вработените во организациите, како и развој на управување на системот за безбедност при работа; безбедност од пожар и менаџмент на управување со кризните системи и системот на безбедност од пожари при работа во организациите и пошироко.

**Компетенции**

Структурата на студентските програми, основни и дипломски академски студии, времето на студирањето и другите активности предвидени согласно со програмата на факултетот за безбедносно инженерство создадаат услови да се произведат квалитетни и компетентни стручни лица за извршување на квалитетна заштита при работа, заштита од пожар и безбедност при работа и безбедност на средините за дејствување и пошироко.

### 5.4.2 Втор циклус

На Факултетот за безбедносно инженерство на втор цисклус на студии акредитирани се следните студиски програми:

- Безбедност при работа, едногодишни студии
- Безбедност при работа, двогодишни студии
- Безбедност од пожари, едногодишни студии
- Безбедност од пожари, двогодишни студии

Студиите на двете насоки можат да бидат едногодишни (4+1) т.е. да се одвиваат во 2 семестри (60 ЕКТС) или двегодишни (3+2) т.е. да се одвиваат во 4 семестри (120 ЕКТС). На едногодишните студии (4+1) вкупниот број на наставни предмети изнесува 6,

од кои 2 се задолжителни, 3 изборни и 1 универзитетски изборен предмет. Соодносот задолжителни/изборни/универзитетски предети во текот на осумте семестри е согласно законските одредби.На двегодишните студии (3+2) вкупниот број на наставни предмети во првата година изнесува 8, од кои 4 задолжителни, 3 изборни и 1 универзитетски изборен.Во втората година од студиите, бројот на предмети изнесува еквивалентно како за програмата за едногодишни студии, т.е. 6 предмети од кои 2 се задолжителни, 3 изборни и 1 иниверзитетски.Вкупно на програмата (3+2) студентите слушаат вкупно 14 предмети од кои, 6 задолжителни, 6 изборни и 2 универзитетски.Задолжителните предмети носат по 8 кредити и имаат оптовареност од 240 наставни часови, додека изборните предмети носат по 7 кредити и се со 210 наставни часови оптовареност. Студентот по одбраната на магистерскиот труд се стекнува со звање МАГИСТЕР ПО БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА и МАГИСТЕР ПО БЕЗБЕДНОСТ ОД ПОЖАРИ.

### Главна цел на студиските програми

Основна цел на Факултетот за безбедносно инженерство е да се изврши оспособување на студентите за успешна примена на научни и стручни достигнувања од областа на инженерските безбедносни системи и менаџментот на управувањето со безбедност на работа и безбедноста од пожар во работната и деловната средина во организациите и пошироко. Цели на студиските програми се стекнување на знаења и вештини и тоа: идентификација на основни структури и процеси во системот на работната, индустриската и деловната средина во организацијата и пошироко; идентификација на опасности, ризици и примена на разни методи, анализа со превземање на активности за управување со организациски системи, и создавање на безбедносни услови за работа во работни средини и однесување кон ризици; образование и оспособување на вработените од областа на безбедност и заштита на здравје во работна средина, изработка на анализи, прегледи, испитувања, планирања, воведување на иновациски системи и раководење со системите за заштита на работната средина во организациите; оспособување и развој на системот од областа на заштитата од пожари и изработка на анализи, оценки, надзор, експертизи, проектирање, планирање и развој на системи за заштита од пожар.

### Специфични компетенции

Со совладување на студискиот програм на Факултетот за безбедносно инженерство – безбедност при работа и заштита од пожар, студентите се стекнуваат со професионална компетентност за извршување: примена на методи и постапки за правење на претходни анализи за совладување на ризици; мерење и контрола на квалитетот на работната, деловната и животната средина со манифестација на ризици; евидентирање, анализа и интерпретација на податоците, повредите, боледувањата, ефектите на работа и животната средина и ризици; организирање и известување за активностите за безбедноста на објектите, уредите, опремата организирање и спроведување на инфраструктурата на системот на менаџирање; разбирање на етичките прашања за заштита на работна и животна средина и развивање на инженерската етика и управувањето на системот на заштитата во организациите; примена на информатички и комуникациски технологии на следењето на иновациите во струката со совладување на знаења за решавање на проблемите од областа на безбедноста на работа и безбедноста од пожар; критички оценува податоци, донесува правилна проценка и изведува заклучоци, дури и врз основа на нецелосни или ограничени информации, користејќи ги актуелните достигнувања од областа на инженерството за безбедност при работа и безбедност од пожар; истражува примена на нови и развојни технологии, иновации и позитивни искуства во безбедносното инженерство.

## 5.5 Факултет за правни науки

### 5.5.1 Прв циклус

На Факултетот за правни науки се акредитирани една студиска програма за тригодишни и пет модули за четиригодишни правни студии. На тригодишните студии вкупниот број на наставни предмети во текот на студирањето изнесува 26 предмети од кои сите 26 се задолжителни. Бројот на предмети за првите две години од студирањето на овие студии изнесува 18, додека во последната трета година бројот на предмети е 8. Во поглед на оптовареноста на предметите, предметите кои имаат оптовареност од 240 наставни часови носат по 8 кредити, оние со оптовареност од 210 наставни часови носат по 7 кредити, предметите кои имаат оптовареност од 150 наставни часови носат 5 кредити, оние со оптовареност од 120 носат 4 кредити, а оние со најмала оптовареност т. е. 90 наставни часови носат 3 ЕКТС кредити. Оптовареноста по година изнесува 1800 наставни часови или во текот на студирањето за осум семестри вкупно 5400 наставни

часови. Сту дентот по завршувањето на третата година се стекнува со звање – правник и добива Уверение за завршени тригодишни правни студии со 180 ЕКТС кредити.

По завршувањето на тригодишните студии, студентот може да продолжи кон четвртата година, на еден од 5-те модули. На модулите можат да студираат студенти кои се стекнале со 180 ЕКТС кредити. Постојат вкупно 5 модули:

- Граѓанско право
- Административно право и јавна администрација
- Казнено право
- Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија
- Финансии и деловно право

Студиите се одвиваат во една академска година (два семестри). За секој од модулите, студентите слушаат вкупно 5 предмети во двата семестри со различна оптовареност: еден предмет со 180 наставни часови кој носи 6 ЕКТС кредити, три предмети со оптовареност од 240 наставни часови кои носат по 8 ЕКТС кредити и еден предмет со оптовареност од 420 наставни часови кој носи 14 ЕКТС кредити. За сите модули, студентите при изработката на дипломскиот труд се стекнуваат со 16 ЕКТС кредити. Во текот на едногодишните студии студентите се стекнуваат со 60 ЕКТС кредити и по одбраната на дипломскиот труд се стекнуваатсо звање – дипломиран правник.

## Главна цел на студиската програма

Во општество во кое сите се стремиме кон Европа, и во кое сме сведоци на континуирана и комплетна промена на законските регулативи, факултетот за правни науки е најдобрата институција која ќе ги подготви студентите да можат да се справат и квалитетно да ги следат измените на законите, да дебатираат за нив и да бидат подготвени еден ден и да ги изработуваат истите.

Главната цел на студиската програма е да се создаде кадар кој во согласност со концептот на модерното високо образование преку совладување не само на теоретските знаења, туку и техниките применливи во правната пракса, да се профилира и да се стекне со вештини за работа во сферата на правосудството, адвокатурата и нотаријатот, извршната и законодавната власт, владини и невладини организации, за

работа во претпријатијата и компании, како и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации итн.

#### Компетенции

Со совладување на студиската програма студентот ќе биде способен: за системско разбирање на високо ниво на правните рамки, институции и принципи кои ги регулираат правните текови од различни области на правото; способности за методолошка анализа и концептуално разбирање во поширока смисла на взаемното дејствување на правните, економските, социолошките и политичките феномени во денешното глобално живеење; критичко размислување и развиени способности за критичко и аналитичко решавање на проблемите кои можат да се применат во низа правни и други контексти; развиени комуникациски вештини.

### 7.4.2 Втор циклус

Следејќи ги современите трендови во европското високо образование и барањата на Болоњскиот процес за студентска мобилност, меѓу-универзитетска соработка и можност за размена на студенти, Студиската програма на Факултетот за правни студиие креирана според Болоњските стандарди за организирање на високообразовниот процес, преку примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), како и во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија, според моделот на студирање 3+2.

Во рамки на последипломските академски студии на Факултетот за правни студии, се изучуваат следните студиски програми:

- Административно право и јавна администрација,
- Граѓанско право,
- Казнено право,
- Меѓународно право, Право на ЕУ и дипломатија и,
- Финансии и деловно право.

Студиските програми за академските правни студии од втор циклус, содржат 120 кредити (последипломски академски студии) траат две години (четири семестри) и со нивното завршување заедно со првиот циклус, по вкупно стекнатите 300 кредити и одбрана на стручен магистерски труд, студентот добива диплома и се стекнува

стручниот назив „магистер по управно право; магистер по граѓанско право; магистер по казнено право; магистер по меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија; магистер по финансии и деловно право .

Студиските програмиза правни студии од втор циклус (последипломски академски студии) со траење од две години, односно 4 семестри, според видот на програмата се вреднуваат како академски студиски програми, а студиите имаат карактер на последипломски академски студии,студентот понивното завршување заедно со првиот циклус (додипломски студии) и втор циклус (последипломски академски студии), а по вкупно стекнатите 300 кредити и одбрана на стручен магистерски труд, добива диплома и се стекнува стручниот назив „МАГИСТЕР ПО ПРАВО “.

## Главна цел на студиските програми

Со воведувањето на студиската програма по Правни студии во прв циклус на студии и втор циклус стручни правни студии, базична цел на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р.Державин" – Свети Николе и Битола е да го подигне степенот на квалитетот на високото образование во областа на правните науки преку воспоставување на стандардите усвоени на светски признатите правни факултети во земјите-членки на ЕУ и САД и на тој начин воспоставување на нови стандарди за работа и квалитет во сферата на високото правничко образование, не само на локално туку и на регионално ниво и пошироко.

## Специфични компетенции

Со совладување на програмата студентот ќе развие: способност за анализирање на правните концепти, теории и прашања на систематски начин; способност за идентификување на потенцијалните врски меѓу аспектите за познавање на предметот и нивната примена во правните односи; способност за развивање на сопствен вредносен систем; способност за истражување на концептите и теориите во рамки на специфичните области на студирање; разбирање на структурите и целите на правото како такво; способност за научно истражување во специфично поле на интерес во областа на на правото; посветеност кон напредување и постигнување на резултати во науката на правото; способност за аплицирање на науката на правото во пракса.

# 6. Студенти

## 6.1 Број на студенти

### 6.1.1 Статистички податоци на запишани студенти за првпат на Универзитетот

Статистичките податоци кои беа потребни за овој извештај беа побарани од страна на службите за студентски прашања во Свети Николе и во Битола и за многу краток временски период истите беа обезбедени. Земени во предвид беа само студентите кои за прв пат се запишуваат во тековната година т.е. студенти во прва година на сите факултети и студенти кои прават трансфер од друг универзитет т.е. се запишуваат во повисока година на некој од факултетите на универзитетот за прв пат. Согласно релевантните податоци од минатиот период можеме многу прецизно да го детектираме растот или падот на интерес на секој од факултетите поединечно.

**Факултет за економија и организација на претприемништво**




Генерално може да се констатира дека се забележува стабилизација на бројот на нови студенти на овој факултет кој се движи во интервал помеѓу 150-200 вкупно запишани нови студенти. Очигледно е дека бројот на втор циклус на студии е околу 50-тина студенти.

Доколку навлеземе подетално во анализа според добиените податоци во академската 2016/17 година, се запишале вкупно 196 нови студенти, од кои 151 на прв циклу и 45 на втор циклус на студии, во академската 2017/18, вкупно се запишале 153, од кои 105 на прв циклус на студии и 48 на втор циклус а додека во академската 2018/19, вкупно се запишале 180, од кои 143 на прв циклус на студии и 37 на втор циклус.

Просекот на упис на студенти на Факултетот за економија и организација на претприемништво на прв и на втор циклус во последните 3 години (2016/18), спореден со претходните 3 години (2013/15), има пад од 12%.

### Факултет за психологија




Факултетот за психологија гледано преку призма на статистичките податоци за упис, се забележува благ пад во поглед на интересот за овој факултет.

Детално, за академската 2016/17 година, се запишале вкупно 148 нови студенти, од кои 120 на прв циклус и 28 на втор циклус на студии. Во академската 2017/18, вкупно се запишале 127, од кои 103 на прв циклус на студии и 24 на втор циклус, а додека во академската 2018/19, вкупно се запишале 117, од кои 96 на прв циклус на студии и 21 на втор циклус.

Просекот на упис на студенти на Факултетот за психологија на прв и на втор циклус во последните 3 години (2016/18), спореден со претходните 3 години (2013/15), бележи пад од 8%.

## Факултет за безбедносно инженерство




Од графичкиот приказ на кој се прикажани бројот на запишани студенти на Факултетот за безбедносно инженерство може да се забележи една константа во поглед на бројот на студенти кои се запишуваат на втор циклус на студии.

Ако навлеземе подетално во добиените статистичките податоци констатираме дека во академската 2016/17 се запишале вкупно 153 стденти, од кои 109 на прв и 44 на втор циклус на студии. Наредната 2017/18 година се запишале вкупно 133, од кои 89 на прв и 44 на втор циклус. Академската 2018/19 година вкупниот број на запишани студенти бил 101, од кои 66 на прв и 35 на втор циклус на студии.

Просекот на упис на студенти на Факултетот за безбедносно инженерство на прв и на втор циклус во последните 3 години (2016/18), споређен со претходните 3 години (2013/15), бележи раст од 8%.

### Факултет за информатика




Согласно податоците кои беа добиени за овој факултет, графички прикажани, може да се констатира дека во академската 2016/17 година имало рекорден број на студенти запишани на прв циклус, вкупно 74, а во наредната академска година, тој број паднал на 39. Во академската 2018/19 година, трендот има нагорна линија, со тоа што се запишале вкупно 54 студенти на прв циклус и за прв пат вкупно 49 на втор циклус на студии

Просекот на упис на студенти на Факултетот за информатика на прв циклус во последните 3 години (2016/18), спореден со претходните 3 години (2013/15), бележи пад од 23%.

### Факултет за правни науки




Графичкиот приказ кој произлегува од резултатите добиени од службите говори дека има една стабилизација на бројот на студенти кои се запишуваат на правниот факултет кој се движи помеѓу 120-160 студенти.

Во академската 2016/17 година, се запишале вкупно 122 нови студенти, сите на прв циклус на студии со оглед на фактот што втор циклус на студии на овој факултет во тој период не бил организиран, додека во академската 2017/18, вкупно се запишале 132 студенти, од кои 90 на прв циклус и 42 на втор. Во академската 2018/19 година бројот на уписи бил вкупно 161 студент, од кои 129 на прв циклус и 32 на втор циклус на студии.

Просекот на упис на студенти на Факултетот за правни науки на прв циклус во последните 2 години (2017/18), споредeн со претходните 3 години (2015и 16), бележи пад од 18%.

### Кумулативен број на студенти запишани на МСУ




Согласно добиените и обработени резултати од службите на МСУ, вкупниот број на запишани студенти за првпат на универзитетот се движи помеѓу 600-700 студенти, што одговара на проекциите кои се правени од страна на менаџментот.

Уписот во академската 2016/17 бил најдобар во досегашното работење на универзитетот и тој број од 693 студенти запишани на прв и на втор циклус на студии преостанува во наредниот период да биде предизвик за наредните уписни години.

Академската 2017/18 вкупниот број на студенти за првпат се спушта под 600, а додека во академската 2018/19 година, тој број се искачува на 662.

Ако се анализираат посебно првиот и вториот циклус на студии, не може да се најде нивна взаемна корелација и тој број зависел од година во година.

Просекот на упис на студенти на Универзитетот кои за првпат се запишуваат на прв или втор циклус во последните 3 години (2016/18), спореден со претходните 3 години (2014/16), бележи раст од 8%.

## 6.2 Преодност на студенти

Во академската 2016/17 година започна да се води анализа околу проодноста на студентите кои запишуваат наредна година. Генерацијата на економисти за прв пат запиашни 2016/17 година во прва година, од вкупно 110, само 83 запишале втора година што значи дека 25% од студентите не успеале да исполнат услов да ја запишат наредната година. Наредната 2018/19 година, истата генерација од вкупно 90 запишале трета година 76 студенти.

| Генерација 2016/17 | Упис на студенти во прва година | Преодност 2017/18 | | | Преодност 2018/19 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Факултети** | **Студенти** | **Во 2-ра година** | **%** | **трансфери** | **во 3-та година** | **%** | **трансфер** |
| **Економија** | 110 | 83 (90) | 75,5 | 7 | 76 (89) | 84,4 | 13 |
| **Психологија** | 106 | 79 (80) | 74,5 | 1 | 74 (79) | 92,5 | 5 |
| **Информатика** | 49 | 42 (60) | 85,7 | 18 | 40 (51) | 66,7 | 11 |
| **Безбедносно инженерство** | 105 | 79(87) | 75,2 | 8 | 87 (88) | 100 | 1 |
| **Правен** | 55 | 44 (54) | 80 | 10 | 51 (62) | 94,4 | 11 |
| Вкупно | 425 | 327 (371) | 76,9 | 44 | 328 (369) | 88,4 | 41 |

| Генерација 2017/18 | Упис на студенти во прва година | Преодност 2018/19 | | |
|---|---|---|---|---|
| **Факултети** | **Студенти** | **во 2-ра година** | **%** | **трансфери** |
| **Економија** | 74 | 52 (68) | 70,3 | 16 |
| **Психологија** | 102 | 81 (87) | 79,4 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Информатика** | 24 | 18 (30) | 75 | 12 |
| **Безбедносно инженерство** | 84 | 63 (67) | 75 | 4 |
| **Правен** | 49 | 41 (49) | 83,7 | 8 |
| **Вкупно** | 333 | 255 (301) | 76,6 | 46 |

## 6.3 Број на издадени дипломи на универзитетот

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г .Р. Државин“ секоја година свечено ги доделува дипломите на своите дипломирани студенти и магистри на 24 Мај - Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј. Токму поради таа причина е земен пресек и по тој датум се води евиденцијата на издадени дипломи.

### 6.3.1 Прв циклус на студии




Евидентно е дека во периодот кој е предмет на ова истражување, бројот на издадени дипломи е скоро ист по годишни интервали. Трендот на најмногу издадени дипломи убедливо го има Факултетот за економија и организација на претприемништво, а останатите факултети не издаваат повеќе од 50 дипломи на прв циклус на студии.

Вкупниот број на издадени дипломи на прв циклус на студии за периодот 05/2016 – 05/2017 изнесува 275, а наредниот период 279.

Во периодот од 05/2016-05/2017 на ФЕОП се издадени 135 дипломи, на Факултетот за психологија 43, Факултетот за информатика – 29, Факултетот за безбедносно инженерство – 46, додека на Факултетот за правни науки се издадени вкупно 22 дипломи.

Во периодот од 05/2017-05/2018 на ФЕОП се издадени 121 дипломи, на Факултетот за психологија 49, Факултетот за информатика – 24, Факултетот за безбедносно инженерство – 43, додека на Факултетот за правни науки се издадени вкупно 42 дипломи.

### 6.3.2 Број на издадени дипломи на втор циклус на студии




Бројот на издадени дипломи за втор циклус на студии се движи околу 60 на годишно ниво за периодот кој е предмет на ова истражување. Бројот на издадени дипломи на втор циклус е сличен и со претходните периоди што говори за една избалансираност.

Ако навлеземе во статистичките детали констатираме дека во периодот од 05/2016-05/2017 на ФЕОП се издадени 25 дипломи, на Факултетот за психологија - 16 и на Безбедносно инженерство – вкупно 17 дипломи.

Во периодот од 05/2017-05/2018 на ФЕОП се издадени 28 дипломи, на Факултетот за психологија 15, додека на Факултетот за безбедносно инженерство се издадени вкупно 18 дипломи на втор циклус на студии.

## 6.4 Мобилност и размена на студенти

Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Дерзавин" има големо искуство во меѓународните односи и соработката со голем број универзитети.

Канцеларијата за меѓународни односи, продеканите за меѓународна соработка, проректорот за меѓународна соработка се посветени на зајакнување на соработката на Универзитетот со нашите партнери од други земји, но исто така и во креирањето на нови партнерства.

Секоја година, Канцеларијата за меѓународни односи испраќа околу 30 студенти на размена на студенти во Русија, Бугарија и Србија, а нашиот универзитет секоја година ги посетува студентите од Русија.

Нашите партнерски универзитети се претежно од Русија, бидејќи нашиот корпоративен универзитет е Тамбовскиот државен универзитет „Г. Р Државин" е од Тамбов, Русија. Наши партнери се исто така и универзитети од Балканот поради нашата географска поставеност на средината на Балканот. Што се однесува до балканските земји, можноста за лесно разбирање едни со други, со луѓето од словенските земји, е од непроценлива вредност.

Акцентот на балканските вредности, традиции и принципи во големото европско семејство ќе го зајакне мултикултурализмот, ќе ги промовира различните јазични и културни особености на овие земји и на тој начин ќе направи чекор кон пристапување на овие земји во големото европско семејство.

На нашиот универзитет, за студентите од Економскиот факултет и Организацијата на претприемништво и Психологија, ние нудиме можност за стекнување двојна диплома - македонска и руска диплома од нашиот корпоративен универзитет на Тамбовскиот државен универзитет „Гаврило Романович Државин" од Тамбов, Русија. Исто така, во завршна фаза се и преговорите со Липецкиот државен педагошки универзитет за размена на студенти од Факултетот за информатика.

За да се добие двојна диплома, потребно е да се положат испити во македонската програма и еднаш годишно, студентите патуваат во Русија каде што полагаат испити од руската програма. По четиригодишно студирање на двојните студиски програми, студентите ги стекнуваат двете дипломи од нашиот Универзитет и Универзитетот Тамбов.

Еразмус+ како европска програма за соработка во полето на високото образование нуди можност студентите да поминат дел од нивните студии или практична работа во некоја од земјите кои учествуваат во Програмата. Оваа можност е отворена само за студенти чиј универзитет учествува во Програмата Еразмус+ т.е. е носител на Еразмус Универзитетска Повелба.

Програмата за доживотно учење, односно секторската програма „Еразмус+" е двигател на модернизацијата на високото образование во Европа и го инспирираше воспоставувањето на болоњскиот процес, и има за цел да придонесе за развој на Европа како напредно општество на знаење со одржлив развој, поголема општествена кохезија и подобри работни места за своите граѓани. Со цел постигнување на овие цели, програмата поттикнува размена, соработка и студентска мобилност на подрачјето на Европа. Академската мобилност им овозможува на студентите на размена образовно искуство во поинаква академска, културна и општествена средина. Како резултат на тоа, студентите кои оствариле студентска мобилност ги зголемуваат своите можности за вработување, се зголемува општествената свест кај поединците, како и нивото на толеранција и свесност за потребата од борба против сите облици на дискриминација.

Цели на студентската мобилност за студирање:

- да ги подобри знаењата на студентот како и неговите лингвистички и културолошки познавања преку студирање во странство,
- да поттикне соработка помеѓу високообразовните институции и да ја збогати наставната средина,
- да придонесе кон развојот на млади индивидуи кои биле висококвалификувани идни професионалци сомеѓународни познавање и искуство,да го фасилитира процесот на трансфер на кредити и признавање на другите квалификации стекнати за време на престојот во странство користејќи ЕКТС или друг компатибилен систем.

## 6.5 Стипендии

**Официјален конкурс за стипендии на МСУ**

Меѓународниот славјански универзитет „Г. Р. Державин“ веќе има децениски континуитет кога е во прашање препознавањето и вреднувањето на квалитетот на младите лица, тековните матуранти, за секоја академска година и преку програми за стипендирање се обидува да стимулира и вреднува квалитетни, амбициозни, вредни, талентирани млади лица. Универзитетот секоја година несебично одвојува значителна сума на средства за обезбедување на стипендиите со цел да привлече што поамбициозни и што повредни студенти на своите факултети.

Вредно за напоменување е дека универзитетот ги обврзува своите стипендисти, со склучен договор, дека за да бидат стипендисти неопходно е да студираат редовно, да имаат просек во претходната година и да бидат активно вклучени во активностите на универзитетот, со тоа што истата стипендија ја продолжува до завршувањето на првиот циклус и факултетот кој одбрале да го студираат.

Факт е дека моделот на стипендирање се менувал низ годините, но суштината секогаш била да се наградат најдобрите матуранти кои се пријавувале на конкурсите.

Иако секоја година се менуваат членовите на комисиите за доделување на стипендии, најголем дел од нив ја детактираа слабоста на моделот (микс од успехот од средно образование, успехот од државна или меѓународна матура и успехот од тест) и намалениот интерес кај младите за изложување на тест, посебно кај Факултетот за безбедносно инжинерство кој воопшто нема сроден предмет кој се изучува во средните училишта, па како најбезболно решение се спроведуваше општ тест по математика.

Токму оваа забелешка беше една од главните препораки во ова поглавје во Самоевалуацијата на универзитетот за период 2014-2016 година, беше сериозно разгледана од Ректорската управа и менаџментот, и се направи промена на концептот на стипендирање со вметнување на интелектуална игра и многу повеќе логички прашања и загатки како и прашања од областа на општата култура која требаше да мотивира поголем број на млади и креативни лица кои ќе можат да ги изразат своите креативни и логички способности и токму тие вредности да бидат главен „адут“ при добивањето на вредните стипендии.

Тој модел се подготвуваше скоро една цела година, се правеа и консултации со стручни лица од повеќе области и конечно, во Конкурсот за стипендии за академската

2018/19 година, кој излезе во месец април 2018 година, беше објавен повик за тековните матуранти во таа година да се натпреваруваат за Стипендии кои ги доделува Славјанскиот универзитет преку интелектуалната игра DerzhaWIN.

Специфично за оваа натпреварување е што учениците наместо да бидат тестирани од област која досега малку ја имаат истражувано или воопшто ја немаат изучувано, тие ќе имаат можност преку игра да ги докажат нивните дотогашните стекнати знаења и вештини. Всушност тоа е игра на вештини, знаење, креативност, способност за снаоѓање, менаџирање со времето и интелигенција опфаќајќи разни загатки, креативни задачи, логички прашања, прашања од областа на јазиците, географијата, технологијата и слично.

Исто така уникатно за пријавувањето на овој Конкурс беше и суштинската промена во моделот за тимска работа т.е. за прв пат беше воведена ТАНДЕМ стипендија т.е. микс од двајца млади и амбициозни потенцијални студенти кои еден со друг ќе се надополнуваат и интелектуално ќе се надмудруваат со останатите тандеми.

Тестирањето во претходните години се спроведувало и во Свети Николе и во Битола, а со воведувањето на оваа игра, беше одлучено да се спроведе тестирањето само во Битола, на едно место каде што сите пријавени тандеми ќе можат во реално време да се натпреваруваат.

Согласно одобрениот буџет за академската 2018/19 година (април 2018), беа одобрени вкупно 18.000 евра, предвидени за стипендии.

Вкупниот број на стипендии беше 6, од кои 2 за првиот тандем во вредност од 1000 евра по студент, т.е. 2000 евра за двајцата студенти за во прва година, 2 за вториот тандем со вредност од 750 евра по студент, т.е. 1500 евра за двајцата студенти и 2 стипендии за третиот пар со вредност од 500 евра за година т.е. 1000 евра за двајцата студенти за прва година, или вкупно 4500 евра по година. Бидејќи сите овие стипендии се со можност за продолжување, максималното времетраење на една студиска година изнесува 4 години (економија и психологија) тогаш максималниот износ на овие стипендии доделени во академската 2018/19 изнесува 18.000 евра.

Согласно податоците од административната служба на универзитетот околу продолжувањето на стипендиите на веќе добиените стипендии во претходните студиски години, констататираме дека процентот на продолжување изнесува 100% т.е. ниту еден студент не ја загубил стипендијата заклучно со септември 2018 година, што ја потврдува

тезата дека се работи за квалитетни студенти и дека стипендиите паднале во вистински раце.

**Стипендии за најталентирани есеисти**

Средношколците, поточно матурантите, кои се новите идни студенти треба да се носители на движечката енергија на едно општество. Нивното продолжување на животниот пат во насока на факултетското образование е секако начин да се оформат како академски граѓани, да стекнат знаења и вештини од научната област за која ќе се определат но секако и начин да се здобијат со животни вештини. Нивната цел за време на факултетските денови не е само да го научат материјалот што им е зададен на предавањата, но исто така да можат да го имплементираат во секојдневието по устен и писмен пат.

Еден од начините да ја формираат нивната мисла на изразување по писмен пат се есеите. Не случајно новите промени во високо-образовниот процес во Северна Македонија го опфаќаат есејот како начин на изразување на научените предмети и стекнатите вештини.

Целта со распишувањето на конкурсот за есеи од страна на Меѓународен Славјански Универзитет е да се поттикнат средношколците од цела Северна Македонија да се изразуваат писмено, со што се развиваат квалитетни вештини на изразување. Ова претставува добра подготовка за нивниот живот како академски граѓани.

Есејот е форма која им овозможува на младите на слободен начин да ги искажат нивните ставови и размислувања на одредена тема која ним им е соодветна и блиска. Со овој конкурс исто така сакаме да создадеме „место" каде средношколците ќе можат да ги споделат своите ставови без страв и притисоци. Воедно, сакаме да слушнеме што тие имаат да кажат за средината во која живееме, за нивната визија за иднината и за нивните стремежи да го направат светот поубаво место за живеење.

Реалноста е дека во Северна Македонија во моментов средношколците, освен социјалните мрежи, немаат многу медиуми преку кои би се изразиле. Тоа е нешто што сакаме да го промениме. Освен социјалните мрежи каде што не секој се охрабрува да се изрази, писмената форма на есеј им ја дава целосната слобода на изразување а воедно и валоризирање на нивниот труд. Прегледувањето на есеите се прави од стручен тим кој го оценува начинот на изразување на средношколецот, употребата на јазикот во писмена форма, но и текот на мислата во изразувањето, употребата на јазични изразни средства. Воедно, збирот на есеи во една публикација е одраз на времето во кое живееме затоа

што во само една книга, на неколку зададени теми можеме да го увидиме интересот на младите за се она што ги опкружува.

Вредноста на стипендиите беше 300 евра, 200 и 100 евра, еднократни средства со исклучително висок одзив на овој конкурс. Првата година од кога ја започнавме оваа програма (2017) беа пријавени 209 есеи напишани од 170 средношколци, додека втората година (2018) имаше пријавено 234 есеи напишани од 209 средношколци.

Сакаме да потенцираме дека Конкурсот донесе позитивна атмосфера не само помеѓу учениците, туку и помеѓу нивните ментори кои им помагаат и им даваат упатства како подобро да се подготват за учеството. Менторот, кој во најчест случај е долгогодишен професор на тој кандидат и го познава неговиот талент или дарба може најдобро да го насочи својот студент да ја следи својата насока и својот животен пат.

Резултатите од овој конкурс можат да бидат различни, но во секој случај позитивни како искуство за секој учесник. Некои од овие кандидати можеби ќе го пронајдат својот талент во пишувањето па и тоа ќе им стане професија, некои од нив можеби само уште повеќе ќе се мотивираат да изберат една од струките за која што се изразувале во есејот а некој можеби само ќе го пробие мразот и стравот кој го имал незнаејќи дали поседува талент за пишување.

Придобивките се многубројни, но едно можеме да констатираме, а тоа е дека конкурсот дава надеж за младите генерации кои повторно се враќаат кон пишаниот збор со цел изразување на нивните мисли и идеи.

Тоа е уште една препорака која е земена во предвид од претходната самоевалуација на универзитетот и радува фактот што се прават видни напори да се обезбедат дополнителни средства за проширување на овие програми се со цел да се наградат што повеќе квалитетни млади талентирани лица, да се поттикнат и стимулираат да творат,да го развиваат својот талент во пишување и секако да ги намалат своите трошоци за студирање.

**Стипендии кои ги доделува Министерство за образование и наука на Р.Северна Македонија**

Како што е општо познато, студентите на Меѓународниот славјански универзитет „Г.Р.Државин“ имаат можност да се стекнат и со вредни стипендии кои ги доделува надлежното министерество.

Според конкурсите кои ги објавува министерството, постојат три вида на стипендии: прва група за студенти од социјални категории, втора група за студенти со особен висок успех и трета група за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно- математички, техничко-технолошки, биотехнички и/или медицински науки.

Службите за стдентски прашања немаа конкретен одговор и точно прецизирана бројка на студенти на Славјанскиот универзитет кои ги користат овие стипендии, но ориентационо таа бројка се движи во интервал од 40-50 студенти.

Комисијата смета дека овој недостаток треба да биде отстранет во иднина и дека во координација со системот за менторирање, секоја година, треба да се има список на студенти кои користат стипендии од Министерството.

## 6.6 Здружение на студенти

Здружението на студенти при МСУ е основано во 2007-мата година од страна на студентите, како посебно правно лице. Здружението има многу активности во текот на целата година, а генерално нивните активности се сведуваат на учество и организација на настаните на универзитетот.

Преку здружението на студенти се организираат бесплатни работилници и обуки за нашите студенти, но и за други заинтересирани граѓани. Тие секоја година се дел од организација на меѓународната научна конференција во Св. Николе во организација на МСУ, се вклучуваат во студентските размени, даваат предлози за организација на настани итн. Студентите организираат крводарителски акции, студентски забави и екскурзии.

Уште една активност која се повторува на годишно ниво е Софра, меѓународниот натпревар во кулинарство, на кој нашите студенти учествуваат со две екипи – едната од Св. Николе, а другата од Битола. Натпреварот се одржува во Охрид и традиционално го приредува МСУ во соработка со Амбасадата на Руската Федерација во Северна Македонија и сл.

Најголемата предност на здружението е можноста студентите да се дружат меѓусебно и да споделуваат идеи, иновации, креативност. Тие го организираат и традиционалниот планинарски марш до манастирот Трескавец во Прилеп, каде што

покрај студентите планинарат и нивните наставници, асистенти, административци и други гости.

Во наредните неколку страници се наведени сите активности кои произлегуваат од здружението. Студентите, како иницијатори на овие настни значајно придонесуваат за квалитетот на студентскиот живот на универзитетот од аспект на културата спротот и науката.

Студентите беа иницијатори и на проектот смарт боенки (http://smartboenki.mk/) и восоработка со нашата издавачка куќа ги подготвија боенките чии ликови оживуваат со помош на смартфон или таблет. Боенките доаѓаат со апликација, преку која камерата од смартфонот или таблетот се насочува кон боенката и цртежите оживуваат. Проектот траеше три месеци и се подготви во тек на 2017 година.

## 6.7 Спортски активности

Спортските активности придонесуваат кон јакнење на универзитетскиот дух и чувството на припадност кај студентите. Спортот исто така помага во формирањето на карактерот на студентите, чувството за грижа за самите себе, дисциплината и подобро здравје. Поради бројните придобивки од спортските активности, МСУ се грижи студентите да имаат можности да ги остварат своите спортски интереси.

### 6.7.1 Ракомет

ЖРК Славјански Универзитет е единствениот женски ракометен клуб во Свети Николе. Уште од самото основање на тимот, МСУ се грижи за унапредување на ракометната игра во општината. ЖРК Славјански Универзитет како дел од Меѓународниот Славјански Универзитет Свети Николе – Битола е ракометен клуб кој се натпреварува во првата македонска женска лига – Суперлига, лига на кадетки и пионерки.

Клубот брои околу 100 ракометарки од 11 до 25 години. Дел од ракометарките на ЖРК Славјански Универзитет се и студентки на Меѓународниот Славјански Универзитет.

Меѓународен Славјански Универзитет секоја година ги обезбедува основните потреби за игра на ЖРК Славјански Универзитет. Клубот, меѓу другото го рекламира Меѓународниот Славјански Универзитет. Ракометниот клуб низ текот на години има

освоено многубројни награди во државните лиги и купови со што придонесува за подобра реклама и претсавување на Универзитетот, но и за јакнење на универзитетскиот дух.

Клубот особено внимание посветува на работа со младите категории, каде тренираат околу 70 девојчиња во различни категории и се натпреваруваат со голем успех во младинските категории од овој погон.

Во изминатите години наши ракометарки заминаа во поголемите клубови каде се натпреваруваат со успех. Во ракометниот клуб „Вардар" заминаа нашите ракометарки Леонида Гичевска, Нина Ладева и Ана Иванова и во ракометниот клуб „Металург" замина нашата ракометарка Јована Владева.

Соодветно на тоа, комисијата оценува дека клубот игра значајна улога во препознавањето и развивањето на талентите, кои почнуваат да тренираат во младите години и подоцна, како студентки на МСУ да ги продолжат нивните професионални кариери во ракометот.

### 6.7.2 Футсал

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" е рамноправен член во Универзитетската спортска федерација на Р. Северна Македонија која ги организира спортските активности помеѓу студентите на сите универзитети во нашата земја, преку систем на натпреварувања, организирани во универзитетски лиги. Универзитетот активно партиципира во лигите започнувајќи од 2015 година, со тоа што согласно потенцијалот на студентите во тековната година пријавува екипи кои се натпреваруваат со останатите.

Благодарение на системот за менторирање на стартот на секоја академска година, добиваме релевантни информации на професионални или полупрофесионални спортисти кои решиле да се запишат на некои од факултетите на универзитетот. Генерално доминираат фудбалери, кои играат во првата и втората лига во националните првенства, но и други спортисти како од екипните, така и од поединечните спортови. Поголем дел од нив имаат значајни остварувања на државно ниво, а дел од нив имаат значајни достигнувања на меѓународни, европски и светски првенства. Согласно овој спортски потенцијал со кој располага универзитетот, се пријавуваат и соодветни екипи.

Во периодот кој го опфаќа овој извештај за самоевалуација, Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" пријавувал екипа само во мал фудбал и

куглање. Екипата за мал фудбал броела најчесто од 10-14 лица за натпревар т.е. 20-тина студенти во поширокиот список на екипата. Натпреварите во мал фудбал согласно програмата и планот кој ги изработува Федерацијата се одвиваат во различни градови, Скопје, Штип, Битола, Тетово. Согласно политиката на МСУ за стимулирање на професионалните спортисти, свои студенти, сите трошоци кои произлегуваа од овие натпреварувања, котизација, превоз, дресови, храна, припреми беа покриени од страна на универзитетот. Евидентно беше задоволството на студентите кои беа мотивирани и оствариja неколку победи над другите конкурентни екипи.

Благодарение на перманентното вложување во оваа екипа, истата е веќе препознатлива помеѓу студентите, оние професионални фудбалери кои поради интензитетот и фрекфенцијата на тренинзи и ангажмани во своите клубови најчесто ги прескокнувале активностите на овој студентски клуб, во последните години е забележан големо поместување и мотив да се учествува, имаме квалитетни генерации и се поголем одзив на млади талентирани спортисти кои сакаат да земат активно учество, соработуваат, ја подобруваат својата игра и сакаат да придонесат за клубот да биде на самиот врв.

### 6.7.3 Параглајдерство

Како општествено-одговорна институција, Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" ја разбира потребата од вложување во иднината на талентираните млади луѓе и токму затоа ние го поддржуваме параглајдеристот Борјан Јованоски не само како наш студент, туку како, пред се, надежен талент на Северна Македонија.

Во последните неколку години во име на МСУ тој ги постигна следниве успеси:

- 1-во место – Натпревар за прецизно слетување во Драма, Грција
- 1-во место – Светски куп во параглајдерство – дисциплина прецизно слетување во Валона, Албанија
- 1-во место - Paragliding European Cup Pernik во Перник, Бугарија
- 1-во место - Победник во прецизно слетување, прелети и сериска класа, Македонска параглајдинг лига
- 1-во место - евкупен победник на третиот Европски Куп за 2018 година и победник на државното првенство во прецизно слетување.
- 1-во место - Трета македонска лига во прецизно слетување
- 1-во место - PreWorlds in Serial Class
- 2-ро место - Macedonian Open Krusevo

- 2-ро место - Paragliding Accuracy World Cup – Wasserkuppe, Germany
- 2-ро место – Bg Accuracy League – 2016 PERNIK OPEN – Перник, Бугарија
- 2-ро место – Светски куп во Бугарија
- 2-ро место - Љуботен Опен 2018
- 3-то место – Меѓународен натпревар во параглајдерство - Прилеп
- 5-то место - 6th FAI European Paragliding accuracy Championship, во Словенија
- Учество на Светско првенство во Валона, Албанија, 33-то место од 147 наптреварувачи од 28 земји

### 6.7.4 Шах

Младинскиот шаховски турнир „Державин 2016“ се одржа во Битола на 23 и 24 декември 2016 година на кого се пријавија и натпреваруваа 54 кандидати, играјќи 9 кола во два дена невно по Швајцарски систем. Организатор на турнирот во целост се јави Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ со стручна помош во организацијата и судењето од членови на шаховскиот клуб „Стевче Патако“ од Битола.

Во многу пријатна атмосфера универзитетот ги отвори вратите за овие млади шахисти и обезбеди двајца исклучително квалитетни луѓе кои покрај правилата делуваа едукативно нудејќи им совети и стручна помош околу подобрување на нивната игра.

Беа ангажирани Велемајсторот Влатко Богдановски и шахистот Миодраг Јазанџиоски.

Вториот ден, по завршувањето на последното коло и свеченото доделување на наградите од страна на ВМ Влатко Богдановски беше организирана „симултанка“ со најдобро 25 пласирани на турнирот кој побуди големо задоволство кај сите учесници на овој турнир.

Првопласирани на урнирот беа младите шахисти: Птоломеј Петар Стојановски од Скопје кој ја освои првата нагрта (лаптоп), второпласиран беше Давид Манески од Прилеп го освои второто место ( 9`` таблет) и третопласиран на овој турнир беше воедно и најмладиот учесник воопшто, Иван Велкоски од Охрид (шаховски сет).

Иако прв турнир од ваков вид во церосна организација на универзитетот, турнирот „Державин“ беше оценет од пошироката шаховска јавност во нашата земја како

исклучително успешно „новороденче“ со одлична организација и поставеност кон натпреварувачите, не само во натпреварувачки аспект, туку и во советодавна конотација со младите таленти, дружење и градење на шаховската логика и култура како една општествена придобивка од оваа кралска игра.

**Шаховски турнир „Државин 2017“**

Согледувајќи ги предностите, но и мааните од првото искуство на шаховскиот турнир „Државин“, согледувајќи и ја состојбата на шаховските клубови во Битола и Пелагонискиот регион, управата на Меѓународниот славјански универзитет „Г. Р. Државин“ реши да посвети посебно внимание и уште повеќе да го развие овој турнир со тенденција истиот да прерасне во традиција. Турнирот повторно го зачува младинскиот карактер, со тоа што возрасниот лимит беше до 27 години, а за прв пат во организација покрај шаховскиот клуб „Стево Патако“ од Битола, универзитетот оствари соработка и со Шаховската Федерација на Р. Северна Македонија, која за потребите на турнирот помогна со сетови на табли и фигури и шаховски дигитални часовници што значително ги подобри можностите и го скрати времето, бидејќи во ист момент се играше на 35 табли. На овој турнир бројот на пријавени натпреварувачи беше 70.

Како и на првиот, така и на овој втор турнир се играше по сличен Швајцарски модел во 9 кола, дводневно. Турнирот се одржа на 23 и 24 декември 2017 година.

Специфично и вредно за споменување е тоа што за овој турнир гости од шаховскиот свет беа Велемајсторот Влатко Богдановски, Велемајсторот Трајче Недев, Интернационалниот мајстор и меѓнароден шаховски судија Тони Кировски, а ВМ Влатко Богдановски одигра две симултанки на 24 декември. Една беше со младите учесници, најдобри 35, а втората симултанка беше со препознатливи лица од јавниот живот на Битола. Овој настан побуди сериозен интерес од пошироката јавност бидејќи беше автентичен и ретка прилика каде што познати пеачи, глумци, спортисти, сценографи, актери, глумци, стопанственици, научници, професори, доктори (вкупно 35) играа симултанка со битолскиот Велемајстор Богдановски и можеа да ги покажат своите шаховски вештини. Овој настан беше од ревијален карактер и истиот придонесе за подигнување на шаховската свест во Битола, Пелагонискиот регион, но и свеста генерално во нашата земја..

Победник на турнирот „Државин 2017“ беше Тони Лазов од Неготино, (златна плакета и лаптоп), второто место (сребрена плакета и таблет) го освои прилепчанката Викторија Велеска, а третото (бронзена плакета и шаховски сет) Хедон Мифтари од Струга. На овој турнир беа доделени и специјални плакети за: • Најдобрата шахистка •

Најперспективниот млад шахист (до 18 години) Наградата за првото место беше доделена од првиот секретар на Амбасадата на Руската Федерација во Р. Северна Македонија, г-дин Александар Алексеев кој се обрати пред учесниците и го објасни значењето на шахот во Русија и Северна Македонија.

**Шаховски турнир „Државин 2018“**

Согласно концептот за развивање на овој шаховски турнир, од страна на менаџментот на универзитетот беше побарано соработката да се прошири со други субјекти и конечно после две успешни години позади себеи веќе препознатливост во нашата земја, шаховскиот турнир „Државин“ да биде рејтингуван преку светска шаховска федерација. За таа цел беше продлабочена соработката со ИМ Тони Кироски, кој официјално го пријави турнирот и истиот за прв пат беше видлив за целиот свет преку светската шаховска федерација. Турнирот официјално доби и свој линк на светската федерација, што претставува еден квантен скок напред во поглед на развојот на овој турнир. Специфично за овој турнир е што повторно го зачувува својот младински идентитет, но овој пат покрај возрасниот лимит беше поставен и рејтинг лимит со цел да се направи уште поинтересно самото натпреварување.

Иако овој турнир организациски започна да се работи уште во април, 2018 година, поради лошиот тајминг и набиената шаховска агенда во месец декември како и поради претстојното европско шаховско првенство, не дозволи да се зачува традицијата на организација на овој турнир во месец декември, туку истиот мораше да биде префрлен и закажан за месец јануари.

### 6.7.5 Куглање

Покрај, екипата за мал фудбал, Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ имал и свои студенти кои се натпреварувале во поединечните студентски првенства, како што е првенството во куглање кое најчесто се одржува во кугларницата „Мусандра“ во ГТЦ во Скопје. На овие натпреварувања благодарение на членови на кугларскиот клуб Пелистер од Битола кои воедно се и наши студенти, биле постигнувани одлични резултати.

Куглањето како спорт е една од спортско-рекреативните активности кои ги обединува студентите на Меѓународниот славјански универзитет. Овие активности имаат и своја традиција започнувајќи од 2006 година, каде што преку Студентскиот сојуз на универзитетот, во кугланата во Битола, се правеле многу аматерски студентски турнири во кои студентите се дружеле, рекреирале и забавувале, а таа традиција трае

повеќе од една деценија, со напомена дека во периодот кој го обработуваме, вакви активности имало вкупно 6 (шест).

Универзитетот се јавувал и во минатото како поддржувач на кугларките активности на младите, а во 2017 и 2018 година е поддржувач на еден голем проект „Кугламе и сме среќни" во Битола, во кој покрај фирми од бизник секторот учествуваа и локалните самоуправи на Општина Битола, Могила и Новаци, во кои беа вклучени повеќе од 500 ученици од основните училишта во Битолско.

### 6.7.6 Одбојка

По повод децениската универзитетска соработка помеѓу Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" и ТГУ „Г. Р. Державин" од Тамбов, Руска Федерација, на 24 мај 2017 година, Денот на сесловенските просветители, беше одигран свечен одбојкарски натпревар во женска конкуренција во Битола во спортската сала на медицинското училиште „Д-р Јован Калаузи".

Ректорите на двата универзитети со задоволство ја прифатија оваа иницијатива од страна на тренерот на женската одбојкарска екипа од Тамбов да се одигра меч во Северна Македонија, во Битола, каде што ќе се сретнат двете екипи на универзитетите, руската, која беше исклучително силна на светско ниво и локалната одбојкарска екипа, поддржана од Славјанскиот универзитет, која во националната лига беше во средина на табелата.

Исклучително квалитетната екипа од Русија, која впрочем беше и шампион во универзитетската лига во нивната земја во 2017 година, беше пресилен противник за битолската екипа „Пелистер – волеј" која настапи под логото на Славјанскиот универзитет. Натпреварот заврши 3:0 за гостите.

Овој настан во организација на двата универзитети беше да направи мал придонес кон женската одбојка во нашата земја, поттикнувајќи многу млади спортски таленти да продолжат интензивно да тренираат и да работаат.

## 6.8 Летни школи и фестивали

**Летна школа во Охрид – 18.09-25.09. 2016**

Тамбовскиот државен Универзитет „Гаврило Романович Државин" од Русија и Меѓународниот славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" од Северна Македонија реализираа заедничка младинска лингвистичко-економска летна школа – „Рускиот јазик и економијата – наш чекор до успехот". Летната школа се одржа од 18 до 25 септември 2016 година во Северна Македонија, Охрид во организација на Славјанскиот Универзитет "Гаврило Романович Државин" и Тамбовскиот државен Универзитет "Гаврило Романович Државин" од Русија.

На оваа летна школ можност за учество имаа студенти, дипломирани студенти, магистранти или млади научници на возраст до 30 години кои што сакаат да го изучуваат рускиот јазик и економијата.

Програмата на Летната школа вклучуваше различни форми на учество: интерактивни групни сесии, презентации и дискусии во форма на тркалезни маси, работилници, консултации со експерти од областа на јазикот, образованието и економијата. Младинската школа беше наменета за продлабочување на знаењата по економија, практична работа на различни нивоа на комплексност. Во програмата на училиштето предвидена беше интензивна обука на руски јазик со претставниците од Северна Македонија и другите балкански земји.

Можна подготовка за полагање на меѓународниот испит по руски јазик како странски јазик (TORFL). На крајот на Летната школа, студентите имаа можност да полагаат тест и да добијат сертификат од раководителот на Центарот за тестирање на Народниот Универзитет во Русија (PFUR).

**Учество во Камчија – Варна, Р. Бугарија**

Четири години по ред студенти од Славјански Универзитет земаат учество на меѓународниот фестивал „Друзья, прекрасен наш союз". Секој септември, во Варна (Бугарија) меѓународен фестивал за студенти «Друзья, прекрасен наш союз!». Студентите од нашиот МСУ земаат се единствена делегација од Северна Македонија, и на фестивалот учествуваат самостојно, или во заеднички состав со студенти од Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски". Фестивалот е организиран од Фондацијата „Руски мир", фондацијата Одржлив развој за Бугарија и СОК Камчија, со поддршка на Министерството на образованието и наука на Бугарија. На фестивалот учество земаат повеќе од 300 студенти кои доаѓаат од 22 различни земји, меѓу кои се Велика Британија, Виетнам, Финска, Чешка, Хрватска, Србија, Бугарија, Италија, Полска, Молдавија, Романија, Германија, Русија, Словачка, Јапонија и др.

**Учество на World Festival of Youth and Students - Русија**

Во октомври во спортската престолнина на Русија, градот Сочи, се одржа 19 Светски форум на млади и студенти - #WFYS2017. На него учество зедоа над 35.000 млади од 185 земји. За прврат учество на Фестивалот зеде и делегација од Северна Македонија, во чиј состав влегоа 40 лица од различни градови – Скопје, Куманово, Свети Николе, Велес, Битола, Прилеп, Кичево. Делегацијата во најголем дел беше составена од студенти на Меѓународен Славјански Универзитет, но исто така имаше и претставници на други универзитети и на неколку младински организации.

Организаторите на фестивалот за учесниците на #WFYS2017 подготвија опширна програма поделена на неколку блока – дискусионен, културен и спортски. Учесниците добија можност да дискутираат на различни актуелни теми – глобалната економија, економијата на знаењата, развојот на општествените институции; политиката на меѓународната безбедност, а исто така и да споделат искуства.

Во рамките на фестивалот учесниците имаа можност да ја претстават својата земја на националниот информациски штанд „Улица на светот". Македонскиот штанд предизвика голем интерес, беше посетен од претставници на различни земји, меѓу кои Индија, Египет, Пакистан, Индонезија, Јамајка, Камерун итн. Освен тоа, македонската делегација зеде учество на меѓународната изложба „World Inflorescence", за која учесниците требаше да го редизајнираат официјалниот симбол на фестивалот – камилица, со користење на национална специфика на секоја земја. Дизајнот на „Македонската камилица", кој го направија студентите на МСУ од Свети Николе.

Еден од поважните моменти на #WFYS2017 беше појавувањето на претседателот на Русија Владимир Путин на отворањето на Фестивалот.

Освен патувањето во Сочи, речиси сите македонски учесници добија можност да посетат и други градови во Русија – од Владивосток до Калининград, во рамките на регионалната програма на Фестивалот. Неколку претставници од Северна Македонија ја посетија Краснојарската област (Сибир), каде во 2019 година ќе се одржи Зимската универзијада.

Уште еден македонски претставник – Михаела Ѓорчева, настапи пред студентите на Сибирскиот федерален универзитет и зборуваше за можностите за соработка меѓу македонските и руските универзитети според искуството на Меѓународниот славјански универзитет „Г. Р. Державин" и неговите руски партнери. Сибирскиот федерален

универзитет е дел од федералниот проект 5-100. Целта на овој проект е до 2020 година барем 5 руски универзитети да бидат на листата топ-100 универзитети во светот.

VOICE UP

На 10-ти декември (сабота) со почеток во 12 часот во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Битола, проектот VoiceUp се одржа еднодневна средба во вид на пренос на знаење, на која учесниците имаа можност да се стекнат со алатки за промоција на сопствените идеи.

Проектот беше насочен кон млади креативци на возраст од 18 до 35 години кој се одвива во неколку фази во различни градови во Северна Македонија-Св. Николе, Скопје, Гостивар, Куманово и Битола.

Проектот е наменет за сите млади креативци кои сакаат подетално да се запознаат со моќта која социјалните медиуми ја имаат во денешното општество.

Меѓу другото, за време на проектот ќе се снима и документарен филм кој премиерно ќе биде прикажан на завршниот настан, што ќе биде сублимат на сè она што било сработено од страна на учесниците.

VoiceUp ќе има посебна веб платформа на која ќе можат да се најдат сите содржини изработени од учесниците и која ќе овозможи пристап до туторијали и форум преку кои, учесниците ќе можат да разменуваат знаења и директно да контактираат со самите ментори.

## 6.9 Хуманитарни настани

**Крводарителска акција „Студентите даруваат – студентите спасуваат"**

Крводарителската акција „Студентите даруваат – студентите спасуваат" е една традиционална крводарителска акција која секоја година се организира од страна на Студентскиот сојуз со поддршка на универзитет и се спроведува на кампусот во Битола. Главните термини околу кои се организираат акциите се 24 Мај (Денот на сесловенски просветители) и 04 Ноември (Денот на ослободувањето на град Битола).

Акциите се во соработка со Црвениот крст на Р.Северна Македонија со претходница од теоретско предавање или вежба од страна на локалната организација на

црвен крст во Битола каде што се анимирани студентите од потребата и важноста од овие акции. Бидејќи овие акции веќе се препознатливи често во организацијата се приклучуваат и други здруженија на граѓани од хуманитарната сфера, со што придонесуваат акциите да бидат уште поуспешни.

Универзитетот оваа традиција грижливо ја води, така што во месец ноември 2018 година беше организирана 22-та акција. Постои една група на дипломирани студенти на Славјанскиот универзитет кои даруваат редовно крв уште додека беа активни студенти и тој континуитет не го нарушиле до денес и токму за оваа категорија на дарувачи, на свечената 20-та акција во организиција на универзитетот, беа врачени посебни признанија за нивната хуманост од страна на Ректорот на Славјанскиот универзитет.

Посебно радува фактот што универзитетот е место каде најголем дел од студентите за првпат се соочуваат со можноста да даруваат крв, и токму тука, Славјанскиот универзитет грижливо ја гради културата кон дарување на крв на своите студенти како императив кога е во прашање хуманоста.

Крв даруваат и најголем дел од вработените на универзитетот кои се личен пример за младите лица да се охрабрат да даруваат крв.

Единиците на крв кои се собираат на ваквите акции варира од акција до акција, со просечна бројка од 26, споредбено со другите образовни институции во регионот, акциите на Славјанскиот се оценети како многу успешни.

**Хуманитарен настан ЦПЛИП ПОРАКА – Цивитас**

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ беше домаќин на заедничка дружба на ЦПЛИП „Порака" Штип, Битола, Прилеп и учениците од училиштето за оштетен слух и говор „Кочо Рацин" од Битола. Во организација на настанот беше вклучено и здружението „Цивитас", а самиот настан беше во два дела. Првиот дел беше организирана работилница од професорите и асистенти на нашиот универзитет, а вториот дел беше организирана изложба на Верче Андонова од дела во арапска техника која е член на здружението Порака Штип. Исто така беа изложени и изработки од сите три клуба кои ги имаат изработувано на работилници преку целата година. На настанот беа вклучени и студенти од Факултетот за психологија при Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ и професори и асистенти од истиот факултет. Ова е прва ваква средба помеѓу корисниците на Порака од Штип, Битола и Прилеп и децата со оштетен слух и говор.

# 6.10 Култура

## 6.10.1 Театарски клуб

Студентите на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р. Државин" и Градскиот аматерски театар „Сцена 71" од Свети Николе заедно имаат направено неколку претстави помеѓу кои се „Европејци", „Не се климаи на Англези", „Бечка школа", „За Нова Година на работа", „Браво генерацијо", „Леле, Перо" и „Не знам да лажам.

Секако овде спаѓаат и помали проекти во кои студентите при МСУ и членовите на „Сцена 71" учествуваат заедно. Од овие претстави можеме да ја спомнеме „Европејци" како најуспешна. Премиерно беше претставена во просториите на МСУ. Беше играна неколку пати во градот, исто така беше претставувана и во други градови како во нашата држава така и надвор од неа.

Можеме да ја издвоиме турнејата во Босна и Херцеговина, Бања Лука, Прокупље. Првиот фестивал на кој МСУ и „Сцена 71" заеднички се претставија е „Фестивал на фестивалите" во Требиње, потоа фестивалот „Хистрион" во Прокупље и фестивалот на струдентски театар „Кестенбург" во Бања Лука.

Претставата беше наградена со трето место „Голем Хистрион" – фестивал Хистрион Прокупље, награда за надобра сценографија за Стефан Ѓорчев во Прокупље, награда за колективна актерска игра во Бања Лука. Оваа претстава беше работена по текст на Мирољуб Недовиќ, а во режија на Слободан Елисеев.

Театарскиот клуб при МСУ не само што придонесува за подобрување на имиџот на универзитетот, тој исто така овозможува студентите да ги развиваат своите вештини, како и да се стекнат со нови знаења вон наставата. Приближно 20 студенти од МСУ редовно земаат учество во активностите на театарскиот клуб и со тоа значително го подобруваат квалитетот на културниот живот на младите во Свети Николе.

## 6.10.2 Клуб на читатели

Клубот на читатели на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р. Државин" констатно води грижа за своите членови. Иако во определена форма веќе постоеја неофицијални средби, од февруари 2019 година предвидено е еднаш месечно да се одржува размена на книги во библиотеката при Меѓународниот Славјански Универзитет „Г .Р. Державин". При размената на книгите е планирано да се разменуваат мислења за

прочитаните книги, да се разменуваат и подаруваат книги, како и да се чита поезија од светски познати поети или напишани поеми од страна на членовите на клубот.

Преку Клубот на читатели на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р. Державин" и издавачката куќа се организираат промоции на книги од познати автори. На промоциите на книги учествуваат и познати музичари.

Клубот на читатели редовно гостува и на поетските карвани на Друштвото на писатели на Северна Македонија. По иницијатива на клубот на читатели на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин", издавачката куќа „Меѓународен Центар за Славјанска Просвета" го објави првиот роман на веќе дипломирана студентка на МСУ кој е инспириран од студентска размена во Тамбов, насловен „Тамбовските снегови".

### 6.10.3 Клуб на оратори

Секоја година Клубот на оратори при МСУ заедно со Факултетот за правни науки ги организира Ораторските денови на МСУ. Ораторскиот клуб започна да функционира во рамките на МСУ од 2015 година, кога за првпат се одржаа Ораторските денови. Оттогаш, натпреварот во ораторски вештини се одржува секоја година и на студентите им овозможува да се стекнат со високи награди, помеѓу кои авионски карти, лаптопи или стипендија во висина од 300 евра.

Клубот е посветен на тоа да стане средина во која студентите ќе може да се изразат, да развијат нови вештини и пријателства, и секако заеднички да си помагаат за да постигнат лични и професионални цели. Со Ораторските денови се дава шанса на студентите да го надминат стравот од настап во јавноста, но и да се забавуваат притоа.

Ментори на натпреварот се професори од МСУ, но и од други универзитети од земјата и странство, и тие макотрпно работат со студентите, се додека тие не го остварат својот максимален потенцијал. Комисијата констатира дека овој клуб и натпревар претставуваат успешен проект на Факултетот за правни науки и ги охрабрува и другите факултети при МСУ да развијат слични клубови преку кои студентите би се дружеле и би продолжиле да учат едни од други дури и вон наставниот процес.

### 6.10.4 Музички групи и групи за модерни танци

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" има две музички групи, односно музичка група „Державинци" и група за модерни танци „Clique".

Музичката група „Државинци“ учествува на фестивали во нашата држава, но и надвор од неа. Групата настапуваше и беше наградена на гала-концертот од фестивалите за воени песни кои се одржуваат во Софија, Бугарија. Исто така, учествуваа и на фестивалот „Друзья, прекрасен наш союз“ кој беше организиран од руската фондација „Русский мир“. Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ е единствен Универзитет од Република Северна Македонија кој зема учество на овој меѓународен фестивал во Варна, Бугарија на кој присуствуваат над 350 студенти од 17 различни земји.

Групата за модерни танци „Clique“ ја водеше наша поранешна студентка, која ги прави кореографиите на членовите во групата кои воедно се и наши студенти. Оваа група има земено учество на неколку натпревари, но и учествува на настани кои се организирани од Меѓународниот Славјански Универзитет како што се Державинскиот бал под маски, ЕЕО забавата, новогодишните и велигденски базари итн.

## 6.11 Студентски „Индекс“ во Битолски весник

Студентите од Меѓународен Славјански Универзитет „Г .Р. Державин“ сакајќи да ги истакнат сите нивни идеи, во соработка со нивните професори и директорот на Институтот за култура и уметност во склоп на оваа институција, м-р Јасмина Пресилска ги преточуваат своите ставови преку страницата „Индекс“ во рамките на најстариот пишан медиум во државата, Битолски весник. Нивните иницијативи за изразување и имплементирање напредни идеи се многубројни па затоа организацијата од нивна страна е распределана по етапи.

Студентите будно ги следат сите настани на нивниот универзитет во двата кампуси – Свети Николе и Битола и во писмена форма, пропратена со фотографии ги објавуваат нивните достигнувања на оваа страна издвоена токму за нив. Секоја среда, во секој број на весникот тие или ги објавуваат настаните во оваа институција или некои поистакнати поети и прозни писатели ги објавуваат своите авторски дела. Секако дека интервјуа од добитници на награди помеѓу студентите на конкурсите објавени од овој универзитет се често застапени на страниците на оваа рубрика. Исто така, нивните професори и асистенти, со свои колумни се почестени да пишуваат на актуелни теми што ги допираат нивните интереси и желби.

## 6.12 Центар за кариера

Центарот за кариера на универзитетот е на располагање постојано за сите прашања на студентите.

Центарот за кариера при МСУ е во служба на студентите и посредува помеѓу интересот на студентите за извршување на практична настава и барањето на компаниите за практиканти. Центарот, исто така, нуди:

- информации за реализирање на студентската пракса;
- советување;
- кариерно истражување;
- промовирање на факултетот пред идните студенти.

Ние вршиме поврзување на нашите студенти со компаниите кои нудат практикантство и можности за вработување, вмрежување со бизнис секторот и создавање на професионални контакти, како и зајакнување во донесувањето на нивните одлуки за вработувањето. Ваквото ефективно партнерство ја насочува кариерата на студентот, но воедно го промовира Универзитетот пред деловната заедница.

### 6.12.1 Алумни клуб

Алумни клубот на МСУ е заедница на сите студенти кои дипломирале/магистрирале на некој од факултетите при универзитетот од неговото основање до денес. Клубот беше формиран во 2018 година. Целта на формирањето на Алумни клубот е да се развиваат и унапредуваат заемно корисни релации меѓу универзитетот и студентите кои ги завршиле студиите на МСУ.

Алумни клубот им овозможува на поранешните студенти на МСУ да останат активни во академската заедница на МСУ и да се вмрежуваат преку инцијативите на членовите на клубот на интелектуално, социјално и професионално ниво. Исто така, алумни клубот координира активности за унапредување на академските вештини на членовите и промовира личен и професионален раст и развој на сите членови преку доживотно учење (формално, неформално и информално).

Алумни клубот е средина во која се цени интегритетот, чесноста и етичкото однесување, и се труди да овозможи развивање на односи кои се градат на меѓусебно почитување, разбирање и слобода на изразување.

Како член на Алумни клубот имате право да учествувате на сите програми, настани и активности на МСУ и на нашите партнерски организации. Членови на Алумни клубот на МСУ можат да бидат сите студенти кои дипломирале/магистрирале на некој од факултетите при универзитетот.

Регистрацијата е бесплатна и може да се направи со пополнување на апликација на официјалната страница https://alumni.msu.edu.mk/.

Веб страницата е изградена на начин достапен за сите. Системот за комуникација помеѓу студентите е многу сличен со начинот на комуницирање преку социјалните мрежи. Секој студент има свој профил, каде може да поставува податоци за себе, неговата кариера, неговите студии и слично.

Системот овозможува креирање на форуми и теми за разговор, како и групирање на студентите по факултет, година на студирање, насока, спорт со кој се занимавале, итн. Менаџментот на универзитетот долго време работеше на создавање на ваква напредна мрежа за поврзување на алумните на едно место и може да се констатира дека ова претставува успешен проект. Во моментот на креирање на самоевалуацијата Алумни клубот броеше 149 членови од различни генерации и факултети од МСУ.

### 6.12.2 Практична настава

Практичната настава има за цел да им овозможи на студентите запознавање на терен со правилните постапки на работа и стекнување на знаења, вештини и навики од областите кои се предмет на студирање.

Практичната настава се одвива на терен, исклучиво во практични услови, и секоја практична активност труд треба да претпоставува синтеза на потребните теоретски и практични знаења. Најдобро е да се реализира во текот на летниот период во траење од еден месец или 20 работни денови (160часови) во некоја од институциите со кои Факултетот има склучено договор за соработка. Праксата со водење на Дневник за практична настава е задолжителен дел од практичната настава според Програмите на факултетите.

Факултетот може да организира и во друго време и во некој друг облик на реализација на теоретска настава и практичната настава ако тоа дава очекувани резултати. Според Студиските програми еден дел од практичната настава може да се изведува во предвални како симулации, а друг дел директно во автентични услови на

институции од соодветната област. Студентот задолжително избира ментор со кој се консултира во текот на практичната настава.

Студентите на МСУ се должни да реализираат практична настава согласно Студиската програма на МСУ, согласно Законот за високо образование и Правилникот за начинот и условите за организирање практична настава на студенти.

Студентите кои ќе посетуваат практична настава потребно е:

- Да изберат институција во која ќе ја реализираат практичната настава (линк до договорите за соработка);
- Да се пријават во Центарот за кариера на МСУ за да им биде издаден Упат за реализација на практична настава и Дневник за практична настава;
- Да реализираат практична настава во институцијата во времетраење од најмалку 20 работни денови и да водат дневник за секојдневните активности под супервизија на лице од институцијата;
- По завршувањето на практичната настава да добијат Потврда за реализирана практична настава издадена од институцијата со потпис од одговорно лице.
- Во текот на реализирањето на практичната настава студентите се обврзани да се придржуваат до сите правила и прописи кои важат за вработените во институцијата.

Дневниот за практична настава е наменет за сите студенти од 1 до 3 година на сите факултети и насоки и содржи:

- Назив на предметот на работа;
- Цели;
- Потребни знаења и работни навики кои се стекнуваат со вежбање на практичната настава;
- Опис на активностите во текот на денот;
- Овластено лице за супервизија.

При оцена на Дневникот за практична настава треба да се земат во предвид следните активности:

- Подготовката за работа,
- Структуриран план за активности,
- Опсервација и партиципација во практични активности

- Контрола во тек на практичната настава и
- Оценување на резултатите од практичната работата низ стекнати вештини на работење.

Практичната настава во текот на целокупниот период на планирање и изведување е координирана од страна на менторот.

### 6.12.3 Договори со институции

Досега договори за соработка и изведување практична настава имаме потпишано со следниве институции и организации:

- Агенција за млади и спорт на РМ (АМС)
- ЈУМ – Центар за социјални работи – Свети Николе
- ДАУ ДООЕЛ „Бониер“ – Куманово
- АД „Мода“ – Свети Николе
- ЈЗУ Општа болница Велес
- ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес
- ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово
- Општина Старо Нагоричане
- ЈЗУ Здравен дом Свети Николе
- Извозна и Кредитна банка АД Скопје, експозитура Свети Николе (ИК банка – Свети Николе)
- СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ – Велес
- ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе
- ООУ „Блаже Коневски“ – Велес
- ССОУ „Коле Неделковски“ – велес
- ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе
- Општинска Јавна Установа Детска градинка „Рахилка Гонева“ – Свети Николе
- Психијатриска болница Скопје
- Локална самоуправа – Велес
- ТТК Банка АД Скопје
- ЈУМЦСР Штип – Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост
- ЈОУГД „Наша иднина“ – Прилеп
- АД „Електрани на Северна Македонија“
- Дирекција за заштита и спасување при Влада на РМ

- Working together – France
- Здружение за едукација од пожари „ПЕГАЗ-ЕДУ“
- ХОРВАТ – Member of PASTOR Group
- МАКПРОГРЕС ДОО – Виница
- ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола
- Шпаркасе банка Северна Македонија АД Скопје
- БАЛКАН ГРИН ХАУС ДОО – Свети Николе
- ЈНУ Институт за национална историја
- СОУ „Димитар Мирасчиев“ – Штип
- Филозофско друштво на Северна Македонија – Скопје
- СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе
- ОУ „Малина Попиванова“ – Кочани
- „Орион Инжинеринг“ – Прилеп
- Стопанска Банка АД – Скопје
- Приватна установа за деца Центар за ран детски развој БОНБОНЧИЊА – Битола
- Групација Лакталис „Идеал Шипка“ – Битола
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
- Управа за извршување санкции, КПУ затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка
- Судски совет на Република Северна Македонија
- Global Health Link
- ДПРИС Даталаб МК ДООЕЛ
- АПАВЕ СЕЕ ДОО
- АРЦЕЛОР МИТТАЛ Скопје (ЦРМ) АД Скопје
- ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес
- НВО Здружение на родители на деца заболени од церебрална парализа – Велес
- Сојуз на синдикатите на Северна Македонија
- Организација на работодавачи на Северна Македонија
- Национална установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе
- Македонско здружение за заштита при работа (МЗЗПР)
- Европски центар за мир и развој на Универзитетот за мир на ОН – Белград
- Историско-филолошки фонд „А. А. Хովански“
- Уставен суд на Република Северна Македонија
- Нотарска комора на Република Северна Македонија

- Дирекција за заштита на лични податоци
- Здружение ЦИВИТАС–Штип
- ЈУ Центар за социјална работа – Виница

### 6.12.4 Модел на менторство

Со почетокот на академската 2016/17 година на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" започна да функционира системот за менторство. Се работи за еден специфичен и уникатен систем кој треба значително да ја подобрува комуникацијата со студентите во однос на нивните барања, потреби, проблеми, од една страна, како и да дава информации околу позитивните или негативните влијанија во моменталниот образовен систем, од друга страна.

Потребата за воспоставување на еден ваков систем прозилезе од дотогашните истражувања со студентите и потребата од подобрување на непосредната комуникација на релација студент – факултет - универзитет и обратно. Зголемувањето на вкупниот број на студенти ја отежна комуникацијата и менаџментот преку формата на систем за менторирање одлучи да го реши овој проблем.

Првичната идеја беше овој систем да ги опфати сите новозапишаните студенти на МСУ во прва година на сите пет факултети во академската 2016/17, со намера секоја наредна академска година да се дополнува со новозапишани студенти.

На почетокот започнавме само со 6 (шест) ментори, наши асистенти и административци, кои имаа соодветни обуки пред да започнат со работа. Секој од нив беше задолжен со група на студенти и нивната задача беше да го следат и да помагаат во побрзо прилагодување на „бруцошите" во новата универзитетска средина и новиот начин на работа. Користејќи ја секојдневната комуникација на факултетите со редовните студенти како и сите други алатки за комуникација со вонредните студенти, менторите, успешно ги пренесуваа сите потребни информации кои требаа да стигнат до студентите навремено од една страна како и прибирањето на многу вредни информации од студентите во поглед на нивните гледишта кон активностите кои беа реализирани од страна на универзитетот.

Менторите исто така го следеа и успехот и мотивираноста на секој студент на колоквиумите и на испитите, што пак помогна во поуспешна синхронизација и распределба на места на практична работа во текот на летниот семестар како и во текот на летните одмори. Менторите даваа совети за избирање на изборни предмети, теми за проектни активности, учество на семинари, конференции, проекти.

Честите состаноци на менторите и вкрстувањето на информациите на двете одделенија, помогна одредени недостатоци да бидат надминати, поефикасно се решаваа одредени проблемски ситуации кои настануваа низ работата, а студентите добиваа многу брза и навремена информација во поглед на нивните барања. Значајно за потенцирање е што менторите преку непосредна комуникација грижливо прибираа податоци за своите студенти околу нивниот профил и нивните таленти и вештини надвор од факултетските клупи, што помогна согласно нивните афинитите да бидат вклучени во различни активности, настани и проекти кои ги организиравме самостојно или со партнери од земјата и странство што придонесе за поголема успешност на активностите и поголемо влијание на личниот раст и развој на овие млади луѓе.

Нормално дека како и секоја новина се наидуваше и на проблеми кои се решаваа во чекор, беа модифицирани одредени протоколи за работа, олеснувајќи ја комуникацијата и ефикасноста во работата помеѓу лицата кои професионално беа ангажирани во овој систем.

Системот за менторирање беше прифатен од страна на студентите со воодушевување, а тоа најдобро можеше да се види од нивната соработка со менторите и резултатите од анкетите за самоевалуација која оваа активност беше оценета со највисока оценка од студентите. Втората година, 2017/18, системот беше проширен со нови студенти, а бројот на ментори се зголеми на 12. Очекувано во втората година системот беше пофункционален, менторите кои работеа првата година веќе имаа стекнато драгоцено искуство и релативно брзо успеваа да одговорат на своите обврски.

Општ впечаток е дека со воведувањето на системот за менторирање најмногу добија студентите, се подобри трансферот на информации помеѓу студентот и телата на универзитетот, се скрати времето на одговор на одредени прашања кои ги засегаа студентите, истите се охрабрија да даваат поискрени и покритични мислења за тековната работа, службите, односот на професорите и другите сегменти од студирањето што ја придвижи управата на универзитетот да делува побрзо и да биде во дослух со своите студенти, а со самото тоа и општата клима на универзитетот да биде уште попријатна за работа што е од непроценливо значење за развојот на универзитетот.

| | |
|---|---|
| 1. Центарот за кариера на Универзитетот е на располагање постојано за сите прашања на студентите |  |
| 2. Овозможена е пријатна атмосфера која како студент ми помага да го остварам својот академски потенцијал |  |
| 3. Менторот го споделува своето знаење и искуство со нас |  |
| 4. Менторот ме информира за се што ме интересира во врска со студиите и студирањето |  |

<table>
<tr><td>5. Менторот ми помага да се соочам и да ги надминам проблемите во текот на студирањето</td><td>
</td></tr>
<tr><td>6. Со помош на менторот, можеам побрзо и поефективно да ги постигнам своите цели</td><td>
</td></tr>
<tr><td>7. Имам доверба во мојот ментор</td><td>
</td></tr>
<tr><td>8. Мојот ментор ме охрабрува, ми дава совети и ме бодри да одам напред кон поголеми успеси и достигнувања</td><td>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 9. За сите нејасни работи се обраќам кај мојот ментор |  |
| 10.. Со следењето на советите на мојот ментор успеав да ги идентификувам своите потреби и вредности и да определам што е важно за мене и мојата кариера |  |
| 11.. Сметам дека системот за активно менторство е добар и го олеснува студирањето. |  |

# 7. Научно-истражувачка работа и издавачка дејност

Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" функционира 15 години и има забележителна и значителна активност на ова поле, а и продолжува да се труди да ја стимулира научно – истражувачката работа на своите кадри.

Низ годините, бројот на индивидуални научни трудови од страна на наставниот кадар е зголемен. Академскиот кадар од МСУ издаваа научни трудови во нашите, но и во познати меѓународни списанија. Сепак, во глобала овој број е мал и универзитетот треба да изнајде начини да го стимулира академскиот кадар за поголема ангажираност во врска со истражувањата и научната работа. Исто така, универзитетот треба да ги запознае вработените со можностите да аплицираат за грантови за истражувачки проекти и учество на меѓународни научни собири.

Од професорите на Факултетот за економија и организација на претприемништвото во 2016, 2017 и 2018 година се објавени 23 научни трудови во научни списанија, печатени се 28 стручни трудови, 17 научно-истражувачки трудови и 12 научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор во Република Северна Македонија, Република Бугарија, Словачка, Република Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија, Унгарија, Турција, Австрија, Русија и САД, Албанија и Полска.. Во последните години издадени се вкупно 11 книги од академскиот кадар на овој факултет, а во истиот период земале учество во 8 научно-истражувачки национални и меѓународни проекти. Академскиот кадар има земено учество на вкупно 27 меѓународни собири во повеќе земји низ светот.

Од професорите на Факултетот за правни науки во 2016, 2017 и 2018 година се објавени 22 научни трудови, печатени се 17 стручни трудови, 12 научно-истражувачки трудови во Северна Македонија, Бугарија, Украина, Романија, Русија, Србија, Босна и Херцеговина, Грција, Франција, Кина, Црна Гора и Русија. Во последните години издадени се вкупно 5 книги од академскиот кадар на овој факултет, а во истиот период земале учество во 4 научно-истражувачки национални и меѓународни проекти. Академскиот кадар има земено учество во вкупно 30 меѓународни собири во повеќе земји низ светот.

Од професорите на Факултетот за психологија во 2016, 2017 и 2018 година се издадени 22 научни трудови, печатени се 20 стручни трудови и 12 научно-истражувачки трудови во Република Северна Македонија, Русија, Украина, САД, Србија, Бугарија. Во последните години издадени се вкупно 7 книги од академскиот кадар на овој факултет, а

во истиот период земале учество во 7 научно-истражувачки национални и меѓународни проекти. Академскиот кадар има земено учество во вкупно 17 меѓународни собири во повеќе земји низ светот.

Од професорите на Факултетот за безбедносно инженерство во 2016, 2017 и 2018 година се издадени 14 трудови, печатени се 15 стручни трудови, 2 научно-истражувачки трудови и 2 печатени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор во Република Северна Македонија, САД, Србија, Турција и САД.. Во последните години издадени се вкупно 9 книги од академскиот кадар на овој факултет, а во истиот период земале учество во 4 научно-истражувачки национални и меѓународни проекти. Академскиот кадар има земено учество во вкупно 17 меѓународни собири во повеќе земји низ светот.

Од професорите на Факултетот за информатика во 2016, 2017 и 2018 година издадени се 14 научни трудови, печатени се 11 стручни трудови и 2 научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор во Република Северна Македонија, Бугарија, Малта, Русија, Италија, Холандија и Велика Британија. Во последните години издадени се вкупно 10 книги од академскиот кадар на овој факултет, а во истиот период земале учество во 8 научно-истражувачки национални и меѓународни проекти. Академскиот кадар има земено учество во вкупно 5 меѓународни собири во повеќе земји низ светот.

## 7.1 Конференции

Како универзитет чија визија е постигнување на мост на дијалог помеѓу знаењата од истокот и западот, МСУ ги организира Меѓународната научна конференција „Меѓународен дијалог: исток-запад“ и Меѓународен филозофски дијалог „Исток-запад“. Двата настани се насочени кон привлекување на научни работници и истражувачи од целиот свет да присуствуваат на конструктивен дијалог

### 7.1.1 Конференции во рамките на МСУ

**Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: исток-запад“**

Меѓународната научна конференција „Меѓународен дијалог: исток-запад" е во заедничка организација на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" – Свети Николе • Битола и Тамбовскиот државен универзитет „Г. Р. Державин" од Русија.

Преку организирање на оваа научна конференција имаме за цел заеднички да придонесеме за развојот на научната мисла, да инспирираме размена на идеи и искуства помеѓу земјите учеснички на конференцијата, да ги поттикнеме и мотивираме научно-истражувачките активности.

На конференција „Меѓународен дијалог: исток-запад" со свои научни трудови досега имаат учествувано автори од Северна Македонија, Русија, Србија, Бугарија, Белорусија, Узбекистан, Киргистан и Казахстан што претставува потврда за меѓународниот карактер на конференцијата.

Работната сесија на конференцијата е организирана во работни секции, со кои управуваат раководители на секциите.

Сите трудови на учесниците се објавуваат во научно списание „Меѓународен дијалог: исток-запад" ISSN print: 1857-9299 и ISSN online: 1857-9302, во издание на официјалната издавачка куќа на универзитетот, Меѓународниот центар за славјанска просвета (МЦСП) – Свети Николе. Научното списание „Меѓународен дијалог: исток-запад" е индексирано во EbscoHost, датабазата на научни изданија од 2017 година.

Конференцијата „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК – ЗАПАД" започна да се одржува во 2010-тата година, во Свети Николе. На нашата веб страница се прикачени информациите за сите одржани конференции почнувајќи од 2010-та година, па се до денес. Достапни се податоци за Организациониот одбор, Уредувачкиот одбор, бројот на учесници на секоја конференција, како и списанијата кои се издадени по одржувањето.

Низ годините, нашата конференција бележи се поголем број на учесници. Растот на бројот на трудови и бројот на учесници е прикажан по година, почнувајќи од 2010, па се до 2018 година, кога се одржа деветтото издание на оваа конференција.




### Меѓународен филозофски дијалог „Исток-запад“

Многу од проблемите, предизвиците и заканите со кои се соочува светот денес се размножуваат, а не се решаваат. Филозофите имаат одговорност да иницираат и одржуваат култура на дијалог што ќе доведе до повеќе разбирање, толеранција и соработка меѓу лидерите, политичарите, владите, нациите, граѓаните воопшто, како и помалку страдање на поединци, малцинства и нации. Но, дијалогот сам нема да ги искорени проблемите, а филозофите не можат да ги решат сите предизвици во светот. Сепак, ние сме должни да не молчиме за новите појави на алиенација, интолеранција, омраза и заборав на доброто.

Самиот недостаток на дијалог е една од причините зошто не живееме во подобар свет, иако во многу случаи се чини дека ги познаваме и дијагнозите и лековите кои би можеле да ја подобрат ситуацијата. Сепак, сметаме дека сериозниот филозофски дијалог има потенцијал да ја истакне природата, изворите и причините за проблемите и последиците од нив.

Токму овој Меѓународен Филозофски Дијалог „Исток – Запад“ кој е во организација на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ, МСУ „Гаврило Романович Државин“ и Филозофското Друштво на Северна Македонија е со тенденција и интенција да придонесе за доближување на различните цивилизациски, културни и останати духовни вредности. Истиот тоа не го прави строго од филозофски

ракурс, туку овозможува еден интердисциплинарен пристап на различните прашања отворени во филозофијата, науката, уметноста, религијата и другите сфери на современото живеење во светот. За решавање на истите го користи филозофскиот клуч, кој по многу нешта е универзален и овозможува изнаоѓање на различни решенија.

Самиот концепт на овој дијалог дава можност за пристап до различни теми кои имаат своја актуелност и се во фокусот на светската филозофска и научна јавност и реферира на тековните проблеми во филозофијата и науката. Секоја година се избира тема на која земаат учество поголем број врвни и афирмирани филозофи и научни работници од целиот свет и приложуваат дел од своите творечки резултати. Досегашното искуство покажа дека Филозофскиот Дијалог „Исток – Запад" е со исклучителен квалитет, како според важнста на имињата на учесниците, така и според високото ниво на приложените трудови на истите учесници. Се очекува дека и во иднина овој проект ќе функционира со тие особини и утврдени стандарди на квалитет.

Овој филозофско – научен собир се одржува еднаш годишно почнувајќи од 2015 година и досега има 4 завршени изданија. Подолу е дадена листата на учесници по година, вклучувајќи ја и 2015 година како релевантна за споредба во ова истражување:

| Бр. На симпозиум | Учесници | Тема на симпозиум | Датум | Место |
|---|---|---|---|---|
| прв | **ВЕЛИКА БРИТАНИЈА**<br>1. Самуел ХЈУЗ<br>-Член на Филозофски факултет , „Универзтет Оксфорд"<br>2.Николас ВАГОРН<br>- Доктор на науки, соработник и директор на студиите по филозофија<br>3.Ралф Стефан ВЕИР<br>- Научен соработник на Оксфордскиот Универзитет Далај Лама за сочувство<br>4. Миколај Славковски – РОДЕ<br>- Кандидат за докторски студии<br><br>**РУСИЈА**<br>1. Анатоли Владимирович ЧЕРНАЕВ<br>- Раководител на одделот за | Наука и религија | 2-4 септември 2015 | Скопје, Свети Николе, Охрид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Историја на руската филозофија ,на „Институтот за Филозофија" ,Руската Академија за Наука<br>2.Игор Иванович ЕВЛАМПИЕВ<br>- Доктор на науки, Професор на одделот за Историја на Руската Филозофија<br>3.Светлана Валеревна ГУЗЕНИНА<br>- Вонреден Професор на Катедрата за теоретска и применатa социологија на „Тамбовскиот Државен Универзитет Гаврило Р. Державин"<br>4.Татијана Сергеевна ПРОНИНА<br>- Доктор на науки , вонреден професор на одделот на Филозофија на „Тамбовскиот Државен Универзитет Гаврило Р. Державин"<br><br>**БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА**<br>1. Златиборка ПОПОВ – МОМЧИНОВИЧ<br>- Доктор на науки, доцент на Филозофски Факултет , Источно Сараево<br><br>**СРБИЈА**<br>1. Јанко НЕШИЌ<br>- Доктор на науки, на Филозофскиот факултет на „Универзитет Белград"<br><br>**ХРВАТСКА**<br>1. Марија СЕЛАК<br>- Доктор на науки, на Филозофскиот факултет на „Универзитет Загреб"<br><br>**ГРЦИЈА**<br>1. Панагиотис СОМАЛИС<br>- М-р , Научник по хемија | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **АЛБАНИЈА**<br>1. Фатос ТАРИФА<br>- Доктор на науки, Професор и Ректор ,на „Универзитетот Њујорк“, Тирана<br><br>**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>1.Љубомир Чучуловски<br>- Доктор на науки,  Институт за Филозофија на „Универзитет Кирил и Методиј“ ,Скопје<br>2. Ана ДИМИШКОВСКА<br>- Доктор на науки, Доцент на Институтот за Филозофија, на „Универзитет Кирил и Методиј“ ,Скопје<br>3. Јордан ШИШКОВСКИ<br>- Доктор на науки, истражувач и доцент на Институтот за општествени науки, Скопје<br>4. Ристо СОЛУНЧЕВ<br>- Доктор на науки, доцент на Институтот за Филозофија , „Универзитет Кирил и Методиј“,Скопје<br>5. Трајче СТОЈАНОВ<br>- Доктор на науки, доцент на Факултетот за образовни науки, „Универзитет Гоце Делчев“,Штип<br>6. Марија ТОДОРОВСКА<br>- Доктор на науки, доцент ,Институтот за Филозофија, „Универзитетот Кирил и Методиј“, Скопје | | | |
| втор | **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:**<br>1. Владо КАМБОВСКИ, МАНУ<br>2. Светомир ШКАРИЌ<br>Правен факултет, „Универзитет Кирил и Методиј“<br>3. Димитар Апасиев<br>- Правен факултет , „Универзитет | Политика и етика | 5-7 октомври 2016 | Скопје, Битола, Охрид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Гоце Делчев“<br>4. Трајче СТОЈАНОВ<br>- Факултет за образовни науки , „Универзитет Гоце Делчев“<br>5. Ана ДИМИШКОВСКА<br>- Филозофски факултет , „Универзитет Кирил и Методиј“<br>6. Љубомир ГАЈДОВ<br>- Правен факултет , „Универзитет Кирил и Методиј“<br><br>**СРБИЈА**<br>1. Јасминка ХАСАНБЕГОВИЌ<br>- Правен факултет , „Универзитет Белград“<br><br>**ПОЛСКА**<br>1. Кшиштоф Виниерски<br>- Врховен уставен суд, Варшава<br>2. Томас БЕКРУЧ<br>- Правен факултет , „Универзитет Лоџ“ , Варшава<br>3.Бартоз ВОЈЧИЕЧОВСКИ<br>- Правен факултет, „Универзитет Лоџ“, Варшава<br><br>**БУГАРИЈА**<br>1.Стилијан ЈОТОВ<br>- Филозофски факултет , „Универзитет Климент Охридски“ ,Софија | | | |
| трет | **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>1. Георги СТАРДЕЛОВ<br>- МАНУ<br>2. Владо КАМБОВСКИ<br>- МАНУ<br>3. Драгор ЗАРЕВСКИ<br>- Универзитет „ Еуро – Балкан“ , Скопје<br>4. Љубомир ГАЈДОВ<br>- Правен факултет, „Универзитет Кирил и Методиј“ Скопје | Филозофијата на образованието и Филозофијата во образованието | 4 – 6 Октомври 2017 | Скопје, Битола, Охрид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5. Мартин ПОПОВСКИ<br>- Универзите „Кирил и Методиј“ Скопје<br>6. Ристо СОЛУНЧЕВ<br>- Филозофски факултет „Универзитет „ Кирил и Методиј “<br>7. Трајче СТОЈАНОВ<br>- Факултет за образовни науки , Универзите „Гоце Делчев “<br><br>**СРБИЈА**<br>1. Часлав Д. КОПРИВИЦА<br>- Правен факултет , „Универзитет Белград “<br><br>**РУСИЈА**<br>1. Андреј ЛАЗАРЕВ<br>- Историска- психолошка фондација „Хованскиʺ , Русија<br><br>**ФРАНЦИЈА**<br>1. Патрисија ВЕРДУА<br>- „Универзитет Тулуз“ ,Франција | | | |
| четврти | **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>1.Георги СТАРДЕЛОВ<br>- Македонски академик на науките и уметностите<br>2.Владо КАМБОВСКИ<br>- Македонски академик на науките и уметностите<br>3.Марија ТОДОРОВСКА<br>-Факултет за филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје<br>4.Љубомир ГАЈДОВ<br>- Македонски академик на науките и уметностите, Центар за стратешки истражувања<br>5.Дејан ДОНЕВ<br>– Факултет за филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје | Биоетика на крстопат | 3 – 5 Октомври 2018 | Скопје, Битола, Охрид |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6.Александра ДЕАНОСКА<br>– Трендафиловска – Правен факултет „Јустиниан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>7.Елена ИГНОВСКА<br>– Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>8.Денко СКАЛОВСКИ<br>– Факултет за филозофија, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје<br>9.Трајче СТОЈАНОВ<br>– Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип<br><br>**ХРВАТСКА**<br>1.Ивица КЕЛАМ<br>– Факултет за образовни науки и Центар за интегративна биоетика, Јосип Јурај Штросмајер, Универзитет во Осијек, Хрватска<br>2.Амир МУЗУР<br>– Факултет за здраствени студии, Универзитет во Ријека, Хрватска<br>3.Ива РИНЧИН<br>- Факултет за здраствени студии, Универзитет во Ријека, Хрватска<br><br>**СРБИЈА**<br>1.Зоран ТОДОРОВИЌ<br>– Школа за медицина, Универзитет во Белград, Србија<br>2. Жељко КАЛУЃЕРОВИЌ<br>– Факултет за филозофија, Универзитет во Нови Сад, Србија<br><br>**ГРЦИЈА**<br>1.Костат ТЕОЛОГУ<br>– Одделот за општествени науки, општествени науки и право, | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Национален технички Универзитет, Атина, Грција<br><br>**РУСИЈА**<br>1.Лана ЧЕРНОВА<br>– Факултет за општествени науки и социокултурно образование, Тамбов Државен Универзитет „Г. Р. Державин“ , Русија<br><br>**АЛБАНИЈА**<br>1.Бардил ЧИПИ<br>– Факултет за медицина, Универзитет за медицина, Тирана, Албанија<br><br>**КАНАДА**<br>1.Мишел ЏОРЏ<br>– Универзитет „Св. Томас“, Фредериктон, НБ, Канада | | | |

## 7.2 Обуки и гостувања

Покрај конференциите, на МСУ се одржуваат и обуки, семинари и акредитирани предавања од разни области, со познати професори.

Акредитирани едукативно-стручби собири од Ветеринарна комора на Р. Македонија

- На 18.11.2016 – Нови сознанија за хомеостазата, дијагностиката и репродукцијата кај домашните животни и примена на акредитирани методи“
- На 24.02.2017 - „Контрола на болестите на пчелите и (зло)употреба на антибиотиците во пчеларството“
- На 16.06.2017 - „Дијабетес кај кучиња и мачки и респираторни заболувања кај свињите“

Бодувани едукативно-стручни собири од Министерство за труд и социјална политика од областа на безбедносно инженерство:

- На 23.12.2016 год. на тема Безбедносно инженерство - мерки за отстранување, намалување и спречување на ризик
- 17.02.2017 год. на тема Безбедносно инженерство – мерки за отстранување, намалување и спречување на ризик во рудници
- На 18.05.2017 год. на тема Мерки за намалување на ризикот при работа – ергономски принципи и евакуација
- На 14.09.2018 год. на тема Безбедност при работа со електрична и громобранска инсталација
- На 30.11.2018 год. на тема Безбедност на машини

Понатаму, со цел зголемување на квалитетот на наставата и наставниот процес, на МСУ гостуваа повеќе предавачи:

**Гостување на доц. д-р Даниела Тасевска, декан на Филозофски факултет на ВТУ „Св. Кирил и Методиј“ - Бугарија**

На 25.11.2016 на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин"гостуваше доц. д-р Даниела Тасевска, декан на Филозофски факултет на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Велико Трново, Р. Бугарија.

**Гостување на Емануел Римбер**

На 12 декември 2017 година, во просториите на Меѓународен Славјански Униveритет „Г. Р. Државин" – одделение Битола свое предавање на тема „Дипломатијата и можните професии" одржа Дирекорот на Француски институт во Скопје господин Емануел Рембер.

**Гостување на Емили Петровски**

М-р Емили Петровски, кандидат на Академијата за судии и јавни обвинители во Франција на 11 февруари 2017 година беше гостин на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" во Битола и одржа предавање на две теми: „Државна правосудна академија (ЕНМ) во Франција" „Улогата на јавниот обвинител во Франција". Предавањето беше отворено за сите заинтересирани студенти, но пред се беше наменето за студентите од Факултетот за правни науки.

**На Славјански гостуваа професорки од Северно-Кавкаски Федерален Универзитет од Русија**

Кон крајот на февруари 2017 на МСУ гостуваа Ирина Штапова и Елена Џурбина, професорки од Северно-Кавкаскиот Федерален Универзитет од Пјатигорск, Русија. Целта на нивната посета беше проучување на европското искуство во наставата и стажирање на МСУ.

**Предавање од проф. д-р Хозе Караско (Шпанија) во Свети Николе и Битола**

Во 2018 година на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ во Свети Николе и Битола гостуваше проф. д-р Хозе Караско, од Универзитет „Крал Хуан Карлос“ од Мадрид, Шпанија. Проф. д-р Хозе Караско одржа предавање на тема: „Европскиот систем за финансиска супервизија“.

## 7.3 Библиотека

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин“ константно води грижа за збогатување на книжевниот фонд на Универзитетот.

Библиотеката врши систематско собирање на библиотечни материјали од научните полиња за кои може да се најде и обезбеди пристап до сите наслови по електронски пат.

Во библиотеките во Свети Николе и Битола има стручни книги и списанија генерално на македонски, англиски, руски, српски и бугарски јазик од областа на економијата, психологијата, на право – политичките науки, хуманистичките науки, техничките науки и голем број на слободна литература.

Книгите во библиотеките во Свети Николе и Битола се достапни за сите студенти и изнајмувањето е бесплатно. Во склоп на библиотеките има читална, која е достапна за сите студенти. Библиотеката овозможува прифатлива околина за самостојно учење на студентите, но и на постдипломците и сите практичари, достапни им се сите најнови научни и стручни изданија и имаат доволен простор за работа.

Библиотеката ги нуди следниве услуги:

- Информации и помош при избор на материјали

- Корисниците на библиотеката можат да позајмат една или повеќе книги или списанија
- Интернет пристап 24/7 до насловите во библиотеките на biblioteka.msu.edu.mk
- Читалната има можности за групна и заедничка работа на студентите како и за дигитални презентации

Работата на библиотеката е регулирана со правилата за употреба на библиотечни фондови и однесување на корисниците на библиотеката.

Во однос на вработените во Библиотеките се води пермаментна обука во однос на библиотекарското работење, за подобра класификација на новодојдените публикации како и зголемената грижа за заштита на зголемениот фонд. Библиотекарите вршат евиденција на примени семинарски работи, есеи, практикуми, работни вежби, дипломски работи и магистерски трудови од страна на студентите за кои се води уредна документација.

Библиотеката е отворена во текот на целата година во работните денови од 08:00 до 15:00 часот.

Во истражувањето, студентите ја оценија оваа служба со позитивна оцена, а генерално се издвојува основната грижа на вработените во оваа служба во поглед на нивната подготвеност да им помогнат во пребарувањето на материјалите кои им се потребни за подготовка на испити, семинарски, дипломски и магистерски трудови.

При самоевалуацијата, комисијата констатира дека има повеќе донации од други фондации од земјата и од странство како и одредени донации од приватни лица. Комисијата е на став дека е неопходно постојано да се збогатува со нови изданинја како од домашни така и од странски автори.

## 7.4 Издавачка дејност

Во рамките на Универзитетот е и издавачката куќа „Меѓународен Центар за Славјанска Просвета" (МЦСП) која е активно вклучена во издавање на материјали, учебници, списанија и друга стручна литература, кои дел се користат и како учебници за Универзитетот.

Издадените материјали им се достапни на сите студенти и можат да ги изнајмат во библиотеките на универзитетот во Свети Николе и Битола или пак да ги купат во книжарниците при МСУ.

МСУ како високообразовн установа делот за научно-истражувачката работа го реализира и со издавање на научни и стручни публикации. Издавачката дејност на Универзитетот и МЦСП е дел од основната дејност. Таа се остварува преку издавање на учебници, научни списанија, зборници од одржани конференции, книжевни дела, и друга литература во печатена и електронска форма.

Универзитетот заедно со МЦСП редовно подготвуваат и издаваат:

- Научни списанија
- Билтен на универзитетот
- Учебници и учебни помагала за студентите
- Електронски книги и скрипти

Издавачката дејност на Универзитетот и МЦСП функционира согласно потребите за обезбедување на литературата за сите циклуси на студии како и со печатење на меѓународни научни списанија. Објавените научни трудови на академскиот кадар на МСУ и нивната застапеност во сите научни области потврдува дека универзитетот има стабилна издавачка дејност.

Научно-истражувачката работа делумно се преклопува со издавачката дејност на Универзитетот и МЦСП која ги опфаќа сопствените изданија на книги, меѓу кои и на меѓународното – научно списание „Меѓународен дијалог: Исток – запад“ кое ги опфаќа научните списанија за:

- Економија, безбедносно инженерство, информатика
- Право и политикологија
- Филозофија, лингвистика, културологија
- Психологија и образование.

Научното списание „Меѓународен дијалог: исток-запад“ е индексирано во EbscoHost, датабазата на научни изданија од 2017 година.

Во текот на последните три години (2016, 2017, 2018) се издадени приближно 30 книги на македонски, руски и англиски јазик. Изданијата не се финансирани од екстерни извори, односно универзитетот и издавачката куќа самостојно ги финансираат сите публикации преку сопствениот буџет.

1. Организациско однесување (основи) – Душан Николовски
2. Управување со квалитет – Лилјана Василева, Бојко Соколовски, Јордан Ѓорчев
3. Академско пишување – Иван Ефремовски
4. Интернационален развоен менаџмент – Шекеринка Ивановска
5. Од душата – Оливера Трајковска
6. Имагинариум – Никола Ристевски
7. Меѓународен дијалог: Исток-запад – научно списание
8. Секреты Славянской письменности – Група автори
9. Исусовите антихристи – Васил Толевски
10. Средношколски размислување – есеи – збирка од повеќе автори
11. Чудесни автомобили – Смарт боенки
12. Принцезата Лиле и нејзините пријатели – Смарт боенки
13. Тајните на подводниот свет – Смарт боенки
14. Легендата за витезите – Смарт боенки
15. Неверојатни морски животни - Смарт боенка
16. Мистеријата на диносаурусите – Смарт боенка
17. Здравствена психологија со психодијагностика – Диана Белевска
18. Револуција - списание
19. Дебар и дебарско низ историјата – Ѓорѓи Илиевски
20. Благослов или проклество – Јован Дамјановски
21. Организациска култура и мотивација на персоналот – теоретски основи и добри практики – Иван Ефремовски
22. Средношколски размислувања 2 – збирка од повеќе автори
23. Методика на наставата по психологија – Ѓорѓина Кимова
24. Економски теории – Јордан Ѓорчев, Лилјана Василева, Бојко Соколовски
25. Детски терапевтски приказни и игри - Ана Чучкова
26. Античка Билазора – Драги Митревски
27. Ancient Bilazora – Dragi Mitrevski
28. За докажувањето, доказите и доказните средства во казнената постапка – Трајко Витанов
29. Законот на дванаесет таблици – Даниела Тошева

# 8. Финансирање

Меѓународниот Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" е приватна високообразовна установа, така што финансирањето е претежно од школарината која студентите ја уплаќаат. Универзитетот исто така има приходи и како овластено лице за безбедност при работа и од одржани обуки, конференции и семинари.

Подолу е прикажан процентуалниот соодност на приходите на универзитетот според изворите. Низ годините се забележува тренд на зголемување на приходите од други извори.

Сепак, универзитетот во изминатите години не бележи приходи од учество во домшни или меѓународни проекти. Но, со приклучување на фамилијата институции кои се дел од Еразмус+ програмата, почнувајќи од 2019 година се очекува процентуалниот соодност промени, поради учество во проекти, студентски и професорски размени и слично.









Менаџментот нема направено никакви промени во однос на висината на школарината на студентите, така што цената за школување е непроменета од самиот почеток на Универзитетот, односно од 2004 година.

Впрочем, се води фер политика кога се во прашање дополнителните трошоци со тоа што однапред се излегува со крајната цена за школување за една година и нема дополнителни скриени трошоци.

## 8.1 Прв циклус

Трошокот за студирање на еден студент за една академска година на Факултетот за Економија и организација на претприемништво, Факултетот за Психологија, Факултетот за Информатика и Факултетот за Правни науки изнесува 61.400 (1000 евра), како и административни трошоци при упис од 1.840 денари (30 евра) или вкупен износ од 63.240 денари (1030 евра) кои може да се плаќаат на 4 рати, при упис 17.190 денари (280 денари) и три еднакви рати по 15.350 денари (250 евра) на секои три месеци (декември, март и јуни) согласно датите кои се прецизирани во договорот за студирање.

Факултетот за Безбедносно инженерство е за 200 евра поскап, односно 1200 евра за годишна школарина.

Други трошоци:

- Пријавување на испит – 10 денари
- Издавање на уверение за положени испити – 600 денари
- Одбрана на дипломска, издавање на уверение за дипломиран студент и изработка на диплома – 10.000 денари
- Загубен индекс и барање за изработка на нов – 200 денари

Бенефиции:

- 10% попуст на школарина доколку сретствата се уплатат при упис на нова година, односно 57.100 денари (930 евра) како краен трошок.
- 20% попуст на школарина доколку студираат два члена од потесното семејство на Универзитетот без разлика дали се работи за прв или втор циклус на студии, односно се плаќа 50.960 денари (830 евра) по студент како краен трошок.
- 30% попуст на школарина доколку студираат два члена од потесното семејство на Универзитетот без разлика дали се работи за прв или втор циклус на студии, а школарината ја плаќаат при самиот упис на годината, односно 44.820 денари (730 евра) по студент како краен трошок.
- Колоквиумите се бесплатни т.е израчунати во самата школарина
- Поголем дел од задолжената литература која е потребна за испитите е достапна на системот за е – учење на веб страната на Универзитетот

- Членството во библиотеката на МСУ е бесплатно
- Протврдите за редовни студенти и друг вид на потврди се бесплатни
- Студентите бесплатно се осигурани во осигурителна компанија во земјава
- Практичната настава е бесплатна

## 8.2 Втор циклус

За едногодишните студии (4+1) на Факултетот за Економија и организација на претприемништво и на Факултетот за Психлогија трошокот за студирање на еден студент изнесува 92.100 денари (1500 евра) како и административни трошоци при упис 1.840 денари (30 евра) или вкупен износ од 93.940 денари (1530 евра) кои се плаќаат на 5 рати, при упис 32.540 денари (530 евра) и четири еднакви рати по 15.350 денари (250 евра) на секои три месеци согласно датите кои се перцизирани во договорот за студирање.

За двегодишните студии (3+2) кои ги има на МСУ на двете студиски групи на Факултеот за Психологија трошокот за студирање за четвртата година на еден студент изнесува идентично како на првиот циклус на студии, односно 61.400 денари (1000 евра), како и административни трошоци при упис 1.840 денари (30 евра) или вкупен износ од 63.240 денари (1030 евра) кои се плаќаат на 4 рати, при упис 17.190 денари (280 евра) и три еднакви рати по 15.350 денари (250 евра) на секои три месеци согласно датите кои се прецизирани во договорот за студирање.

За факултетот за Безбедносно инженерство, годишната школарина изнесува 1700 евра, односно 200 евра поскапо од останатите факултети.

Други трошоци:

- Издавање на уверение за положени испити – 1.000 денари
- Одбрана на магистерски труд, издавање на уверение за магистер на науки, изработка на диплома – 13.300 денари
- Загубен индекс и барање за изработка на нов – 200 денари
- Бенефиции:
- 10% попуст на школарина доколку сретствата се уплатат при упис на нова година

- 20% попуст на школарина доколку студираат два члена од потесното семејство на Универзитетот без разлика дали се работи за прв или втор циклус на студии,
- 30% попуст на школарина доколку студираат два члена од потесното семејство на Универзитетот без разлика дали се работи за прв или втор циклус на студии, а школарината ја плаќаат при самиот упис на годината
- Колоквиумите и испитите се бесплатни т.е израчунати во самата школарина
- Поголем дел од задолжената литература која е потребна за испитите е достапна на системот за е – учење на веб страната на Универзитетот
- Членството во библиотеката на МСУ е бесплатно
- Протврдите за студентите се бесплатни
- Студентите бесплатно се осигурани во две осигурителни компании во земјава
- Практичната настава е бесплатна

# 9. Препораки и заклучоци

Комисијата задолжена за изработка на овој извештај, земајќи ги во предвид сите ресурси со кои располага универзитетот, можностите и капацитети, досегашното искуство и практики, недостатоците и слабостите, споредувајќи ги со претходниот период и фазите низ кој минувал, заеднички ги усвои препораките кои таксативно ќе бидат наброени во оваа точка со една и единствена цел да помогне и да придонесе во зголемување на квалитетот на услугите, подобро функционирање и поголема препознатливост како на домашниот, така и на европскиот и светскиот образовен пазар:

1. Проширувањето на концептуалната соработка со универзитети од Европа покрај одличната корпоративна соработка со универзитет „Г.Р.Државин" од Тамбов, Русија ќе овозможи во блиска иднина повеќе можности и перспективи за младите во нашата земја. Договорот со Економскиот факултет од Универзитетот во Љубљана (Словенија за заедничко спроведување на програмата Бизнис и организација, која беше прогласена помеѓу најдобрите 100 во светот од Financial Times и договорот со универзитетот од Велико Трново „Св. св. Кирил и Методиј" – Р. Бугарија за трет циклус на студии, отвораат исклучително многу можности за студентите кои завршуваат прв т.е. втор циклус на нашиот универзитет.

Комисијата смета дека не е доволно добро презентирана во јавноста можноста и потенцијалот на овие две суштински соработки кои нудат многу можности за македонските студенти и дека треба да се постави посебен акцент на оваа тема во блиска иднина;

2. Во периодот кој следува треба да се интензивира можноста која ја нуди Ерасмус+, соработка со други универзитети со посебен акцент на мобилсност на студентите;

Потребата од промена и моделирање на наставните програми и приближување кон потребите на реалниот сектор е вечна и неисцрпна тема и овој процес не смее да стагнира. Досегашната успешната соработка со компаниите и нивните препораки околу недостатоците во образовниот процес се многу корисни и тимовите кои работаат на наставните програми задолжително треба да ги инкорпорираат овие сугестии кои доаѓаат од терен, што ќе ги направи наставните програми поатрактивни, поцелосни и покорисни за студентите.

3. Со зголемувањето на имотот на универзитетот во Свети Николе и во Битола како и во Велес и Претор се овозможува одличен предуслови за непречено функционира на наставата но и можност за дополнителни активности кои ќе ја надополнат и наставно-научната и истражувачка работа. Сметаме дека треба повеќе акцент во наредниот период да се стави во набавка и опремување на модерна и софистицирана опрема која ќе служи во научно-истражувачката работа, а тоа позитивно ќе се рефлектира и во наставата.

4. Реструктуирањето во административната организацијата во последните две години, значително придонесе во подобрување на амбиентот, подигнување на услугата, квалитетот и ефикасноста на службите кон студентите. Новиот концепт на бројни обуки и едукации на вработените во администрацијата, подмладувањето на тимот, моделот на стимулирање и унапредување вроди со плод, а задоволните вработени позитивно влијаеа врз целокупната клима на универзитетот.

5. Институтот за култура имаше многу впечатливи и препознатливи настани кои ја збогатија културната понуда и програма во нашата земја, а на добар дел од активностите и настаните имаа меѓународен интерес што говори дека на добар пат е оваа институција да прерасне во бренд кој ќе биде препознатлив.

6. Забележан е благ пад во поглед на ангажирање во настава на стручни лица, експерти како надворешни соработници, но, сметаме дека потребата е неминовна и универзитетот треба да обезбеди дополнителни средства да овозможи овој број на предавачи да биде поголем во иднина.

Комисијата предлага итно да се превземат мерки за зголемување на бројот на стручни соработници во наставата.

7. Обемот на ангажман на професорскиот кадар во делот на настава не дозволува многу можности да се стимулира научно-истражувачката работа, па така поголем дел од професорите повеќе се насочени кон теоретскиот дел на сметка на истражувачката работа. Согласно можностите и човечкиот капитал недостигаат проекти со други универзитети од земјава и странство и сметаме дека пресудно ќе биде да се стави посебен акцент на овој сегемент од работата на наставниците кој позитивно ќе се рефлектира врз целокупниот образовен процес. Секако и буџетот за оваа намена треба да се зголеме што ќе стимулира дополнително да се твори и објавува.

8. Конференцискиот центар одлично организациски е поставен и следи и спроведува високи стандарди што се рефлектира врз задоволството на научниците кои ги посетуваат конференциите во организија на универзитетот.

9. Превземањето на поостри мерки во поглед на зголемување на редовноста на предавањата од страна на студентите изминативе две години многу позитивно се рефлектира врз резултатите од образовниот процес и сметаме дека оваа политика на универзитетот не треба да се менува.

10. Промената на традиционалниот концепт на стипендии (тестови) ја разбранува академската средина, но храбриот чекор и аналитичноста во подготовките на промената на концептот се испостави дека како модел е многу поатрактивен со вметнувањето на логички задачи и нуди подобра детекција на квалитет кај кандидатите кои се пријавуваат за добивање на тандем стипендиите.

11. Перманентното вложување во спортските активности конечно донесе и видливи и мерливи резултати како во Универзитетската лига, така и на другите натпреварувања. Радува фактот што преку рекреативниот спорт се поголем е интересот на новите студенти да се вклучат во овоие студентски активности. Сметаме дека треба да се продолжи со континуирано вложување и во иднина како би се задржале и би се зголемиле спортските резултати на различните екипи.

12. Системот за менторирање е револуција во македонскиот образовен систем и истиот во многу краток временески период донесе многу позитивен впечаток, олеснувајќи ја значително комуникацијата со студентите, двонасочниот трансфер на информации што го прави универзитетот уште пожив и повеќе во дослух со своите студенти.

13. Летните школи и неколкуте фестивали се покажаа како исклучително атрактивни активности за студентите, со значителна вклученост што радува и поттикнува да се прошири бројот на вакви настани кои се значајни за социјализација на студентите и размената на искуства со нивните врсници од различни земји од Европа и Азија.

13. Центарот за кариера и алумни клубот се алатки кои се оценети како корисни и допадливи на најголем дел од активните, но и дипломираните студенти. Вклучувајќи ги и други Е-платформи и користење на модерните технологии во олеснување на образовниот процес го прави универзитетот многу подостапен за своите студенти.

Комисија за самоевалуација

1. проф. д-р Шеќеринка Ивановска – претседател
2. проф. д-р Александар Илиевски – член
3. проф. д-р Кети Несторовска Арсовска – член
4. доц. ф-р Јагода Митревска – член
5. доц. д-р Ѓорѓина Кимова - член
6. Адриано Панајотов – студент
7. Ивана Христовска – студент